**Народна банка на Република Македонија**

# Квартален извештај

април, 2008 година

# С О Д Р Ж И Н А


| | |
|---|---|
| **I. Макроекономски движења** | **3** |
| 1.1. Меѓународно економско окружување | **3** |
| 1.2. Економска активност | **7** |
| Домашна понуда | 7 |
| Домашна побарувачка | 13 |
| 1.3. Вработеност и плати | 16 |
| 1.4. Биланс на плаќања | 21 |
| 1.5. Инфлација | 29 |
| **II. Монетарна политика** | **36** |
| 2.1. Монетарни и кредитни агрегати | 41 |
| 2.2. Каматни стапки | 49 |
| **III. Јавни финансии** | **55** |
| **IV. Пазар на капитал** | **59** |
| **Статистички прилог** | **66** |


* Кварталниот извештај содржи анализа на макроекономските движења главно во четвртиот квартал на 2007 година и расположливите податоци за движењата во првиот квартал на 2008 година.

## I. Макроекономски движења

Повисоката стапка на економски раст во четвртиот квартал на 2007 година во однос на претходните два квартала, е резултат на поинтензивната индустриска активност, при непроменет тренд кај услужните сектори, кои и натаму најмногу придонесуваат за вкупниот раст на економијата. Високата стапка на пораст на индустријата во првиот квартал на 2008 година, чиј главен генератор е преработувачката индустрија, сигнализира континуитет во економскиот раст. И покрај силните остварувања на металопреработувачката индустрија и нејзината извозна ориентација, сепак во услови на висока увозна зависност на производството, зголемен увоз на инвестициски стоки и раст на цените на енергентите на светските берзи, дојде до забрзано продлабочување на трговскиот дефицит. Зголемениот трговски дефицит и значително намалените приливи на девизниот пазар од менувачкото работење, во услови на сè поголема неизвесност во регионот, придонесоа за остварување дефицит во тековната сметка на платниот биланс во последниот квартал на 2007 година.

Во последното тримесечје на 2007 година инфлацијата беше интензивирана, под влијание на забрзан раст кај цените на храната, што доведе до остварување највисока годишна стапка на инфлација во споредба со претходните квартали од годината. Инфлациските притисоци продолжија и во првиот квартал на 2008 година, генерирани, главно, од натамошното поскапување на храната и рекордното зголемување на цената на нафтата на светските берзи. Со оглед на придвижувањето и кај базичната инфлација, во февруари и март 2008 година НБРМ презеде мерки за стабилизирање на инфлациските очекувања во економијата. Заедно со очекувањата за стабилизирање на растот на цените на храната, тоа треба да доведе до постепено забавување на стапката на раст на цените во економијата.

### 1.1. Меѓународно економско окружување[1]

***Кризата на финансиските пазари во САД и натаму претставува главен фактор на ризик за глобалниот раст на кус рок***

По силниот раст во текот на третиот квартал на 2007 година, неизвесноста креирана од финансиските турбуленции (кризата на пазарот на ризични хипотекарни кредити "subprime mortgage" и влошувањето на билансите на банките во САД) придонесоа за забавување на глобалната економска експанзија во последното тримесечје од годината. Проценетиот глобален раст за 2007 година изнесува 4,9% и исклучиво го одразува растот на брзорастечките економии, неутрализирајќи го забавениот раст во САД и Западна Европа. Брзорастечките економии, пред сè Кина и Индија, се карактеризираат со висока домашна побарувачка, дисциплинирана макроекономска политика, како и висок извоз поради повисоките цени на храната и енергијата. За 2008 година, проекцијата за глобалниот раст укажува на побавно интензивирање, кое се очекува да изнесува 4,1%. Главен ризик на глобалниот економски раст и натаму претставува континуираната криза на финансиските пазари,

[1] Анализата во најголем дел се темели врз ММФ - Светски економски преглед (WEO) октомври, 2007 година; Месечен извештај на ЕЦБ (ECB Monthly Reports), ЕУРОСТАТ и Европска комисија, Генерален директорат за економски и финансиски прашања, земји-кандидати и потенцијални кандидати, квартално (European Commission D-G for Economic and Financial Affairs, Candidate and Pre-accession Countries' Economies Quarterly), јануари и април 2008.

којашто ја редуцира домашната побарувачка во развиените економии и може да креира позначајни прелевања кај брзорастечките економии и во земјите во развој.

*Забавен економски раст во ЕУ во последниот квартал на 2007 година*

Забрзаниот раст на извозот, како и порастот на инвестициите овозможија пораст на БДП во евро-зоната во третиот квартал на 2007 година, споредено со истиот квартал од претходната година, од 2,7% и во ЕУ, од 3%. Анализирано според производната страна, порастот на БДП е генериран од порастот на финансиските услуги и деловните активности, од зголеменото индустриско производство, како и од порастот на трговијата. Според проценките на ЕУРОСТАТ, во последното тримесечје на годината реалниот раст на БДП во евро-зоната на годишно ниво бележи забавување и се очекува да изнесува 2,3%. Ваков тренд следи и странската ефективна побарувачка[2], која претставува можен показател за извозната побарувачка на македонски производи. За цела 2007 година, економскиот раст во евро-зоната и ЕУ најверојатно ќе изнесува 2,7% и 2,9%, соодветно.

Графикон 1
Странска ефективна побарувачка




*Проекција.
Извор: ЕУРОСТАТ, „Консензус форкаст“ (Consensus Forecast) и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

И покрај забавениот економски раст, евро-зоната бележи континуирано намалување на стапката на невработеност. Така, во последниот квартал од годината е регистрирана историска најниска стапка на невработеност во евро-зоната од 7,2%[3], која во споредба со истото тримесечје од претходната година е пониска за 0,7 процентни поени (во ЕУ изнесува 6,9%). За разлика од евро-зоната, САД и Јапонија имаат пониска стапка на невработеност и во последниот квартал од годината таа изнесуваше 4,8% и 3,9%, соодветно.

[2] Странската ефективна побарувачка е пресметана како збир од пондерираните индекси на бруто домашниот производ на најзначајните трговски партнери на Република Македонија. Пондерите се пресметани врз основа на учеството на овие земји во македонскиот извоз. Податоците за бруто домашниот производ за земјите-трговски партнери на Македонија се од базата на податоци на ЕУРОСТАТ (New Cronos database), со исклучок на податоците за четвртиот квартал за Белгија и Италија, кои се од публикацијата „Консензус форкаст“, (Consensus Forecast) февруари 2008. Во пресметката на индексот се вклучени Германија, Грција, Италија, Холандија, Белгија и Шпанија.
[3] Стапката на невработеност е прилагодена на сезонските влијанија. Извор: ЕУРОСТАТ, декември 2007година.

*Натамошни инфлаторни притисоци од порастот на цените на енергијата и на храната во евро-зоната*

Повисоките цени на нафтата и на прехранбените производи, комбинирани со неповолната споредбена основа во последниот квартал од годината ја интензивираа годишната стапка на инфлација во евро-зоната, која изнесува 2,9%. Во текот на целата 2007 година, просечната инфлација се задржа на нивото од 2,1% и е околу таргетот. Ваквото движење на просечната инфлација главно се должи на повисоките цени на храната и на енергијата (нафтата за домаќинство и горивата). Базичната стапка на инфлација, која го исклучува влијанието на непреработената храна и енергијата, во последното тримесечје од годината бележи пораст (во просек изнесува 2,2%), што произлегува од порастот на услугите, на неенергетските индустриски добра, како и на преработената храна. Забрзаниот глобален пораст на цените на храната и континуираниот пораст на цените на нафтата, како и неповолните базни ефекти (поради ниското ниво на цените на нафтата од претходната година) континуирано ја интензивираа инфлацијата во првиот квартал на 2008 година[4], која достигна рекордно годишно ниво од 3,3%. Според најновите проекции на ЕЦБ, стапката на инфлација во евро-зоната во 2008 година би изнесувала помеѓу 2,6% и 3,2%.[5]

Графикон 2
Придонес на одделните категории од хармонизираниот индекс на потрошувачките цени во евро-зоната за годишната стапка на инфлација во четвртиот квартал на 2007 година
(придонеси во п.п.)




Извор: ЕУРОСТАТ и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

Имајќи ги предвид глобалните економски движења, во последното трмесечје од годината, просечниот номинален девизен курс САД долар/евро изнесуваше рекордни 1,45, при што еврото апрецира за 5,4% во однос на доларот во споредба со третиот квартал од годината. Како главни фактори кои придонесоа за апрецијација на еврото претставуваат континуираните турбуленции на финансиските пазари, слабите остварувања на пазарот на недвижности, како и слабите макроекономски перформанси на економијата на САД и намалувањето на референтната каматна стапка на ФЕД. Исто така, дополнително влијание за апрецијација на еврото имаше и стабилниот економски раст во рамки на земјите од евро-зоната.

[4] Во пресметката за кварталот, податокот за инфлацијата во март 2008 година е проценка од ЕУРОСТАТ.
[5] Извор: Билтен на Европската централна банка, март 2008 година.

***Континуирани позитивни движења во земјите од регионот***

Високиот економски раст кај земјите од Западен Балкан[6] се задржа и во текот на третиот и четвртиот квартал на 2007 година, со просечна реална стапка на раст на БДП од 5,5% и 5,3%, соодветно. Се очекува високите и стабилни стапки на раст да се задржат и во првиот квартал на 2008 година, одразувајќи го интензивирањето на индустриското производство и извозот во јануари и февруари кај сите земји од групата. Забрзаниот глобален тренд на пораст на цените на храната и нафтата ги погоди и балканските земји, кај кои беа забележани посериозни инфлаторни притисоци во последниот квартал од годината. Притоа, интензивирањето на годишните стапки на инфлација беше најизразено во Босна и Херцеговина, Србија, Македонија и во Црна Гора. Зголемувањето на инфлацијата продолжи и во првите два месеца на 2008 година кај сите земји од регионот, како резултат на ниската споредбена основа. На пазарот на работна сила, во текот на третиот квартал од годината беа регистрирани поволни поместувања, речиси кај сите земји од регионот, при пад на стапката на невработеност и значително зголемување на платите. Ваквите движења главно се задржаа и во текот на последниот квартал од годината, со исклучок на малиот пораст на невработеноста кај неколку земји.

***Рекорден пораст на светските цени на суровата нафта***

Во текот на последното тримесечје од годината, цените на суровата нафта на светските берзи достигнаа највисок историски пораст. Така, во однос на претходниот квартал цените на суровата нафта се зголемија за 19,1%, додека во однос на истиот квартал од претходната година, тие се повисоки за 48,4% поради ниската споредбена основа. Ваквиот пораст на цените на суровата нафта е последица на ограничувањето на понудата од страна на ОПЕК, силната побарувачка од страна на брзорастечките економии, како и геополитичките тензии во земјите-производувачи на нафта. Дополнително влијание врз порастот на цените имаше и слабиот САД-долар во однос на еврото. Високото ниво на цената на нафтата од типот „брент“ се задржа и во текот на првиот квартал на 2008 година, кога забележа рекорден годишен пораст од 67,8% и во просек изнесуваше 97 САД-долари за барел. Порастот на цената главно произлегува од цврстата непроменета политика на ОПЕК и на лимитираниот пораст на понудата, како и од политичките тензии што преовладуваа во Јужна Америка, главно во земјите кои се членки на ОПЕК.

---

[6] При пресметување на просечната стапка на раст на БДП се земени предвид следните земји од Западен Балкан: Република Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора и дополнително, Турција. Извор: Европска комисија, Генерален директорат за економски и финансиски прашања, земји-кандидати и потенцијални кандидати, квартално (European Commission D-G for Economic and Financial Affairs, Candidate and Pre-accession Countries' Economies Quarterly), јануари и април 2008 година.

Графикон 3
Движење на индексот на светските цени на примарните производи и суровата нафта
(просечен месечен ценовен индекс, 2005=100)




* Ценовниот индекс на металите претставува пондериран просек од спот-цените на бакарот, алуминиумот, железната руда, лимот, никелот, цинкот, оловото и ураниумот.
** Спот-цената на суровата нафта претставува просек од следните видови нафта: „дејтид брент", „вест Тексас интермедиеит" и „Дубаи фатех" (Dated Brent , West Texas Intermediate и Dubai Fateh).
Извор: ММФ, база на податоци на Светски економски преглед на ММФ, март 2008 година.

Цените на примарните производи на светските берзи продолжија да се зголемуваат и во текот на последниот квартал од годината, кога забележаа номинален годишен пораст од 9,5%. Ваквиот тренд на пораст на цените на примарните производи во најголема мера е предизвикан од порастот на цените на храната и пијалаците, како и од зголемувањето на цените на суровите земјоделски производи, главно како резултат на високата побарувачка и недоволните залихи. Од друга страна, агрегатниот индекс на цените на металите бележи благ годишен пад, поради забавениот економски раст на земјите на ОЕЦД. Така, годишен пад на цените на металите е регистриран кај алуминиумот, никелот и цинкот, додека пораст имаат цените на железната руда, оловото и лимот. За разлика од последниот квартал на 2007 година, во првите два месеца на 2008 година кај агрегатниот индекс на цените на металите е регистриран годишен пораст од 7,1% како резултат на интензивниот пораст на цените на железната руда, оловото и бакарот.

## 1.2. Економска активност

### *Домашна понуда*

***Услужниот сектор и понатаму со најголем придонес кон вкупниот пораст***

Движењата на страната на понудата во третиот квартал на 2007 година во голема мера наликуваа на оние од вториот квартал. Така, годишната стапка на економски раст достигна 4,2% и е речиси идентична со растот во второто тримесечје. При повторно заживување на индустриската активност, растот беше релативизиран од движењата кај земјоделството, каде неповолните временски услови доведоа до намалување на активноста од 5,4%. Од друга страна, трговијата, комуникациите и финансиското посредување продолжија

со позитивните динамики и креираа дури четири петтини од вкупниот раст.

Повторното зголемување на активноста на крајот на 2007 година, по малото забавување во вториот и третиот квартал, резултира во пораст на бруто домашниот производ во четвртото тримесечје од 5,2%. При непроменет тренд кај услужните сектори, повисоката стапка на раст е резултат на заживеаната индустриска активност, која забележа годишен пораст од 6,2%. Во исто време, ефектите од неповолните временски услови врз земјоделството дополнително се интензивираа, при што активноста кај овој сектор забележа рекорден годишен пад во последните шест години од 11,1%.

Графикон 4
Придонес на поодделните сектори во растот на БДП
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.

Согласно со официјалната проценка на ДЗС, во 2007 година е остварен реален раст на БДП од 5,1%, што е во рамките на очекувањата. Притоа, пониските остварувања на индустријата (особено во вториот и третиот квартал) и на земјоделството (во двата последни квартала од годината) се компензирани со поинтензивниот раст на услужните сектори во економијата.

Значително повисокиот, во споредба со минатите години, придонес на услугите кон растот на БДП, кој во текот на 2007 година се движи околу 3-4 процентни поени, укажува на позитивни квалитативни промени во економијата. Иако дел од промените се должи на либерализацијата на телекомуникацискиот пазар и последователното зголемено користење на телекомуникациските услуги, подобрувањата првенствено се одраз на интензивираната лична потрошувачка. Остварувањата на македонската економија, сепак, и покрај динамичниот раст на услужните сектори, остануваат првенствено детерминирани од примарниот и секундарниот сектор. Овие сектори не само што заостануваат според растот зад услугите, туку се и многу поваријабилни, што условува варијабилност и на вкупниот бруто домашен производ.

Графикон 5
Придонес на секторите во растот на БДП (процентни поени) и реален раст на БДП (во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

***Повторно заживување на индустриската активност на крајот од годината***

Интензивниот раст кај *трговијата*, присутен цела година, продолжи и во четвртиот квартал, кога додадената вредност во овој сектор забележа пораст од 15,6%, со што вкупниот пораст во 2007 достигна 14,1%. Засилената активност кај секторот кој во 2007 година најмногу придонесе кон економскиот раст, е во согласност со согледувањата на менаџерите за деловната состојба во секторот[7], која според нив е многу подобрена во споредба со минатата година. Очекувањата за бизнис-климата во иднина се значително повисоки од пред една година, што упатува на очекувања за продолжување на растот кај трговијата. Потврда дека зголемената понуда во оваа дејност е последица на зголемената побарувачка (пред сè, личната потрошувачка), е намаленото значење на побарувачката како ограничувачки фактор.

Графикон 6
Состојба во трговијата - согледувања на менаџерите и реализиран промет




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

[7] Анкета за деловни тенденции во трговијата, ДЗС.

Високиот раст во четвртиот квартал, сепак, најмногу е предизвикан од порастот кај секторот со најголемо учество во БДП - *индустријата*, која во четвртиот квартал расте со стапка од 6,2%, резултирајќи со пораст за цела 2007 година од 3,7%. При минимални стапки на пад кај рударството и енергетскиот сектор, порастот е условен од преработувачката индустрија, која повторно интензивно расте како резултат на зголемената активност во метало-преработувачката индустрија, индустријата за основни метали, прехранбената и тутунската индустрија. Падот кај индустријата за облека продолжува и во четвртиот квартал, а намален обем имаат и индустријата за неметални минерали и нафтената индустрија.

Графикон 7
Придонеси на најголемите индустрии од преработувачкиот сектор кон порастот на индустриското производство во 2007 година
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ. Презентираните осум индустриски гранки создаваат 64% од индустриското производство, а се подредени според индивидуалните учества.

Во четвртиот квартал се регистрирани повисоки стапки на раст од вообичаените и кај *градежништвото*, сектор кој го зголемува продуктивниот потенцијал на економијата и е од исклучително значење за долгорочниот раст. Во таа смисла, додадената вредност во градежништвото во четвртото тримесечје на годишна основа бележи пораст од 7,8%, со што вкупниот пораст за 2007 година достигна 5,8%. Подобрувањата и во овој сектор се во согласност со оценките на менаџерите за подобрена деловна состојба[8] и можат да се припишат на зголемената побарувачка, на што упатува и намаленото значење на недоволната побарувачка како ограничувачки фактор. Зголемената побарувачка во еден дел ги одразува повисоките капитални инвестиции од страна на државата, иако ефектите од државните капитални инвестиции од крајот на 2007 година во целост ќе се почувствуваат во 2008 година. Оттука, може да се очекуваат повисоки стапки на раст кај градежништвото во наредните периоди. Паралелно со интензивираната градежна активност во земјата, продолжува експанзијата на градежната активност на македонските претпријатија и во странство, пред сè на пазарите во Украина, Хрватска, Русија и во Србија. Така, во четвртиот квартал, градежните работи извршени во странство бележат годишен пораст за 2,4 пати, а за цела 2007 година

[8] ДЗС, Анкета за деловни тенденции во градежништвото.

вредноста на извршените градежни работи во странство е двојно повисока од соодветната за 2006 година.

*Сигнали за продолжување на растот и во 2008*

За првиот квартал на 2008 година е проектиран раст на БДП од околу 4%. Врз основа на расположливите податоци коишто се однесуваат на индустриското производство за јануари и февруари, може да се очекува остварување на проекцијата. Така, во првите два месеца од 2008 година, обемот на индустриското производство е повисок во споредба со соодветниот период од претходната година за 10%. Генератор на растот е преработувачката индустрија, а позитивни придонеси имаат и рударството и енергетскиот сектор. Порастот кај преработувачката индустрија е предизвикан од растот кај индустријата за основни метали, тутунската, металопреработувачката, индустријата за електрични машини и апарати и рециклажата, како и кај осум други индустрии, а намалено производство имаат само седум индустрии, меѓу кои најголемо е она во индустријата за облека. Остварената стапка на раст на индустријата засега ја надминува проектираната стапка за првиот квартал, но треба да се има предвид ефектот на временско поместување на откупот на тутунот и неговата преработка во текот на кварталот (пониска споредбена основа во првите два месеца од минатата година).

Графикон 8
Придонеси на најзначајните сектори кон порастот на индустриското производство во првите два месеца на 2008 година
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

Движењата кај очекувањата за идно производство од Анкетата за деловни тенденции во преработувачката индустрија и обемот на индустриско производство се совпаѓаат. Со оглед на тоа што очекувањата се значително поголеми во споредба со оние од пред една година, се очекува позитивните промени кај индустријата да продолжат. Сепак, врз основа на динамиката, за наредниот период може да се очекува мало забавување на растот кај индустриското производство. На вакви заклучоци упатуваат и оценките на менаџерите за тековната деловна состојба, кои исто така бележат пад.

Графикон 9
Индустриско производство, очекувања за идното производство  и оценка на тековната состојба




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во согласност со интензивираната економска активност расте и вредноста на трансакциите во платниот промет. Така, во четвртиот квартал платниот промет расте со слична стапка како во третиот квартал (40,5%). Годишната стапка на раст во првото тримесечје на 2008 година е пониска и изнесува 34,1%, што упатува на евентуално мало забавување на растот на економската активност во првиот квартал на 2008 година.

Графикон 10
Платен промет и БДП
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија и Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во второто тримесечје на 2008 година се очекува натамошно засилување на економскиот раст (проектирана е реална стапка на раст на БДП од околу 5%). Како ограничувачки фактор во однос на растот на домашната економија, може да се јават ревизии на глобалниот светски раст во надолна насока, што имплицитно значи намалена надворешна побарувачка на домашни производи, што може да има сериозни последици по растот на малите и отворени економии.

## *Домашна побарувачка*[9]

***Интензивирање на домашната побарувачка во третиот и четвртиот квартал на годината...***

Најновите податоци за расходната страна на БДП[10] ја потврдија прогнозата за зголемување на агрегатната побарувачка во последните два квартала на 2007 година. Во комбинација со фактори на страната на понудата, кои се подоминантни, тоа придонесе за раст на инфлацијата во македонската економија. Воедно, значителниот раст на личната потрошувачка и заживувањето на приватната и јавната инвестициска потрошувачка креираа притисоци и во надворешниот сектор, каде во третиот квартал и особено во четвртот квартал на годината, е забележано значително проширување на трговскиот дефицит.

Графикон 11
Апсорпција, дефицит во надворешната трговија и БДП
(во милиони денари)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

***...при доминација на личната потрошувачка...***

Домашната побарувачка главно е предводена од финалната потрошувачка и покрај засилената инвестициска потрошувачка. Така, во третиот и четвртиот квартал на 2007 година финалната потрошувачка номинално растеше со стапки од 10% и 16% (на годишна основа, соодветно) како резултат на интензивната лична потрошувачка и растот на јавната потрошувачка. Динамиката на личната потрошувачка во последните два квартала се рефлектира со реализација на висок промет во трговијата на мало (стапки на годишен раст од 16% и 19%, соодветно) и зголемен увоз на стоки за широка потрошувачка (стапки на годишен раст од 19% и од 34%, соодветно). Во согласност со наведените движења, во третиот и четвртиот квартал на годината нивото на приходи од ДДВ годишно се зголеми за 25% и за 16%, соодветно.

---

[9] Во отсуство на комплетни податоци за расходната страна на бруто домашниот производ, анализата на домашната побарувачка во голем дел е заснована врз пресметки од страна на НБРМ.

[10] Од март 2008 година, Државниот завод за статистика за прв пат започна со објавување податоци за генералните расходни агрегати на БДП на квартална основа. Податоците се однесуваат на финалната потрошувачка, бруто-инвестициите, извозот и увозот на стоки и услуги за 2006 и 2007 година и ја опфаќаат кварталната дистрибуција и годишните нивоа, при што сè уште не се објавени податоци за личната потрошувачка, а во новата структура на податоците недостасуваат податоци за јавната потрошувачка и инвестициите во машини и опрема. Досегашните оцени се базираа врз следење одделни индикативни варијабли, коишто ја отсликуваа динамиката на трошењето на БДП.

Графикон 12
Индикативни категории за личната потрошувачка
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.

Личната потрошувачка беше поддржана од порастот на нето-масата на плати во економијата, која во третиот и четвртиот квартал на годината од 2007 година забележа годишен номинален раст од 9% и 12%, соодветно. Истовремено, пензиите во последните два квартала на годината забележаа годишна стапка на раст од 3,2%, додека приливите од приватните трансфери во третиот квартал се зголемија за 10% на годишна основа, иако во последното тримесечје влегоа во зоната на негативни стапки на раст (пад од 12%). Сепак, имајќи предвид дека личната потрошувачка е условена од сегашната вредност на очекуваниот доход, голем дел од порастот на личната потрошувачка може да се должи и на очекувањата на домаќинствата за повисоки пензии и плати во јавната администрација. Од друга страна, очекувањата за стабилно и повисоко ниво на доход, се одразуваат во растот на задолжувањето на населението, кое во последните два квартала на годината расте со годишни стапки од 60% и 62%, соодветно.

Графикон 13
Извори на финансирање на личната потрошувачка
(годишни промени, во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија и Државен завод за статистика.

Умерената динамика на јавната потрошувачка од почетокот на 2007 година беше интензивирана во третиот квартал, кога е регистрирана стапка на годишен раст од 12%. Во последниот квартал на годината, во согласност со одлуката за пораст на платите во јавната администрација (за 10% од октомври 2007 година) и повисоките

трошења за стоки и услуги, јавната потрошувачка се оценува дека има позабрзан раст (околу 19%).

Графикон 14
Јавна потрошувачка и трошоци за плати и стоки и услуги
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии. Направена е проценка за јавната потрошувачка во кв.4 од 2007 година.

*...и заживување на инвестициската активност*

Во втората половина на 2007 година, паралелно со личната потрошувачка и инвестициската потрошувачка забележа интензивирање. Така, бруто-инвестициите номинално растеа со стапки од 24% и 52% во третиот и четвртиот квартал на годината. Ваквата динамика соодветствува со динамиката на инвестициите во машини и опрема, кои во третиот квартал на годината забележаа годишен раст од 38% (последен расположлив податок). Зголемените притисоци на инвестициската потрошувачка се одразија врз домашното производство на капитални производи, кое во последните два квартала бележи идентична стапка на годишен раст од 28%.

Графикон 15
Инвестиции во машини и опрема и увоз на средства за работа
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Покрај инвестициите во машини и опрема, и индикаторите за градежни активности укажуваат на продолжување на позитивните тенденции. Така, во третиот и четвртиот квартал од годината додадената вредност во градежништвото забележа реален годишен раст од 5,5% и 7,8%, соодветно. Повисокото ниво на државните капитални расходи за изградба на станбени и спортски објекти и набавка на други фиксни средства во последниот квартал на годината (за 3 пати во споредба со истиот квартал од претходната година), ја сигнализира започнатата инвестициска активност на државата и

воедно укажува на нејзино интензивирање во 2008 година. Истовремено, силната побарувачка на банкарски кредити од страна на фирмите и на крајот на 2007 и на почетокот на 2008 година укажува на зголемена побарувачка на капитал и на поинтензивна економска активност.

Графикон 16
Државни капитални инвестиции и извршени градежни работи
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.

Од наведените оценки за движењата на одделните компоненти на БДП, може да се констатира дека домашната потрошувачка, освен од личната потрошувачка, е зголемена и од засилената инвестициска активност и јавната потрошувачка. Во услови на ограничено домашно производство, ваквите притисоци условуваат пораст на увозот и продлабочување на дефицитот на трговската сметка. Имајќи го предвид значењето на инвестициската потрошувачка за зголемувањето на конкурентноста на економијата на среден рок и постигнувањето повисок и одржлив економски раст, притисокот врз увозот креиран преку овој канал е од привремен карактер. Сепак, податоците од почетокот на 2008 година укажуваат на натамошно интензивирање на личната потрошувачка. Така, во првите два месеца од годината, приходите од ДДВ во државниот буџет во однос на истиот период од 2007 година се повисоки за 23%, што укажува на влијанието на личната потрошувачка во остварувањето висок промет во трговијата на мало, но при значаен ценовен ефект заради зголемените цени. Воедно, активната банкарска поддршка на домаќинствата продолжува и во текот на првите два месеца. Следствено, потребно е внимателно следење на стапката на забрзување на личната потрошувачка и нејзините ефекти во економијата.

## 1.3. Вработеност и плати

Поволното економско окружување и интензивираната економска активност условија понатамошно подобрување на состојбата на пазарот на труд. Така, во последната половина од годината е забележан истовремен пораст на понудата и на побарувачката на труд. Поинтензивниот пораст на бројот на вработени лица, како индикатор за побарувачката на работна сила во третиот и четвртиот квартал на 2007 година наспроти порастот на вкупната работна сила, како индикатор за понудата, укажува на постепено намалување на постојниот јаз помеѓу бројот на работни места и расположливата работна сила во економијата.

Графикон 17
Број на вработени лица и вкупна работна сила (активно население)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Зголемената економска активност во услужниот сектор во третиот квартал на 2007 година услови насочување на побарувачката на труд кон овој сектор. Бројот на вработените во услужниот сектор се зголеми за 12,3%, на годишна основа, додека во индустријата (со исклучок на преработувачката индустрија), земјоделството и градежништвото е регистриран намален број на вработени лица. Наспроти ваквите движења, во последното тримесечје од годината бројот на вработени лица бележи умерен годишен пораст во сите сектори на економијата, при најинтензивен пораст во рударството (22,5%) и во комуникациите (15,8%). Умерено зголемување е забележано во земјоделството, преработувачката индустрија, во дејноста снабдување со електрична, енергија, гас и вода, градежништвото и во најголем дел во услужните дејности.

Графикон 18
Годишни стапки на раст на вработените лица по сектори
(во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Поинтензивниот пораст на вработените лица и минималното зголемување на работоспособното население условија годишен пораст на стапката на вработеност, при истовремен пад на стапката на невработеност. Така, во третиот квартал, стапката на вработеност (36,7%) се зголеми за 1,1 процентен поен, при пад на стапката на невработеност од 1,7 процентни поени (34,2%). Ваквиот тренд е карактеристичен и за последното тримесечје од годината, иако со забавена динамика. Имено, стапката на вработеност е повисока за 0,7

процентни поени (36,4%) на годишна основа, додека стапката на невработеност се намали за 1,2 процентни поена (34,7%).

Графикон 19
Стапка на вработеност и невработеност
(во %)




Графикон 20
Приливи и одливи од невработеноста
(лица)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Агенција за вработување на Република Македонија.

Во последниот квартал на 2007 година на пазарот на работна сила, беше забележан значителен пораст на просечните исплатени плати. Така, номиналните исплатени нето и бруто-плати[11] се зголемија за 11,8%, односно за 9,1% на годишна основа. Доколку се изолира ефектот на инфлацијата, остварениот реален пораст изнесува 7% кај нето-платите и 4% кај бруто-платите. Зголемувањето на платите главно произлегува од зголемените плати во државниот сектор согласно со порастот на платите во јавната администрација за 10% од октомври.

Графикон 21
Просечна исплатена бруто и нето-плата и стапка на инфлација
(годишни номинални промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Раст на просечните плати е забележан во сите дејности од економијата, со исклучок на рибарството, при најинтензивен пораст во дејностите кои според сопственичката структура се главно дел од јавниот сектор. Така, номиналните нето-плати се зголемија за 14,1% во јавната управа и одбрана, за 14% во образованието и за 16,9% во здравството. Сепак, порастот на платите во јавниот сектор е проследен со пораст на платите и во приватниот сектор, пред сè во

[11] Извор: Државен завод за статистика. Вкупните исплатени бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси (за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување и за водостопанство).

преработувачката индустрија, градежништвото, финансиското посредување и во дејноста активности со недвижен имот. Слични движења може да се забележат и од секторската анализа на бруто-платите.

Во јануари 2008 година, номиналните нето и бруто-плати на годишна основа се зголемија за 12%, односно 10,2%, соодветно, што главно го одразува ефектот од пониската споредбена основа. Помалиот пораст на бруто-платата го одразува намаленото оданочување на доходот од почетокот на годината. Реалниот пораст на платите, во услови на поинтензивно зголемување на ценовното ниво е значително понизок, односно 3,1% кај нето-платите и 1,4% кај бруто-платите. Од друга страна, до крајот на 2008 година се очекува повторно засилување на порастот, согласно со најавеното дополнителното зголемување на платите во јавната администрација (за 10% во последниот квартал на годината). Во јануари 2008 година, како и во претходниот период, исплатените плати бележат пораст во сите економски сектори, со исклучок на рибарството. Значаен пораст на платите е забележан во јавниот сектор (јавна управа и одбрана, образование и здравство и социјална работа), од една страна и во земјоделството, преработувачка индустрија, градежништвото и во дејноста активности со недвижен имот, од друга страна.

Графикон 22
Годишни промени во просечната исплатена нето-плата по сектори
(во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Продуктивноста на трудот, во услови на поинтензивен пораст на бруто домашниот производ во однос на порастот на вработени лица, се зголеми за 1,2% во третиот квартал и за 3,4% во четвртиот квартал на 2007 година. И покрај изразениот пораст на платите, растот на продуктивноста услови умерен ефект врз трошоците по единица труд. Така, трошоците по единица труд на годишна основа се речиси непроменети (доколку се користи индексот на потрошувачки цени како дефлатор за пресметка на реалните плати), односно се повисоки за 1,9% во третиот квартал и за 1,4% во четвртиот квартал на 2007 година (со примена на индексот на производствени цени како дефлатор).

Графикон 23
Продуктивност
(индекси, база просек 2004)




Графикон 24
Трошоци по единица труд
(индекси, база просек 2004)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, пресметки и анализи на Народна банка на Република Македонија.

**Прилог 1**

**Анализа на вработеноста и платите по сектори во периодот 2001-2006**

Традиционално, пазарот на труд во Република Македонија се карактеризира со пониска побарувачка во однос на понуда на работна сила и следствено, со висока стапка на невработеност. Од друга страна, исплатените номинални нето-плати во економијата имаат растечки тренд. Целта на оваа анализа е да се согледаат движењата на вработените, како индикатор за побарувачката на труд и на платите, како индикатор за цената на трудот во одделните сектори во економијата.

Секторската анализа на побарувачката на трудот укажува на континуиран пораст на побарувачката на труд насочена кон услужниот сектор и следствено, пораст на неговото учество во вкупниот број на вработени лица од 40% во 2001 година, на 47% во 2006 година. Ваквото движење на вработените беше проследено со пораст на платите, како и со пораст на додадената вредност во услужните дејности. Интензивниот пораст на додадената вредност од 19%, во однос на почетокот на периодот, доведе до пораст на продуктивноста во овој сектор, и покрај регистрираното зголемување на бројот на вработените лица и на платите. Слични движења на оние во услужниот сектор може да се забележат и во градежништвото. И во овој сектор, паралелно со зголемувањето на вработеноста, е забележан пораст на платите и на додадената вредност, што доведува до пораст на нејзиното учество во бруто домашниот производ.

Графикон 25
Учество на секторите во вработеноста
(во %)




Графикон 26
Просечна плата по сектори
(во денари)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, пресметки и анализи на Народна банка на Република Македонија.

Порастот на просечните номинални нето-плати е карактеристичен и за земјоделскиот и индустрискиот сектор и тоа со поголем интензитет во однос на услужниот сектор. Забележителниот пораст на платите во индустријата во 2006 година произлегува од зголемените плати во дејноста „снабдување со електрична енергија, гас и вода“ што е поврзано со приватизацијата на електростопанството, како и од повисоките плати во рударството како резултат на подобрувањето на остварувањата на неколку рударски капацитети во споменатата година. Од друга страна, учеството на вработените лица во овие сектори во вкупниот број на вработени, како и учеството на овие сектори во создавањето на додадената вредност бележи пад во однос на 2001 година. Така, порастот на продуктивноста во индустријата и во земјоделството во периодот 2001 - 2006 година е главно *условен* од понискиот број на вработени. Намалувањето на побарувачката на труд во овие сектори, и покрај порастот на просечните плати, е генерално условена од зголемена атрактивност на услужниот сектор како полесно прилагодлив во услови на преструктуирање на економијата, како и од процесите на трансформација и приватизација, кои наметнаа рационализација на вработеноста во голем дел од индустриските капацитети.

## 1.4. Биланс на плаќања

Последниот квартал на 2007 година се карактеризира со продлабочен трговски дефицит и плаќања на државата кон странство, што услови високи девизни одливи. Од друга страна, високите одливи беа финансирани од девизните приливи во капитално-финансиската сметка, кои во поголем дел потекнуваат од директните инвестиции, така што на крајот на четвртиот квартал на 2007 година бруто девизните резерви забележаа минимален пораст.

***Висок дефицит во тековната сметка во последниот квартал***

Во четвртиот квартал на 2007 година, во *тековната сметка* на билансот на плаќања беше регистриран висок дефицит во износ од 271,2 милиона евра, што претставува продлабочување на дефицитот за 6,4 пати на годишна основа. Неповолните движења во тековната сметка пред сè беа условени од зголемениот трговски дефицит[12] (придонес од 67,7%), како и од намалените нето-приливи во тековните трансфери (придонес од 24,8%).

[12] Податоците за увозот во статистиката на билансот на плаќања не се совпаѓаат со податоците за увозот од Државниот завод за статистика, заради временското прилагодување на увоз на електрична енергија.

Графикон 27
Компоненти на тековната сметка
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Очекувано проширување на трговскиот дефицит во последниот квартал на годината*

Во последниот квартал на 2007 година беше регистрирано забрзување на годишната стапка на раст на трговскиот дефицит, споредено со годишниот раст во претходниот квартал (72,3%, наспроти 51,2%, соодветно), а забрзувањето на растот е уште поголемо кај трговскиот дефицит коригиран за размената на енергија. Ваквото квартално влошување во трговската размена се должи на подинамичниот раст на увозот (42,8%) во однос на извозот на стоки (24,1%), во голема мерка заради увозот на суровини и репроматеријали потребни за производствената и извозната активност во наредниот период и растот на цените на енергентите на светските пазари. Стапката на покриеност на увозот со извоз изнесува 53,4%, што претставува годишен пад од 8 процентни поени.

Графикон 28
Надворешнотрговската размена на Република Македонија
(во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*Пораст на извозот на железо и челик*

Интензивната производствена активност на металопреработувачката индустрија доведе до раст на извозот на железо и челик (пораст од 37,3% во последните три месеци на 2007 година), што детерминира 48,5% од порастот на вкупниот извоз. Ваквата годишна промена претставува продолжување на тенденцијата на забавен раст, започнат во претходниот квартал и делумно кореспондира со намалувањето на цените на фероникелот како главен извозен производ. Значителен придонес во порастот на извозот

на стоки има и категоријата „облека и текстил“, како и категоријата „метална руда и отпадоци“ (повторно активирање на еден позначаен рударски капацитет). Од друга страна, намалениот обем на извезени количини на нафтени деривати доведе до пад на извозот на овој производ од 11,9% на годишна основа.

Графикон 29
Структура и динамика на извозот по групи производи
(во%) (годишни стапки на промени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во четвртиот квартал на 2007 година индексот на РЕДК на денарот (со дефлатор - индекс на трошоци на живот) депрецира за 1,4% во споредба со истиот квартал од претходната година, согласно со порастот на индексот на релативните цени, додека индексот на номиналниот ефективен девизен курс на денарот (НЕДК) забележа блага апрецијација (апрецијација на денарот во однос на руската рубља и американскиот долар). Воедно, РЕДК, пресметан според индексот на цени на индустриски производители, забележа депрецијација од 3,7% на годишна основа, како одраз на поинтензивниот годишен пораст на странските цени на индустриски производители во однос на домашните цени. Исто така, во услови на раст на странските трошоци, од една страна, и пад на домашните трошоци, од друга, РЕДК на денарот, пресметан според индексот на трошоците на работна сила по единица производ[13], значително депрецира (за 11,7%).

Графикон 30
Индекс на РЕДК* и НЕДК на денарот
(база 2003=100, пондери НТР=2006)




*Индекс под 100 означува зголемена извозна конкурентност.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

[13] Индексот на трошоците на работна сила по единица производ се однесува на индустријата.

***Интензивирање на годишниот раст на увозот во последниот квартал***

Високата увозна зависност на македонскиот извоз и интензивираната инвестициска активност придонесоа за забрзување на годишната стапка на раст на увозот во четвртиот квартал на 2007 година. Најголем придонес во порастот (48,2%) има повисокиот увоз на електрична енергија[14], метална руда и метални отпадоци, како и производи за храна (сушниот период влијаеше врз намалувањето на домашната понуда на прехранбени производи, а со тоа и врз повисокиот износ на увезени количини). Од останатите категории, значаен придонес има групата машини и транспортни уреди, додека увозот на нафта и нафтени деривати бележи мал пад, заради помалиот обем на увезени количини во однос на четвртиот квартал на 2006 година.

Графикон 31
Динамика на увозот по групи производи
(во %) (годишни стапки на промени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во четвртиот квартал на 2007 година, извозот на стоки и понатаму е насочен кон Европската унија, како и кон Западен Балкан, иако учеството на извозот кон ЕУ на годишна основа се намали за 1,9 процентни поени. Од друга страна, извозот кон САД има зголемено учество (од 1,7 процентни поени), што се должи во најголема мера на извозот на одредени метали. Исто така, најголемиот дел од увозот е од ЕУ, но на годишна основа, евидентно е преориентирањето кон пазарите на Западен Балкан и кон останатите земји.

Графикон 32
Географска насоченост на извозот и увозот на стоки
(во%)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

[14] Во согласност со начинот на царинска евиденција на увозот на електрична енергија, во октомври и ноември 2007 година беше прикажан голем увоз на електрична енергија, што, фактички, е реализиран во текот на целата година.

***Намалено позитивно салдо во размената на услуги, повисоки нето-одливи во подбилансот доход и пад на приватните трансфери***

Во четвртиот квартал на 2007 година, нето-приливите врз основа на патувања и инвестициски работи се главните генератори на суфицитот кај услугите. Меѓутоа, зголемениот увоз на стоки услови повисоки транспортни трошоци, кои заедно со деловните услуги влијаеа за годишното намалување на позитивното салдо кај услугите (за 3,9 милиони евра). Негативното салдо на подбилансот доход на годишна основа се продлабочи за 13,4 милиони евра, што се должи на повисокиот износ на исплатен доход од директни инвестиции спрема нерезиденти, како и на плаќања врз основа на камата. Кај салдото на тековни трансфери е регистриран пад за 22,2% во однос на истиот квартал од претходната година, со речиси подеднаков придонес на двете ставки. Имено, кај официјалните трансфери беа забележани нето-одливи[15], додека приватните трансфери регистрираат намалување условено од падот кај ефективата, која за прв пат од 2005 година наваму забележа негативна стапка на промена (од 20,1%).

Графикон 33
Динамика на приватни трансфери по компоненти на нето-основа
(во милиони евра) (годишни стапки на промена)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во четвртиот квартал на 2007 година, во *капиталната и финансиска сметка* е забележан висок нето-прилив на капитал од странство во износ од 269,6 милиони евра, кој главно произлегува од реализираните нето-приливи врз основа на странски директни инвестиции (со речиси 43% учество во вкупните нето-приливи).

[15] Во декември 2007 година, од страна на Министерството за финансии кон странство се исплатени средства врз основа на завршен судски спор.

Графикон 34
Компоненти на финансиската сметка
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Странските директни инвестиции во последниот квартал од 2007 година достигнаа 115,7 милиони евра[16], наспроти 34,7 милиони евра во истиот квартал од 2006 година. Притоа, најинтересни дејности за вложување во земјата се осигурителната и прехранбената дејност и телекомуникациите, а соодветни земји-инвеститори претставуваат Словенија, Србија и Австрија. Нето-приливите од портфолио-инвестиции во четвртото тримесечје на 2007 година бележат мал годишен пад од 3,6 милиони евра, што се должи пред сѐ на продажбите на домашни должнички хартии од вредност од страна на странските инвеститори.

Графикон 35
Директни и портфолио-инвестиции
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во анализираниот квартал беше регистрирано и повисоко нето-задолжување врз основа на трговски кредити, заеми и достасани неплатени обврски на приватниот сектор. Наспроти тоа, ставката валути и депозити регистрира нето-одливи, што се должи на подигнатата ефектива од страна на приватниот сектор.

Во четвртиот квартал на 2007 година продолжи трендот на пораст на *вкупниот надворешен долг* на Република Македонија. Така, во последното тримесечје, неговиот квартален раст изнесува 4,9%[17], како резултат на зголемувањето на долгорочниот долг за 5,8% (во согласност со повисокиот износ на користени средства од платени

[16] Во декември 2007 година, државата изврши враќање на дел од средствата врз основа на ревизија на приватизацијата на едно јавно претпријатие.
[17] Податокот за состојбата на долгот на 30.09.2007 не е ревидиран.

обврски, како и врз основа на курсни разлики). Во услови на стабилен кредитен рејтинг и зголемено користење на странски капитал од страна на приватниот сектор, забележан е квартален пораст од 7,7% на вкупниот долг на приватниот сектор (при што долгорочниот долг на приватниот сектор забележа пораст од 9,4%). Истовремено, вкупниот долг на јавниот сектор се зголеми за 2,6% во однос на крајот на претходниот квартал, за што придонес има и задолжувањето врз основа на вториот Програмски заем за развојни политики (PDPL II) (23,3 милиони евра).

Графикон 36
Структура на долгорочниот долг со состојба на крајот од кварталот*
Должници Кредитори







*Претходни податоци.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во последниот квартал на 2007 година, користените средства забележаа квартален пораст од 74,4% и изнесуваат 180,9 милиони евра, од кои поголемиот дел (74,9%) отпаѓа на долгорочни кредити и заеми. Од друга страна, пораст на квартална основа (76%) бележат и вкупните платени обврски во износ од 115,9 милиони евра, од кои 73,5% беа исплатени од страна на приватниот сектор (во чиишто рамки 57,2% се однесуваат на комерцијалните банки). Притоа, краткорочните платени обврски од страна на јавниот сектор (7,6 милиони евра) во целост се однесуваат на отплатата на репрограмираниот долг кон Италија.

Графикон 37
Користени средства и платени обврски на долгорочен и краткорочен долг
(во милиони евра)







Извор: Претходни податоци на Народна банка на Република Македонија.

И покрај нето-откупот на девизниот пазар од страна на НБРМ во последниот квартал на годината, на 31.12.2007 година *бруто девизните резерви* изнесуваа 1.524,4 милиони евра и во однос на крајот на третиот квартал на 2007 година се зголемија за само 2,3 милиони евра. Ваквата промена произлегува од високите нето-одливи од девизните депозити на државата, заради исплата врз основа на судски спор и одливи врз основа на ревизија на приватизирана

компанија. Нивото на бруто девизните резерви на крајот на декември овозможува покриеност од 3,8 месеци на увозот на стоки (ф.о.б.) и одливот на услуги од наредната година[18].

Графикон 38
Фактори на промена на бруто девизните резерви во четвртиот квартал на 2007 година
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во првите два месеца од 2008 година, трговскиот дефицит (на ц.и.ф. основа) изнесува 281,7 милиони евра и во однос на истиот период од претходната година е зголемен за 54,7%, во услови на поинтензивен пораст на увозот од извозот (30,8% и 17,9%, соодветно). Имено, зголемениот увоз на минерални горива во услови на пораст на светските цени на нафтата и потреба од увоз на електрична енергија заради недоволно домашно производство на овој енергент доведоа до зголемен увоз. Од друга страна, главен фактор за порастот на извозот и натаму останува извозот на железо и челик и нивни производи и руди, во согласност со зголемената производствена и извозна активност, како и извозот на нафтени деривати, како одраз на движењата на страната на увозот. Притоа, движењата во надворешната трговија се во линија на проекцијата, при што присутен е ризик од влошените услови на размена. Во услови на понатамошен годишен раст на цените во домашната економија, како и политичка нестабилност во регионот, во првиот квартал на 2008 година продолжи трендот на опаѓање на нето-откупот од менувачко работење (според прелиминарните податоци, заклучно со 20.03.2007 година годишен пад од 32%). Во првиот квартал се очекува дефицит на тековната сметка од 123 милиони евра. Согласно со наведените движења, бруто девизните резерви на крајот на март изнесуваа 1.519,3 милиони евра и во однос на крајот на 2007 година се пониски за 12,1 милион евра.

Во вториот квартал на 2008 година, на тековната сметка на билансот на плаќања се очекува дефицит од 155 милиони евра, кој произлегува главно од очекуваниот дефицит во трговскиот биланс и, евентуално, натамошно намалување на приливите од приватните трансфери, кои се основен извор на финансирање на трговскиот дефицит. Проценетото негативно трговско салдо, во најголем дел се должи на зголемениот увоз на инвестициски и интермедијарни производи и на зголемениот увоз на енергија (пораст на светските цени на нафтата и електричната енергија). Дефицит се очекува и кај подбилансот на доходот, во најголема мерка поради очекуваната

[18] Според проекцијата на билансот на плаќања изготвена при последната мисија на ММФ во ноември 2007 година.

исплата на дивиденда кон странските инвеститори на едно поголемо домашно претпријатие, додека кај категоријата услуги се предвидува суфицит. Дефицитот на тековната сметка се очекува да биде финансиран преку приливи врз основа на странски директни инвестиции и задолжување од странство.

## 1.5. Инфлација

***Просечна инфлација од 2,3% во 2007 година***

Глобалниот раст на цените на храната и неповолните временски услови што ја намалија домашната понуда на храна, како и зголемениот извоз на земјоделски производи, доведоа до брз раст на цените на исхраната и интензивирање на стапката на инфлација во четвртиот квартал на 2007 година. Сепак, просечната инфлација во 2007 година изнесуваше 2,3% и е приближно иста со инфлацијата во евро-зоната, каде што изнесуваше 2,1%. Во насока на пораст на инфлацијата во 2007 година делуваа и повисоките цени на електричната енергија, наспроти пониските цени на телекомуникациските услуги.

***Интензивирање на цените на храната во последниот квартал на 2007 година***

Општото ниво на цените во последниот квартал од годината беше повисоко за 2,6% во споредба со претходниот квартал, што укажува на умерено зголемување на инфлацијата. Ваквиот квартален пораст на потрошувачките цени, главно е резултат на зголемувањето на цените на житните производи (зголемување на цената на лебот и печивата) и на свежиот зеленчук, во рамките на категоријата „исхрана“. Исто така, во рамките на оваа категорија пораст е регистриран и кај цените на растителните масти (зголемување на цената на маслото за јадење), свежото и киселото млеко, како и на свежото месо. Растот на цената на суровата нафта на светските берзи се одрази и врз домашните цени на горивата, а пораст забележаа и цените на облеката и обувките, како и услугите во рестораните (главно поради повисоките цени на храната и пијалаците во угостителските објекти). Единствено дефлаторно влијание имаат пониските цени на телекомуникациските услуги (поради зголемената конкуренција во овој сектор), како и цените на лековите, заради примената на пониска стапка на ДДВ за лековите почнувајќи од октомври 2007 година [19].

---

[19] Со одлука на Владата се намали данокот на додадена вредност на лековите, медицинските и ортопедски помагала, како и на компјутерската опрема и јавниот превоз, од 18% на 5%, со примена од октомври 2007 година.

Графикон 39
Придонес на одделните категории на исхраната за кварталниот пораст на стапката на инфлација во четвртиот квартал на 2007 година
(придонеси во п.п.)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

Намалената домашна понуда на земјоделските производи, услови годишно зголемување на увозот на овие производи во четвртото тримесечје на 2007 година. Во услови на глобален раст на цените на храната (особено кај житата, овошјето и зеленчукот, месото, како и кај млечните производи), растот на увозот на овие производи услови и висок пренесен ефект на увозните врз домашните цени на прехранбените производи.

Графикон 40
Годишна промена на увозните цени и увезената количина на производите за исхрана
(во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во согласност со ваквите движења, просечната годишна стапка на инфлација во последниот квартал од годината достигна 4,9%, што претставува највисок пораст споредено со претходните квартали. Најголем придонес (3,7 п.п.) за годишниот пораст имаат повисоките цени на храната, вклучувајќи го порастот на сите поткатегории во рамките на категоријата „исхрана“, од кои најголем придонес има порастот на цените на житните производи, свежиот зеленчук и овошје и на растителните масти. Дополнително влијание имаат повисоките цени на горивата, поскапите услуги во ресторанените, како и повисоката станарина. За разлика од овие инфлаторни движења, пониските цени на телекомуникациските услуги, на цените на лековите, како и падот на цените на средствата за образование имаа дефлаторно влијание.

Графикон 41
Придонес на исхраната и одделните категории од инфлацискиот индекс за годишната стапка на инфлација во четвртиот квартал на 2007 година
(придонеси во п.п.)

исхрана




сите категории од инфлацискиот индекс




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

Имајќи предвид дека најзначајна детерминанта на просечната стапка на инфлација во 2007 година се цените на храната и енергијата, базичната стапка на инфлација (која го исклучува нивното влијание) во 2007 година е исключително ниска и изнесува 0,7%, укажувајќи на отсуство на посериозни инфлаторни притисоци од монетарна природа.

Графикон 42
Стапка на инфлација (во %) и придонес на одделните категории од инфлацискиот индекс за просечната годишна стапка на инфлација во 2007 година (во п.п.)







Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Народна банка на Република Македонија. Во 2006 година е исклучен и ефектот од зголемувањето на акцизата на цигарите.

*Инфлациските остварувања се во склад со инфлациските очекувања на економските субјекти*

Остварената просечна стапка на инфлација од 2,3% во 2007 година е во рамките на иницијалната проекција на инфлацијата од 3%. Забрзувањето на инфлацијата во четвртиот квартал соодветствува и со инфлациските очекувања на економските субјекти во земјата за соодветниот период, со оглед на тоа што 78% очекувале зголемување на инфлацијата (главно, со побавен интензитет), а преостанатиот дел очекувале таа да се задржи на нивото од третиот квартал. Сепак, неочекуваното зголемување на цените кон крајот на годината детерминира остварување на нешто повисока стапка на инфлација од очекуваната[20].

Графикон 43
Инфлациски очекувања до крајот на годината и остварена инфлација во тековниот квартал
(во %)




Извор: Анкета за инфлациските очекувања и пресметки на Народна банка на Република Македонија; Државен завод за статистика.

*Можни инфлаторни притисоци од производствените цени во наредниот период*

Паралелно со интензивирањето на нивото на потрошувачките цени, беше регистриран пораст и кај цените на производителите на индустриски производи. Така, по умерениот просечен годишен пораст

[20] Податоците за инфлациските очекувања се според резултатите од Анкетата за инфлациски очекувања на субјектите во Македонија спроведена во почетокот на четвртиот квартал на 2007 година.

*Растечки тренд на трошоците по единица труд*

во претходните квартали на 2007 година, производствените цени во четвртото тримесечје од годината достигнаа стапка на раст од 2,1%. Доколку цените на производителите се набљудуваат од аспект на нивната поврзаност со домашната компонента на инфлацијата, значаен годишен пораст во последниот квартал од годината е забележан кај цените на производите за широка потрошувачка, цените на енергијата и кај интермедијарните производи. Ваквите движења на цените на домашните производители, а особено на цените на производите за широка потрошувачка и цените на енергијата, кои се составен дел на потрошувачката на домаќинствата, укажуваат на можни позначајни инфлаторни притисоци во наредниот период.

Графикон 44
Потрошувачки цени и цени на производителите на индустриски производи
(годишни квартални промени во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Зголемувањето на производствените цени во последниот квартал од годината придонесе за интензивирање на нивната просечна стапка на раст во однос на претходната година, која, во просек, достигна 1,6% во 2007 година, главно под инфлаторните влијанија на производителите на електричната енергија и на прехранбените производи и пијалаци, наспроти годишниот пад на цените на производителите на нафтени деривати.

Графикон 45
Движење на цените на домашните производители
(индекси, просек 2006=100)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Народна банка на Република Македонија.

Анализата на влијанието на трошоците по единица труд врз инфлацијата укажува дека реалниот сектор на економијата, од овој аспект, продуцирал одредени инфлаторни притисоци. Имено, трендот на пораст на трошоците по единица труд, започнат во првиот квартал на 2007 година, продолжи и во третиот и четвртиот квартал, кога беше регистриран умерен годишен пораст.

Графикон 46
Инфлација и трошоци по единица труд во економијата
(индекси, 2004=100)




Извор: Пресметки на Народна банка на Република Македонија.

Инфлациските притисоци започнати од последниот квартал на 2007 година, продолжија и во текот на првиот квартал на 2008 година, при континуиран тренд на поскапување на цените на храната. Така, нивото на потрошувачките цени во првиот квартал на 2008 година беше повисоко за 4,1% во споредба со претходниот квартал, главно поради раст на цените на прехранбените производи. Поради тоа, како и поради ниската споредбена основа, годишната стапка на инфлација во првото тримесечје на 2008 година е поинтензивна и достигна 9,5% (76% од порастот се должи на поскапувањето на производите за исхрана). Во рамките на категоријата „исхрана“, најголем придонес за вкупниот пораст на потрошувачките цени имаат зголемените цени на житните производи (лебот и печивата), на свежиот зеленчук, маслото за јадење, свежото и киселото млеко, како и на свежото овошје. Заради продолжениот тренд на раст на цените на храната и во првите месеци на 2008 година, Владата на Република Македонија од средината на февруари презеде мерки за намалување на цените на лебот, брашното и млекото и за задржување на цената на маслото за јадење, кои сепак имаа скромен ефект.

Графикон 47
Стапка на инфлација и инфлација без храна
(годишни промени, %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Дополнителен инфлаторен притисок во првиот квартал на 2008 година извршија и повисоките цени на горивата, како резултат на историското зголемување на цената на суровата нафта на светските берзи. Инфлаторно делуваа и поскапата храна во ресторантите, поскапата станарина, како и поскапувањето на топлинската енергија за греење. Од друга страна, единственото позначајно дефлаторно влијание се должеше на поевтините телекомуникациски услуги (кое е помало во однос на претходната година). Доколку се исклучи влијанието на исхраната и енергијата, годишната инфлација во првиот квартал на 2008 година изнесува 2,9% (во последниот квартал на 2007 година таа изнесуваше 1,2%). Интензивирањето на базичната инфлација од почетокот на 2008 година сигнализира дека интензивирањето на инфлацијата повеќе не е исклучиво резултат на порастот на цените на храната и енергијата, туку и на пораст на цените и кај останатите производи и услуги што упатува на присуство на ефекти од зголемената побарувачка и евентуален индиректен ефект од порастот на цените на енергијата и другите инпути.

Инфлацијата остварена во првиот квартал на 2008 година беше во рамките на инфлациските очекувања на економските субјекти анкетирани во почетокот на кварталот, кои очекуваа до крајот на 2008 година инфлацијата да се намали во однос на нивото регистрирано во почетокот на годината и таа да се сведе на околу 6%[21].

Стапката на инфлација остварена во првиот квартал на 2008 година значително ги надмина очекувањата за кварталот опфатени во иницијалната проекција, според која инфлацијата во 2008 година требаше да изнесува околу 3%. Согласно со најновите проценки, базирани врз остварувањата во првиот квартал на 2008 година и очекувањата за стабилизирање на растот на цените на храната, во второто тримесечје на 2008 година се очекува постепено забавување на годишната стапка на растот на цените. Следствено, се очекува годишната стапка на инфлација на крајот на годината да се нормализира и да се приближи кон нивото карактеристично за

[21] Податоците за инфлациските очекувања се дадени според резултатите од Анкетата за инфлациските очекувања на субјектите во Македонија, спроведена во почетокот на првиот квартал на 2008 година.

последните неколку години. Сепак, како главни ризици во однос на инфлацијата и натаму остануваат евентуалното натамошно зголемување на цените на храната и цените на енергентите на светските берзи и нивното влијание врз домашните цени.

Во првите два месеца на 2008 година беше регистриран интензивен пораст и кај цените на производителите на индустриски производи, кои достигнаа годишна стапка на раст од 9,9%. Високиот годишен пораст на овие цени главно е резултат на повисоките цени на производителите на нафтени деривати и на прехранбените производи и пијалаци. Значајниот пораст на цените на домашните производители регистриран кај групите на производи кои се составен дел на потрошувачката на домаќинствата (енергија и нетрајни производи за широка потрошувачка), упатува на натамошни инфлаторни притисоци од домашните производители.

## II. Монетарна политика

*Забавување на растот на девизните приливи...*

Во последниот квартал на 2007 година, монетарната политика се спроведуваше во значајно променет амбиент, карактеризиран со намалување на интензитетот на девизните приливи од странство и високата буџетска потрошувачка. Така, нето-откупот на девизи во овој квартал е помал за 34,1% во однос на четвртиот квартал на 2006 година (во последните два месеца од кварталот интервенциите беа во насока на нето-продажба на девизи), со што за прв пат од почетокот на годината, на девизниот пазар беа регистрирани и поизразени притисоци за депрецијација на домашната валута. Ваквите движења главно го рефлектираат влошеното салдо на тековната сметка во последниот квартал. Намалените портфолио-инвестиции во македонската економија во овој период кореспондираат и со нестабилноста на глобалниот финансиски пазар, како фактор што ја намали побарувачката на финансиската актива и во земјите во развој.

Графикон 48
Инфлација и девизен курс
(тековен месец / ист месец од претходната година, во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија и Државен завод за статистика.

*...и интензивирање на стапката на инфлација*

Во последниот квартал на 2007 година дојде до интензивирање на стапката на инфлација, главно под влијание на растечкиот тренд на цените на храната. Имено, сушниот период генерира негативен шок на страната на агрегатната понуда преку намалената понуда на земјоделски производи. Дополнително инфлаторно влијание имаа и

случувањата на глобалниот пазар, поврзани со растот на цената на нафтата на светските берзи, како и значајно повисоките цени на прехранбените производи на светскиот пазар (како резултат на неповолните климатски услови и растот на светската побарувачка на овие категории на производи), кои се пренесоа и во домашната економија. Така, просечната стапка на инфлација во 2007 година изнесува 2,3%, додека базичната стапка на инфлација без храна и енергија е значајно пониска и изнесува 0,7%.

Графикон 49
Интервенции на девизен пазар од страна на НБРМ
(кумулативен износ во кварталот, во милиони евра)




Графикон 50
Квартална промена на понудата на благајнички записи и државни записи за монетарни цели




Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Адекватно управување со ликвидноста во банкарскиот систем...***

На оперативно ниво, во последниот квартал на 2007 година монетарното управување беше насочено кон неутрализирање на ликвидносните ефекти од автономните фактори, во функција на ефикасно управување со ликвидноста во банкарскиот систем. Притоа, за овој квартал карактеристична беше исклучително високата буџетска потрошувачка, концентрирана во последниот месец на годината, што доведе до значајно креирање ликвидност во банкарскиот систем. Повлечените средства од денарската сметка на државата кај НБРМ, во најголем дел беа искористени за реализација на капиталните расходи и зголемените трансферни плаќања, а воедно беше извршен и поврат на средства на странски инвеститор по извршена ревизија. Девизните трансакции на НБРМ[22], во согласност со намалениот нето-откуп на девизи на девизниот пазар, имаа помал ликвидносен ефект во споредба со претходните три квартали, додека сезонски повисоката побарувачка на готови пари делуваше во насока на повлекување ликвидност од банкарскиот систем.

[22] Во октомври 2007 година, НБРМ реализира нето-откуп на девизи на девизниот пазар, делувајќи во насока на креирање ликвидност, додека во ноември изврши нето-продажба врз основа на користени права за портфолио-инвестиции. Во декември, девизните трансакции делуваа во насока на повлекување ликвидност, што се должи на нето-продажбата на девизни средства за потребите на државата (овие трансакции немаат ликвидносен ефект), додека во трансакциите со банките-поддржувачи беше реализиран нето-откуп на девизи.

Табела 1
Креирање и повлекување ликвидност*
(во милиони денари)

| | 30.09.2007 година | Промени по месеци | | | Вкупно | 31.12.2007 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | октомври | ноември | декември | | |
| **Ликвидни средства на банките (сметка на банките кај НБРМ)** | **6.790** | 1.554 | 256 | 1.815 | **3.625** | **10.415** |
| ***Креирање ликвидност*** | | | | | **5.005** | |
| 1. Нето девизна актива | 94.209 | 1.768 | -104 | -1.530 | 134 | 94.343 |
| 2. Нето домашна актива | -68.905 | -433 | 47 | 5.257 | 4.871 | -64.034 |
| *од тоа:* | | | | | | |
| Благајнички записи на НБРМ | -16.339 | -1.447 | -1.389 | -1.820 | -4.656 | -20.995 |
| Државни записи за монетарни цели | -6.312 | 903 | 848 | 1 | 1.752 | -4.560 |
| Денарски депозити на државата кај НБРМ /1 | -19.816 | -178 | 568 | 9.580 | 9.970 | -9.846 |
| Девизни депозити на државата кај НБРМ | -4.840 | 594 | 311 | -1.658 | -753 | -5.593 |
| Останати ставки, нето | -22.665 | -305 | -291 | -845 | -1.441 | -24.106 |
| ***Повлекување ликвидност*** | | | | | **-1.380** | |
| 1. Готови пари во оптек | 16.746 | 171 | 285 | -1.637 | -1.181 | 17.927 |
| 2. Готовина во благајна на банките | 1.768 | 48 | 28 | -275 | -199 | 1.967 |

/1 Исклучени се државните записи за монетарни цели.
* Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

***...преку стерилизација на ликвидносните ефекти од автономните фактори...***

На нето-основа, автономните фактори делуваа во насока на креирање ликвидност, што наметна потреба од дополнителна стерилизација преку монетарните инструменти. Во таа насока, НБРМ ја зголеми понудата на благајнички записи за 60% на квартална основа, при што преку овој монетарен инструмент беа стерилизирани вкупно 4.656 милиони денари. Државните записи за монетарни цели делуваа во насока на емисија на ликвидни средства, што се должи делумно на извршените промени во условите на тргување со државни хартии од вредност[23], кои доведоа до намалување на атрактивноста на овие хартии од вредност.

Графикон 51
Инструменти на монетарната политика и автономни фактори на креирање и повлекување ликвидност*
(месечни промени во милиони денари)




*Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

[23] Во октомври 2007 година, Министерството за финансии ги укина максималните каматни стапки и воведе шпекулативен процентуален поен, кој беше одреден на ниво од 0,02 за тримесечните државни записи и лимитирано учество.

*...при што е задржан трендот на намалување на референтната каматна стапка*

Следствено, побарувачката на монетарни инструменти од страна на банките, главно беше концентрирана на аукциите на благајнички записи на НБРМ, креирајќи притисок за намалување на каматната стапка, која, во просек, во четвртиот квартал е пониска за 0,3 процентни поени во однос на претходниот квартал. Ваквите движења, во услови кога странските каматни стапки бележат нагорен тренд, беа причина за значително стеснување на каматниот диференцијал помеѓу благајничките записи и едномесечниот ЕУРИБОР, кој, во просек, во четвртиот квартал изнесува 0,3 процентни поени (0,7 процентни поени во претходниот квартал). Каматната стапка на тримесечните државни записи оствари квартален пораст од 0,3 процентни поени во однос на просекот од претходниот квартал.

Графикон 52
Каматни стапки*
(во %, на годишно ниво)




| | Кв. 3 2006 | Кв. 4 | Кв. 1 2007 | Кв. 2 | Кв. 3 | Кв. 4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КСБЗ | 5,48 | 5,65 | 5,48 | 5,01 | 5,03 | 4,74 |
| КСДЗ-3 месеци | 6,04 | 6,21 | 6,44 | 5,99 | 4,85 | 5,13 |
| Максимална камата на ДЗ - 3 месеци* | 6,85 | 6,85 | 6,85 | 5,60 | 4,00 | |

Графикон 53
Каматен диференцијал помеѓу благајнички записи на НБРМ-28 дена и ЕУРИБОР -еден месец
(во процентни поени)




*Просек за кварталот од просечната пондерирана каматна стапка, освен за максималната каматна стапка, која се однесува на каматата на последната аукција во кварталот. Во октомври 2007 година, Министерството за финансии ги укина максималните каматни стапки и воведе шпекулативен процентуален поен, кој беше одреден на ниво од 0,02 за тримесечните државни записи.
КСБЗ - каматна стапка на благајнички записи.
КСДЗ - 3 месеци - каматна стапка на тримесечни трезорски записи.
Извор: Народна банка на Република Македонија, Министерство за финансии и Централна банка на Холандија (www.statistics.dnb.nl).

*Повисока просечна дневна ликвидност на банките во четвртиот квартал на 2007 година*

Во текот на последниот квартал на 2007 година, банките одржуваа просечно повисока дневна ликвидносна позиција (за 4,6% во однос на претходниот квартал). Во четвртиот квартал, банките во просек издвоија 8,5% над обврската за задолжителна резерва (во денари)[24], што претставува намалување на вишокот над обврската за издвојување за 2,9 процентни поени во однос на просекот од претходниот квартал (или за 7,3 процентни поени помалку во однос на истиот период на 2006 година). За покривање на привремените недостатоци на ликвидност, банките активно тргуваа на меѓубанкарскиот пазар на пари, во чии рамки беше реализиран зголемен просечен месечен промет за 2,4 пати во однос на претходниот квартал.

[24] Период на одржување (исполнување) на обврската за задолжителна резерва на банките се смета периодот од 11. ден во тековниот месец до 10. ден во следниот месец. Вишокот се однесува на вишок издвоени средства на сметката на банките кај НБРМ над обврската за задолжителна резерва.

Графикон 54
Дневна динамика на ликвидноста на банките*
(во милиони денари)




* Сметка на банките кај Народна банка на Република Македонија.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Во почетокот на 2008 година, НБРМ изврши промена во поставеноста на монетарните инструменти...*

Во текот на првиот квартал на 2008 година, во услови на натамошно интензивирање на стапката на инфлација, и особено на базичната инфлација, НБРМ изврши промена во поставеноста на монетарните инструменти. Така, на 19.02.2008 година, НБРМ премина од „тендер со каматни стапки“ на аукции на благајнички записи на принципот „тендер со износи“ и фиксна каматна стапка од 5,25% (наспроти 5,08%, колку што изнесуваше на последната аукција пред промената на тендерот), која беше дополнително зголемена на 6% на 06.03.2008 година. Ваквите мерки беа насочени кон стабилизирање на инфлациските очекувања на пазарните субјекти, во функција на одржување на ценовната стабилност на среден рок. Притоа, во првите три месеци на 2008 година, преку благајничките записи, на нето-основа беа стерилизирани вкупно 691 милион денари.

Графикон 55
Каматна стапка на благајнички записи на НБРМ (28 дена)
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*...при натамошно задржување на трендот на намалени девизни приливи од странство*

На девизниот пазар продолжија неповолните движења, изразени преку притисоци на страната на побарувачката на девизи. Така, во јануари 2008 година, НБРМ реализира нето-продажба на девизи на девизниот пазар, додека во февруари и март не беа реализирани трансакции со банките-поддржувачи. Сепак, нето девизната актива на НБРМ, во февруари 2008 година во однос на крајот на претходната година, делуваше во насока на креирање примарни пари, одразувајќи го ефектот од зголемената обврска за

задолжителна резерва на банките во девизи[25]. Преку денарските депозити на државата, на кумулативна основа се изврши стерилизација на ликвидност од банкарскиот систем. Во февруари 2008 година, во однос на крајот на претходната година, примарните пари[26] се намалија за 5,2%. На годишна основа (февруари 2008 година / февруари 2007 година) примарните пари се повисоки за 22,3% и во однос на проекцијата за крајот на првиот квартал бележат надолно отстапување од 2,5 процентни поени. Ваквата динамика на примарните пари главно се должи на движењата на девизниот пазар, каде што НБРМ реализира нето-продажба на девизи (во првиот месец на годината), наспроти проектираниот нето-откуп на девизни средства за првиот квартал.

Графикон 56
Придонес во кварталниот пораст на примарните пари
(во процентни поени)




* Промена февруари 2008 година / декември 2007 година.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во текот на вториот квартал на 2008 година, НБРМ ќе продолжи внимателно да ги следи движењата во економијата, при што во зависност од остварувањата, останува подготвена соодветно да реагира и да ги прилагодува монетарните инструменти во функција на одржување на инфлацијата на толерантно ниво. На крајот на вториот квартал од 2008 година се очекува годишен раст на примарните пари од 18,1%.

## 2.1. Монетарни и кредитни агрегати

***Интензивиран пораст на паричната маса***

Кварталниот раст на понудата на пари од 8,8% во четвртиот квартал на 2007 година е значително поинтензивен споредено со претходниот квартал кога беше забележан пораст од 3,7%. Забрзувањето на кварталната стапка на пораст на паричната маса, освен со зголемувањето на економската активност и склоноста кон штедење, може да се објасни и со вообичаените сезонски фактори (зголемено трошење на приватниот сектор во периодот на новогодишните и божиќните празници), интензивниот раст на буџетската потрошувачка во овој период, како и порастот на платите

[25] На 11.02.2008 година, стапи во сила Одлуката за задолжителна резерва на банките (донесена на 27.12.2007 година), со која НБРМ изврши проширување на основата за пресметување на обврската за задолжителна резерва со вклучување нови категории сметки од билансите на банките.
[26] Ја вклучува задолжителната резерва на девизните депозити. Без оваа компонента, примарните пари, на кумулативна основа се пониски за 10,3%, додека на годишна основа се повисоки за 20,2%.

на вработените во јавната и државната администрација[27]. На годишна основа, најшироката парична маса на крајот на 2007 година е повисока за 29,4%.

Од аспект на монетарната мултипликација, монетарниот мултипликатор на паричната маса М4 го задржа речиси истото ниво во однос на претходниот квартал и во просек изнесува 6. Анализата на компонентите на монетарниот мултипликатор во декември 2007 година упатува на заклучок дека во последниот месец од годината се јавува зголемена склоност на банките за држење ликвидни средства кај НБРМ, што доведе до помал мултипликациски ефект на банките во монетарната креација (во декември монетарниот мултипликатор изнесува 5,8, наспроти 6,4 во септември 2007 година).

Графикон 57
Придонес во кварталниот пораст на паричната маса М4
(во процентни поени)




Графикон 58
Монетарен мултипликатор на паричната маса М4 и негови компоненти
(квартални просеци)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Од аспект на структурата, во последното тримесечје на 2007 година сите компоненти на паричната маса покажуваат поинтензивна стапка на раст во однос на претходниот квартал. Сепак, главни генератори на кварталниот пораст на паричната маса М4 се краткорочните депозити и депозитните пари (со придонес во порастот на паричната понуда од 49,4% и 36,9%, соодветно). Во поглед на движењата кај најликвидниот монетарен агрегат М1, најголемо влијание и понатаму имаат трансакциските депозити, чиј раст во четвртиот квартал на годината достигна до 23,1%. Притоа, натамошниот тренд на редуцирање на учеството на готовите пари во оптек во структурата на монетарниот агрегат М1 продолжи и во четвртиот квартал (41% во просек, наспроти 42,8% во третиот квартал на 2007 година).

[27] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, донесен на 08.10.2007 година, се предвидува зголемување на платите во период од три години (2007 - 2009 година) по 10% на годишно ниво. Примената започна со исплата на платата за месец септември 2007 година.

Графикон 59
Компоненти на монетарните агрегати
(во милиони денари)




Графикон 60
Учество на готовите пари во оптек во паричната маса М1 и тренд-линија
(во %)



Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Квартален пораст на депозитниот потенцијал на банките***

Депозитната база[28] на банките во четвртиот квартал на 2007 година забележа поинтензивен квартален раст (6,4%) во споредба со претходниот квартал кога, под влијание на одливот на депозити по основ на исплата на дивиденда на државата од страна на еден поголем инвеститор, депозитниот потенцијал на банките се зголеми за 2,3%. Сепак, споредбата на кварталните промени во четвртиот квартал укажува на значително помал раст кај сите видови депозити во 2007 година, споредено со претходната година. Ваквите движења делумно може да се предизвикани од кварталниот пад на девизните приливи во економијата од приватни трансфери, а делумно и од интензивирањето на инфлацијата, што креира поголема неизвесност и раст на инфлациските очекувања.

Графикон 61
Придонес во кварталниот пораст на вкупните депозити
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Доминантен фактор во креирањето на дополнителниот депозитен потенцијал на банките, од аспект на рочната структура, и понатаму претставуваат краткорочните депозити (со квартален придонес од 90,9%), рефлектирајќи ја склоноста на депонентите да ги држат своите слободни средства во банките со пократки рокови. Од валутен аспект, јакнењето на позицијата на денарските депозити, на сметка на намалувањето на учеството на депозитите во странска валута, продолжи и во четвртиот квартал на 2007 година. Така, девизните депозити го намалија својот удел во структурата на вкупниот депозитен потенцијал и учествуваа, во просек, со 53,1%, (наспроти просечното учество од 56,9% во претходните тримесечја на 2007 година). На годишно ниво, вкупните депозити на приватниот сектор забележаа пораст од 28,8% (декември 2007 / декември 2006 година).

---

[28] Од октомври 2007 година, податоците за вкупните депозити и кредити на банките не ја опфаќаат „Македонска банка“ АД Скопје, на која на 16.10.2007 година, НБРМ ѝ ја укина дозволата за основање и работење на банка.

Графикон 62
Депозити на населението и претпријатијата
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Пораст на депозитите на населението...*

Депозитите на населението во четвртиот квартал на 2007 креираа 73,1% од новосоздадената депозитна база на банките. И покрај поголемото учество на девизните депозити во структурата на вкупните депозити на населението, 71,6% од нивниот пораст се должи на растот на денарското штедење на населението. Од аспект на рочноста, 92,7% од структурата на вкупното штедење на населението во просек се на краток рок. Притоа, во четвртиот квартал најголем интерес беше покажан за депонирање на слободните парични средства во форма на денарски депозити со рочност од три месеци до една година. На годишна основа (декември 2007 година / декември 2006 година), вкупните депозити на населението се повисоки за 30,8%.

Графикон 63
Структура на депозитите на населението
(просечно учество во четвртиот квартал на 2007 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*...при истовремен умерен пораст на депозитите на претпријатијата*

По регистрираниот квартален пад на депозитите на корпоративниот сектор во третиот квартал на 2007 година (главно како резултат на одливот на депозити за исплата на дивиденда на државата од страна на една поголема компанија), во последниот квартал од годината беше регистрирана умерена стапка на раст од 1,9%. Од рочен аспект, кварталната промена на вкупните депозити во целост произлегува од порастот на краткорочните депозити, додека од аспект на валутата, карактеристичен е значителниот раст на придонесот на девизните депозити во порастот на вкупните корпоративни депозити (83,3%, наспроти 67%, 28,5% и 48,5% во

претходните квартали на 2007 година). Притоа, претпријатијата депонираа поголем паричен износ во форма на најликвидни финансиски средства (квартален пораст на денарските депозити по видување од 43,3%). Годишната стапка на пораст на депозитите на корпоративниот сектор изнесува 21,7% (декември 2007 година / декември 2006 година).

Графикон 64
Структура на депозитите на претпријатијата
(просечно учество во четвртиот квартал на 2007 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Квартален пораст на кредитна активност на банките од 7,9%

Кредитното портфолио на банкарскиот систем, во четвртиот квартал на 2007 година продолжи да расте, со што банките и понатаму креираат дополнителни извори на средства на приватниот сектор. Така, кварталниот пораст на вкупните кредити изнесува 7,9%, додека на годишно ниво (декември 2007 / декември 2006 година) кредитното портфолио се зголеми за 39,1%. Позитивните економски очекувања на банките, како и растечката конкуренција делуваат во насока на раст на вкупните активности на банките, проширување на асортиманот на производи и услуги, како и олеснување на условите за кредитирање, што дополнително ја поддржува побарувачка на кредити и создава предуслови за натамошен кредитен раст.

Графикон 65
Квартални промени
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

И во текот на четвртиот квартал на 2007 година, депозитниот потенцијал на банките претставуваше солидна основа за дополнителна кредитна експанзија. Од аспект на валутата, кредитите одобрени во денари претставуваат во просек 75,6% од кредитното портфолио на банките, со придонес во кварталниот пораст на вкупните кредити од 83,2%. Од аспект на рочноста, 61,3% од структурата на кредитите се одобрени на долг рок, а нивниот придонес во регистрираниот пораст изнесува 81,9%. Во однос на секторската структура на пласманите, поголем корисник на банкарски кредити беше населението (со учество во кварталниот пораст на вкупните кредити од 55%).

Графикон 66
Придонес во кварталниот пораст на вкупните кредити
(во %)







Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Квартален пораст на кредитите на населението...***

Во текот на 2007 година, кредитните пласмани кај населението растат со поинтензивна динамика, остварувајќи речиси двојно поголема годишна стапка на раст во однос на пласманите во корпоративниот сектор (56,4%, наспроти 29,7%, соодветно). Од аспект на кварталната динамика, порастот на кредитите на населението изнесува 11,6%. Ваквата тенденција на зголемено кредитирање на населението кореспондира со зајакнатата кредитна способност на населението, поголемото трошење трајни потрошни добра, но и зголемениот капацитет на банките за одобрување кредити и диверзификацијата на нивните кредитни портфолија. Од аспект на рочната структура, доминантна е позицијата на долгорочните кредити, чиј квартален раст објаснува 64,6% од дополнително пласираниот износ на кредити кај населението. Притоа, најголем дел од овие кредити и понатаму опфаќаат кредити за други намени[29] (во просек 82,2%). Според валутната дистрибуција, главни носители на порастот на вкупните кредити на населението и во четвртиот квартал на 2007 година се денарските кредити (со придонес од 92,7%). Во рамките на вкупното денарско кредитирање на населението, најзначајна стапка на раст остварија рамковните кредити (25,4%, на квартална основа).

[29] Кредитите за други намени вклучуваат: потрошувачки кредити, станбени кредити, кредити за автомобили, кредити за школување и кредити за други намени.

Графикон 67
Дистрибуција на денарските кредити на населението по одделни видови кредити
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*... при натамошен раст на корпоративното кредитирање*

Во услови на зголемена економска активност и подобрување на условите за кредитирање, што генерира повисока побарувачка на корпоративни кредити, кредитната експанзија на банките насочена кон претпријатијата и понатаму е во насока на поддржување на развојните потенцијали на економијата, претставувајќи стабилен извор на финансирање на корпоративното работење. Така, на крајот на 2007 година, годишната стапка на раст на вкупните корпоративни кредити (декември 2007 / декември 2006 година) изнесува 29,7%. На квартална основа, овие кредити се зголемија за 5,6%. Во валутната структура на корпоративните кредити преовладуваат денарските кредити[30] со околу 63,3%, чиј придонес во кварталниот пораст на вкупното кредитирање на претпријатијата изнесува 70%. Од аспект на рочноста, 55,5% од вкупните кредити во просек се одобрени на долг рок, со доминантен придонес во порастот од 96,5%. Перманентното проширување на депозитната база, можноста за зголемено екстерно финансирање на банките, како и растот на конкуренцијата создаваат предуслови за понатамошен раст на понудата на кредити за корпоративниот сектор. Од друга страна, нејзиното ефектуирање, во голема мерка ќе зависи и од квалитетот на побарувачката на кредити, односно од квалитетот на проектите за кои е потребно финансирање преку банкарски кредити.

[30] Вклучуваат и денарски кредити со девизна клаузула.

Графикон 68
Придонес во кварталниот пораст на кредитите на претпријатијата
(во процентни поени)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Монетарниот раст продолжи и во првите два месеца на 2008 година, но со забавено темпо (годишна стапка на раст на паричната маса во февруари од 27,9%, наспроти 28,6%, колку што изнесува проекцијата за крајот на март 2008 година), при што краткорочниот денарски депозитен потенцијал и понатаму е доминантен фактор на креирање на паричната маса (67,9% од годишниот пораст во февруари). Од аспект на депозитниот потенцијал, во февруари 2008 година, депозитите во банкарскиот систем забележаа раст од 26,8% на годишна основа, при пораст на денарските и девизните депозити од 45,3% и 14,2 %, соодветно.

Графикон 69
Годишни стапки на раст на паричната маса




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Трендот на забавување на растот на денарските депозити и паричната маса се очекува да продолжи и во вториот квартал, при што годишниот раст на најшироката парична маса на крајот на јуни се проценува на околу 19%. Очекувањата за понатамошни умерени поместувања во валутната структура на депозитната база, делумно можат да се објаснат со растот на инфлациските притисоци, чие влијание иако според очекувањата во голема мерка би исчезнало по

2008 година, сепак би имало умерено влијание врз изборот на валутата во која ќе штеди населението. Дополнителен ефект врз денарскиот депозитен потенцијал во вториот квартал се очекува да има и репатријацијата на поголем износ на дивиденда од страна на една поголема домашна компанија.

Графикон 70
Кредити на приватен сектор




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Кредитниот раст, дополнително се интензивира во првите два месеца од годината, со што во февруари 2008 година годишната стапка на раст изнесуваше 41,4%, при што кредитите одобрени на населението забележаа раст од 58,9%, додека средствата пласирани кај корпоративниот сектор остварија годишен раст од 31,8%. Очекувањата за побавен раст на паричната маса, како и преземените мерки од страна на НБРМ во однос на работењето со картички[31], би требало да се одразат соодветно врз кредитната активност на банките, така што во вториот квартал на 2008 година се очекува да дојде до забавување на стапката на кредитниот раст (37%).

## 2.2. Каматни стапки

*Квартален пад на просечната референтна каматна стапка за 0,3 процентни поени*

Референтната каматна стапка на НБРМ (каматна стапка на благајничките записи) во последното тримесечје на годината забележа просечен квартален пад од 0,3 процентни поени и изнесуваше 4,7%. Во услови кога Европската централна банка во последните три месеци на 2007 година не ја промени својата каматна политика, ваквата промена доведе до стеснување на каматниот диференцијал со евро-зоната. Намалувањето на референтната каматна стапка во последниот квартал на 2007 година, се пренесе на меѓубанкарскиот пазар на пари[32], каде каматната стапка забележа незначително просечно квартално намалување од 0,1 процентен поен. И покрај повисоката понуда од побарувачката, на пазарниот сегмент на државните хартии од вредност, каматните стапки имаа растечки тренд, што делумно се должи на укинувањето на максималната

[31] Во текот на првиот квартал на 2008 година, НБРМ ја зголеми референтната каматна стапка, а воедно усвои и измени на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот на банките, со кои изврши зголемување на пондерот за искористени пречекорувања по тековни сметки и искористени кредити по кредитни картички од страна на физичките лица.
[32] Билатерални трансакции на банките.

каматна стапка. Така, каматните стапки на тримесечните и дванаесетмесечните државни записи забележаа квартален пораст од 0,3 и 0,4 процентни поени, соодветно (со што изнесуваа 5,1% и 5,5%, соодветно), додека квартално намалување е забележано кај просечната каматна стапка на шестмесечните државни записи од 0,2 процентни поена (со што таа изнесуваше 5,3%).

Графикон 71
Аукции на благајнички записи со рок на достасување од дваесет и осум дена, аукции на тримесечни државни записи и движење на каматните стапки
(во милиони денари, квартален просек)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 72
Просечни краткорочни каматни стапки на НБРМ, просечни каматни стапки на меѓубанкарскиот пазар на пари и на пазарот на државни записи
(во %)




*МБКС - Меѓубанкарска каматна стапка.
Извор: Народна банка на Република Македонија и Министерство за финансии.

***Квартално намалување на активната каматна стапка, а пораст на пасивната каматна стапка***

Поместувањата во каматната политика на банките и во последниот квартал на 2007 година сигнализираат раст на конкурентските притисоци во овој сектор. Така, просечната активна денарска каматна стапка забележа квартален пад од 0,2 процентни поена и изнесува 9,9%, додека каматната стапка на денарските депозити забележа квартален пораст од 0,3 процентни поени и изнесува 5,2%. Ваквите дивергентни промени на активната и пасивната каматна стапка доведоа до понатамошно стеснување на каматната маргина, укажувајќи на раст на ефикасноста на банкарскиот систем. Долгорочниот тренд на намалување на каматните стапки се согледува преку каматните стапки на новоодобрените денарски кредити и новопримените денарски депозити, коишто, во просек, во последниот квартал на 2007 година изнесуваат 9,5% и 3,2%, соодветно.

Графикон 73
Кредити на банките на приватниот сектор, вложувања на банките во државни записи и каматни стапки
(просек по квартали)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Кај населението, намалување на просечната цена на кредити, а пораст на цената на депозитите*

Од секторски аспект, во четвртиот квартал на 2007 година е регистриран квартален пад на просечната каматна стапка на кредитите на населението за 0,2 процентни поена, додека просечната камата на депозитите забележа пораст од 0,2 процентни поена. Така, во анализираниот период, просечната цена на кредитите алоцирани кај секторот „население“ изнесува 11,4%, додека каматната стапка на нивните депозити е 5,6%. Најголема промена во текот на четвртиот квартал е забележана кај просечната каматна стапка на краткорочните кредити без валутна клаузула од 15,2% во третиот квартал, на 13,9% во последното тримесечје на 2007 година. Во доменот на каматните стапки на депозитите на населението не се регистрирани поголеми поединечни промени.

Графикон 74
Просечна пондерирана денарска активна и пасивна каматна стапка на населението - квартален просек
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Пораст на каматната стапка на депозитите на претпријатијата*

На пазарниот сегмент на кредитирање на корпоративниот сектор, цената на кредитите остана непроменета во однос на претходниот квартал и изнесува 8,8%. Од друга страна, забележан е квартален пораст на просечната каматна стапка на депозитите за 0,3 процентни поени, со што таа изнесува 4,5%. Споредено со третиот квартал, позначајна промена е регистрирана кај просечните каматни стапки на долгорочните орочени депозити без валутна клаузула, кои се зголемени за 4,3 процентни поени на квартална основа.

Графикон 75
Просечна пондерирана денарска активна и пасивна каматна стапка на корпоративниот сектор - квартален просек
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Од аспект на каматната стапка, како принос што го остварува приватниот сектор врз оваа основа, во четвртиот квартал на 2007 година и покрај непроменетата камата на орочените денарски депозити (до три месеци без валутна клаузула), штедењето на населението и понатаму бележи раст, додека инвестирањето во државни записи (тримесечни) бележи намалување. Кај корпоративниот сектор непроменетоста на каматната стапка на орочените денарски депозити (до три месеци без валутна клаузула) беше проследена со намалување на штедењето, при истовремено намалување на инвестициите на овој сектор во државните записи (тримесечни). Притоа, каматната стапка на орочените денарски депозити (до три месеци без валутна клаузула) на претпријатијата се приближи до каматната стапка на државни записи (тримесечните), за разлика од пасивната каматна стапка на населението (за тримесечните депозити) која е повисока од цената на државни записи (тримесечните).

Графикон 76
Вложувањата во тримесечни државни записи, сметководствена состојба на тримесечни денарски депозити и просечни каматни стапки




Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Пораст на каматите на девизните депозити, при непроменета цена на девизните кредити***

Просечната пондерирана девизна активна каматна стапка[33] во четвртиот квартал остана на истото ниво како и во претходниот период, односно 8,5%. Позначајни поместувања во последните три месеци на 2007 година се забележани кај просечните каматни стапки на краткорочните девизни кредити. Така, просечната цена според која населението користи кредити во странска валута забележа квартален пад од 0,8 процентни поени, при што во четвртиот квартал изнесуваше 12,7%. Намалување на просечната каматна стапка е регистрирано и кај девизните кредити наменети за претпријатијата, од 8,2% во третиот квартал на 8% во последниот квартал на 2007 година. Анализата на долгорочните просечни каматни стапки на девизните кредити во четвртиот квартал на 2007 година не покажа позначајни промени. Така, кај претпријатијата, просечната цена на девизните кредити е непроменета и изнесува 8,6%, додека кај населението е регистриран минимален квартален пад на цената на девизните кредити за 0,1 процентен поен и изнесува 8,7%.

Графикон 77
Каматна стапка на краткорочни и долгорочни девизни кредити на приватниот сектор - квартален просек
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во текот на четвртиот квартал на 2007 година е забележан умерен пораст на просечната каматна стапка на девизните депозити од 0,1 процентен поен, при што таа изнесува 2%. Просечната цена на девизните депозити на претпријатијата е зголемена и изнесува 2,3 %, наспроти 2,2% во третиот квартал. Најголема промена е забележана кај орочените девизни депозити во САД-долари со рок до 1 месец, каде што е регистриран квартален пад на просечната каматна стапка за 1,9 процентни поени (од 4,4% во третиот квартал, на 2,5% во четвртиот квартал). Кај секторот „население“ е забележан квартален пораст на просечната камата на девизните депозити од 0,1 процентен поен (од 1,8% во третиот квартал, на 1,9% во четвртиот квартал на 2007 година).

[33] Просечна пондерирана активна каматна стапка на девизните кредити за сите рочности и за сите сектори.

Графикон 78
Девизни депозити и кредити на приватниот сектор и каматни стапки - квартален просек
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Споредбената анализа на тримесечниот ЕУРИБОР (Euro Interbank offered rate) со каматната стапка на девизните кредити покажува нивна дивергентна динамика. Така, во текот на целата 2007 година, тримесечниот ЕУРИБОР во просек на квартално ниво е во постојан пораст. Од друга страна пораст кај просечната каматна стапка на девизните кредити е забележан само во вториот квартал на 2007 година, додека во следните квартали е со опаѓачки тренд.

Графикон 79
Каматна стапка на девизни кредити и меѓународна тримесечна каматна стапка ЕУРИБОР-квартален просек
(во%)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во првите два месеци на 2008 година, кај тримесечните државни записи е регистрирано постепено намалување на каматната стапка, при што во февруари се сведе на ниво од 5,05%. Каматните стапки на шестмесечните државни записи забележаа пораст во јануари и изнесуваа 5,4%, за да се намали повторно во февруари, сведувајќи се на 5,3%. Во јануари е забележан пораст на каматната стапка на дванаесетмесечните државни записи која достигна 5,7%.[34] Движењата на активната и на пасивната денарска каматна стапка во првите два месеца на 2008 година, продолжуваат со исто темпо како и во четвртиот квартал на 2007 година. Така, активната каматна стапка постепено се намалува, додека кај пасивната каматна стапка е забележан пораст, така што во февруари 2008 година го достигнаа

[34] Во март, аукцијата на тримесечните и дванаесетмесечните државни записи е спроведена преку тендер со износи (ограничена цена).

нивото од 9,7% и 5,5%, соодветно. Кај каматната стапка на девизните кредити е забележано поинтензивно намалување, при истовремен пораст на каматната стапка на девизните депозити, сведувајќи се на 8,1% и 2,2%, соодветно, во вториот месец на 2008 година.

## III. Јавни финансии

***Втор ребаланс на Буџетот за 2007 година, во октомври 2007 година***

Трендот на остварување буџетски суфицит во 2007 година беше прекинат во последниот квартал, кога во консолидираниот државен буџет е регистрирано негативно салдо, при интензивен раст на тековните и капиталните трошоци. Со цел порационално искористување и реалокации на акумулираните средства од претходните три квартали, во почетокот на октомври 2007 година беа донесени дополнителни измени на Буџетот за 2007[35] година. Измените се базираа врз неколку претпоставки, зголемена реализација кај сите видови даночни приходи, обезбедување средства за исплата на зголемените плати за јавната администрација, обезбедување средства за исплата на обврските од Договорот за продажба на „ЕСМ дистрибуција“, обезбедување средства како поддршка на финансиската консолидација на енергетскиот сектор и алокација на средства во вид на блок-дотации до единиците на локалната самоуправа кои преминаа во втората фаза од процесот на децентрализација. Притоа, ревидираните проекции на приходите и расходите на консолидираниот буџет за 2007 година не доведоа до поместувања кај проектираниот буџетски дефицит од 1% од проектираниот БДП за 2007 година.

Графикон 80
Вкупни буџетски приходи и расходи и буџетско салдо
(во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

***Остварен висок буџетски дефицит во буџетот на централната влада***

Во услови на поинтензивен пораст на вкупните јавни расходи од вкупните јавни приходи (32,8% и 14,8%, соодветно), во последниот квартал за прв пат во 2007 година е регистриран буџетски дефицит (во износ од 8.270 милиони денари), кој во најголема мерка беше реализиран во текот на декември. Доколку буџетското салдо се коригира за каматните отплати, примарниот буџетски дефицит е понизок за 12,9% од вкупното буџетско салдо.

[35] Извор: „Службен весник на РМ“ бр. 121/2007.

Графикон 81
Буџетското салдо и каматни отплати врз основа на екстерното и домашното задолжување
(во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

***Годишен пораст на вкупните јавни приходи...***

Во последните три месеци на 2007 година, вкупните приходи забележаа годишен пораст од 14,8%, при што 63,3% од растот се генерирани од порастот на даночните приходи. Притоа, 45,9% од порастот на даночните приходи се должи на високата реализација на данокот на додадена вредност, 17,4% од персоналниот данок на доход и 17,1% од царините, што упатува на зголемен промет во домашната трговија, зголемен увоз на стоки (сезонски ефект од новогодишните празници), поефикасна наплата на даноците и интензивирање на економската активност. Наплатата на придонесите учествува со 24% во вкупниот пораст на јавните приходи, при доминантно учество на приходите од придонесите за пензии, што на годишна основа се зголемија за 15,3%. Значајно зголемување на годишна основа од 2,9 пати бележат и капиталните приходи, што се должи на продажбата на општествените станови и државно градежно земјиште.

***...при зголемена наплата на даночни и неданочни приходи***

Графикон 82
Структура на даночните приходи
(во %)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

***Годишен пораст на јавните расходи, при зголемена реализација на капитални и на тековни трошоци***

Вкупните расходи во четвртиот квартал на 2007 година забележаа годишен раст од 32,8%, а нивното ниво претставува историски највисок квартален износ, што укажува на одредено релаксирање на фискалната политика. Поинтензивното државно трошење во последниот квартал на годината произлегува од истовремениот пораст на капиталните и тековните расходи, чиј придонес во вкупниот раст на расходите изнесува 52,1% и 47,9%, соодветно. Имено, по умереното капитално трошење на државата во првите три квартали на годината, во последниот квартал на годината капиталните расходи беа значајно зголемени и повисоки за 2,6 пати од истите во последниот квартал на 2006 година. Кај тековните расходи, кои структурно заземаат 79% од вкупните расходи, трошоците за

стоки и услуги и трошоците за трансфери забележаа висок годишен пораст од 41,2% и 23,7%, соодветно. Доколку се анализираат трошоците за плати и надоместоци, во последниот квартал на годината тие бележат годишно намалување од 9,1%, кое не соодветствува со порастот на платите во јавната администрација. Но сепак, имајќи го предвид отпочнувањето на втората фаза од процесот на фискална децентрализација и со тоа исплатата на платата на јавната администрација преку локалната самоуправа, може да се воочи дека ова намалување во целост е компензирано со годишниот пораст на трансферите до локалните власти од 6 пати. Имено, со одлуката донесена во јули 2007 година, трошоците за надоместоци и плати на вработените во четири сектори од локалната јавна администрација (образование, социјална политика и детска заштита, култура и здравство) се финансираат преку блок-дотации кај општините што ги исполниле соодветните критериуми. Притоа, значајно зголемување беше забележано и кај ставката „останати трансфери", од кои поголем дел се однесуваат на доделените субвенции на земјоделците.

Графикон 83
Структура на тековните трошења на државата
(во %)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

Основни извори на финансирање на буџетскиот дефицит во четвриот квартал на 2007 година се депозитите на државата кај НБРМ, како и заемите од странските кредитори (пред сè приливи врз основа на Програмскиот заем за развојни политики II од МБОР во износ од 23,3 милиони евра). Истовремено, на страната на одливите се изврши отплата на дел од домашниот долг, односно отплата на редовната рата од обврзницата за старо девизно штедење и одливи врз основа на враќање на дел од средствата (22,5 милиони евра) од приватизацијата на ЕСМ на странскиот инвеститор по извршената ревизија.

Графикон 84
Финансирање на буџетското салдо
(во милиони денари)




* Позитивна промена - повлекување депозити; негативна промена - кумулирање депозити.
Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

Дел од финансирањето на буџетскиот дефицит се изврши и преку задолжување на домашниот финансиски пазар, при што реализираните нето-приливи изнесуваа 530 милиони денари. Притоа, на примарниот пазар на државни записи беше регистрирана поголема понуда од побарувачка (за 28,4%) и просечна пондерирана каматна стапка од 5,2% (наспроти 5% од третиот квартал). Од аспект на рочноста, најзастапени беа тримесечните трезорски записи (86,5% од вкупно реализираните државни записи), при што состојбата на тримесечните трезорски записи за фискални цели беше зголемена за 595,5 милиони евра во однос на претходниот квартал.

Графикон 85
Вкупна понуда и побарувачка на трезорски записи (во милиони денари) и просечна пондерирана каматна стапка и состојби на инвестиции во трезорските записи (по рочност)
(во милиони денари)




*Ги вклучува државните записи за монетарни цели.
Извор: Народна банка на Република Македонија и Министерство за финансии на Република Македонија.

И покрај кварталниот пораст на надворешниот јавен долг (главно поради Програмскиот заем за развојни политики II), вкупниот јавен долг[36]

[36] Заради конзистентност на анализата, јавниот долг се заснова врз долгот на централната државна власт и фондовите (консолидираниот долг на државната власт без долгот на НБРМ, општините и јавните претпријатија). Имено, ваквата анализа не соодветствува со националната методологија за пресметка на јавниот долг во која е вклучен и долгот на општините и јавните претпријатија (без долгот на НБРМ) и статистика на владините финансии (на ММФ) во која е вклучен и долгот на НБРМ. Од

на квартална основа се намали за 1,5%. Притоа, кварталниот пад се однесува на домашниот јавен долг, односно, намалената емисија на континуирани државни хартии од вредност и намалувањето на долгот врз основа на структурните обврзници (пред сѐ обврзницата за старо девизно штедење).

Графикон 86
Структура на вложувањата во државни записи по инвеститори*
(во %)




* На 07.03.2006 година, Народна банка на Република Македонија во соработка со Министерството за финансии започна со емисија на државни записи за монетарни цели, со рок на достасување од 3 месеци.
Извор: Народна банка на Република Македонија и Министерство за финансии на Република Македонија.

Според последните расположливи податоци, во првите два месеца на 2008 година во Буџетот на Република Македонија беа реализирани повисоки вкупни приходи од вкупните расходи, што придонесе за остварување суфицит. Во рамките на вкупните остварени приходи и понатаму најзначајна компонента претставуваат даночните приходи, односно пред сѐ високата реализација на данокот на додадена вредност (49,8% од вкупните даночни приходи). На страната на вкупните расходи, најголемиот дел од државните трошоци се однесуваат на тековните трошоци, односно социјалните трансфери (учество од 78,2% од вкупните трансфери).

Од аспект на финансирањето, средствата од остварениот буџетски суфицит во најголем дел се одразуваат на денарската сметка на државата кај НБРМ, а значителни нето-приливи беа остварени преку издавање на концесија за користење на технологијата 3Г и финансирање на државата на домашниот финансиски пазар. Притоа, на примарниот пазар на државни записи (за сите рокови) беше реализирана поголема побарувачка од понуда за 29,7%.

## IV. Пазар на капитал

***Пораст на вкупниот берзански промет во последниот квартал на 2007 година***

По падот во претходниот квартал, во последниот квартал на 2007 година вкупниот берзански промет забележа квартален пораст од 17,7%. Меѓукварталниот пораст, во најголем дел е резултат на преземањето на една осигурителна компанија од страна на странски инвеститор преку блок-трансакција во ноември. Прометот реализиран

---

друга страна, домашниот долг на централната државна власт се однесува на структурните и континуираните хартии од вредност.

преку класично тргување (без блок-трансакции) забележа квартален пад од 4%, рефлектирајќи го помалиот интерес за тргување со хартиите од вредност од официјалната берзанска котација (намалување на прометот за 36,2%). Падот на прометот се ефектуира и покрај објавувањето на податоците за годишен пораст на добивката на котираните компании[37], што ја потврдува поголемата сензитивност на побарувачката на малите инвеститори на тековните ценовни промени, наспроти реакцијата на потенцијалот на компаниите и потенцијалното идно движење на цените.

Графикон 87
Берзански промет
(во милиони денари)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

[37] Врз основа на неревидирани биланси на успех за периодот од 01.01.-31.12.2007 година на сите котирани друштва, од кои 29 искажале добивка, а 9 друштва загуба. Вкупната објавена добивка на котираните друштва за првите девет месеци од 2007 година е поголема за 123% во однос на истиот период од претходната година. Вкупната објавена добивка на котираните друштва за 2007 година е зголемена за 37,04% во однос на објавената добивка за првите девет месеци од годината.

Графикон 88

Структура на берзанскиот промет во четвртиот квартал на 2007 година

Македонски берзански индекс (МБИ-10), Индекс на јавно поседувани друштва (МБИД) и берзански промет остварен со класично тргување[38]
(во%)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

*Пад на вредноста на берзанскиот индекс МБИ-10*

Вредноста на индексот МБИ-10[39] на крајот на 2007 година изнесува 7.740,79 индексни поени, или просечно намалување на цените на акциите на десетте компании што го сочинуваат индексот од 16,6% споредено со 30.09.2007 година. Во последниот квартал на 2007 година, движењето на индексот се одликува со рапиден надолен тренд, со кратки периоди на стагнација и умерено зголемување на нивото во последните две декади на декември. Намалувањето на вредноста на индексот во најголем дел се должи на нискиот промет остварен со хартиите на котираните компании, во услови на пад на интересот за инвестирање и на домашните и на странските инвеститори. Вредноста на индексот на јавно поседувани друштва - МБИД[40], на крајот на четвртиот квартал изнесува 8.413,56, што претставува намалување од 14,2% во споредба со 30.09.2007 година.

---

[38] На графиконот е прикажан дневниот берзански промет остварен со класично тргување, кој освен блок-трансакциите ги исклучува и трансакциите остварени на државниот сегмент, како и трансакциите со други хартии од вредност (сертификати издадени за депозитите во пропаднатите штедилници).

[39] Ценовен индекс пондериран со пазарната капитализација, изготвен врз основа на обичните акции на десет котирани друштва на официјалниот пазар.

[40] Ценовен непондериран индекс, чиј составни елементи се избираат врз основа на бројот на деновите на тргување и остварениот промет помеѓу две ревизии на индексот. Согласно со ревизијата на индексот од 18.12.2007 година, елементи на МБИД се обичните акции издадени од четиринаесет акционерски друштва со кои се тргува на редовниот пазар, а коишто во претходниот квартал сочинувале околу 93% од вкупниот промет на Пазарот на јавно поседувани друштва.

Графикон 89
Учество на странските инвеститори во вкупниот промет остварен на Берзата




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

По историски највисокиот износ на нето-инвестиции на странски инвеститори во октомври, во наредните два месеца од кварталот тие забележаа рапидно намалување. Намалувањето продолжи и во јануари, при што странските инвеститори на нето-основа повеќе повлекуваа средства отколку што инвестираа. Во февруари, странците инвестираа на нето-основа, но сепак во многу мал износ. Ваквиот пресврт во трендот може да се објасни со неколку фактори: воздржаност од инвестирање заради политички ризици, забавувањето на глобалниот раст, како и продажбата на акциите на хрватскиот „Телеком“, како атрактивна инвестиција за регионалните инвеститори[41]. На крајот на 2007 година нерезидентите учествуваат со 21,8% во вкупниот капитал на котираните компании и во вкупната номинална вредност на котираните обврзници[42], збирно, (наспроти 22,0% на крајот на септември 2007 година). Од вкупните вложувањата во акции на берзата, на странските инвеститори отпаѓаат 30,9%, додека учеството на нерезидентите во државни обврзници изнесува 8,4%.

Во текот на четвртиот квартал, вкупниот износ на откупени девизни средства од страна на НБРМ врз основа на странски портфолио-инвестиции за 23,8% го надминува износот на продадени девизни средства врз основа на повлекување на вложените средства од страна на нерезидентите.

***Намалена берзанска активност на физичките лица***

Анализата на интересот за берзанските трансакции на домашните физички лица во четвртиот квартал покажува дека и понатаму резидентните физички лица остваруваат поголемо учество на продажната, отколку на куповната страна. Домашните физички лица во берзанските купувања учествувале со 23,3%, во просек, во рамки на кварталот, што претставува намалување од 11,4 процентни поени споредено со претходниот квартал, додека на страната на продажбите учествувале со 40,7% во просек, што е помалку за 14,4 процентни поени анализирано на истата споредбена основа.

[41] Во октомври, на берзата во Загреб започна тргувањето со акциите на „Хрватските телекомуникации“ (ХТ) - приватизација преку јавна понуда на акции вредна 1,38 милијарди САД-долари и седма по големина во Европа според извештајот на „Томсон фајненшал“ (Thomson Financial), која привлече голем број институционални инвеститори од регионот.
[42] Според податоци од Централниот депозитар на хартии од вредност.

Графикон 90
Учество на купувањата и на продажбите на домашните и странските физички лица во вкупниот берзански промет (во %)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

Доколку се анализираат берзанските индекси во регионот, освен индексот на акциите котирани на берзата во Загреб, кој на крајот на декември во однос на крајот на септември 2007 година забележа пораст од 4%, просечните цени на акциите коишто ги сочинуваат сите останати индекси на регионалните берзи бележат намалување.

Графикон 91
Берзански индекси на регионалните берзи




Извор: Официјални интернет-страници на соодветните регионални берзи.

***Растечки тренд на индексот ОМБ со кратки периоди на стагнација и опаѓање на вредноста***

Во последниот квартал на 2007 година, остварениот промет со *државни обврзници* на официјалниот пазар на берзата бележи удвојување на вредноста во однос на претходниот квартал. Порастот би можел да се интерпретира и како пренасочување на инвеститорите кон безризични хартии од вредност. Прометот на овој пазарен сегмент беше реализиран преку трансакциите со обврзниците за старото девизно штедење и обврзниците за денационализација. Цените на државните обврзници се движеа од 78% (Обврзницата за денационализација од шестата емисија) до 89,4% од номиналната вредност[43] (Обврзницата за старото девизно штедење). Во текот на

[43] Интервалот е утврден во согласност со постигнатите последни просечни дневни цени на тргување на обврзниците, а податокот е изворно од неделните листи на тргување кој ги објавува Берзата.

кварталот, ОМБ[44] забележа растечки тренд со кратки периоди на стагнација и опаѓање на вредноста, при што на крајот на 2007 година се позиционира на 105,58 индексни поени (пораст од 3,4% во споредба со крајот на септември 2007 година).

Графикон 92
Индекс на обврзници на Македонската берза (ОМБ)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

Во текот на четвртиот квартал на 2007 година, реализираниот промет со долгорочни државни хартии од вредност на Пазарот преку шалтер е во вредност од само 10 милиони денари, и тоа преку единствена трансакција во октомври, каде што како купувач се јавува правно лице, продавачот е банка, а државната обврзница е со преостаната и оригинална рочност до три години. Со трезорски записи исто така е остварена само една трансакција во ноември во износ од 5,5 милиони денари, додека со благајнички записи на НБРМ, на Пазарот преку шалтер секундарно се тргувало во износ од 650 милиони денари, реализирани преку 20 трансакции.

Од 01.01.2008 година престана да важи Одлуката за начинот и условите за работа на нерезиденти со хартии од вредност во Република Македонија, со што се овозможува целосна либерализација на купувањето на хартии од вредност од страна на нерезиденти. Истовремено, укинувањето на регулативата за правата значи и намалување на административниот товар при влезот на портфолио-инвестициите, како и изедначување на условите за странските портфолио-инвеститори со останатите земји од регионот, без ризик за загрозување на макроекономската стабилност.

Прометот остварен со класично тргување на берзата во првите два месеца на 2008 година е само околу една петтина од износот истргуван со класично тргување во последниот квартал на 2007 година, а падот во најголем дел се поврзува со политичката ситуација во земјата и регионот. Во првите два месеца од 2008 година во блок-трансакции се истргуваа 506 милиони денари, од кои поголем дел се однесуваат на продажбата на дел од капиталот на една осигурителна компанија на страннски инвеститор. На крајот на февруари 2008 година споредено со крајот на 2007 година, и МБИ-10 и МБИД покажуваат загуба во

[44] Индексот ОМБ е составен од обврзниците за старо девизно штедење и Обврзниците за денационализација од првата, втората, третата, четвртата и петтата емисија, при што почетната вредност на ОМБ е 100. ОМБ е ценовен индекс пондериран со прометот, со ограничување дека уделот на ниту една обврзница во составот на индексот не смее да надминува 30%.

вредноста од 8,85% и 8,87%, соодветно. Слични движења бележат и берзите во регионот, што може да се толкува како последица на глобалниот проблем со ликвидноста на финансиските пазари. Имено, просечниот пад на цените на акциите во првите два месеца од 2008 година се движи од 8,3% во Србија до 16,7% во Хрватска.

Од почетокот на 2008 година, учеството на домашните физички лица на страната на купувањата, односно продажбите се релативно врамнотежени (во јануари, домашните физички лица на нето-основа инвестираат, а во февруари повеќе повлекуваа, отколку што инвестираа средства, но сепак во релативно мал износ). Нерезидентите и понатаму бележат ниски учества и во куповните и во продажните трансакции на „Македонската берза“.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

**Табели од реалниот сектор**
Табела 1: Бруто домашен производ 67
Табела 2: Цени 68
Табела 3: Индустриско производство и продуктивност во индустријата 69
Табела 4: Вработеност 70
Табела 5: Плати 71
Табела 6: Државен буџет 72

**Табели од монетарниот сектор**
Табела 7: Биланс на Народна банка 73
Табела 8: Биланс на депозитни банки 74
Табела 9: Биланс на штедилници 75
Табела 10: Монетарен преглед (без штедилници) 76
Табела 11: Монетарен преглед (со штедилници) 78-79
Табела 12: Кредити на недржавен сектор 80
Табела 13: Монетарни агрегати и нивните компоненти (недржавен сектор) 81
Табела 14: Вкупни побарувања на депозитните банки 82-83
Табела 15: Вкупни обврски на депозитните банки 84-85
Табела 16: Извештај за пондерирани каматни стапки на примени депозити и дадени кредити 86
Табела 17: Каматни стапки на Народна банка на Република Македонија 87
Табела 18: Задолжителна резерва на банки и штедилници 88
Табела 19: Каматни стапки на државни хартии од вредност 89

**Табели од надворешнотрговскиот и девизен сектор**
Табела 20: Платен биланс на Република Македонија - Агрегатни податоци 90
Табела 21: Платен биланс на Република Македонија - Агрегатни податоци 91
Табела 22: Платен биланс на Република Македонија - услуги 92
Табела 23: Платен биланс на Република Македонија - доход 93
Табела 24: Платен биланс на Република Македонија - тековни трансфери 94
Табела 25: Платен биланс на Република Македонија - капитална и финансиска сметка (без официјални резерви) 95
Табела 26: Надворешнотрговска размена на Република Македонија по сектори на СМТК и по економска намена 96
Табела 27: Надворешнотрговска размена на Република Македонија по земји 97
Табела 28: Состојба на странски директни инвестиции во Република Македонија по земји на инвеститори 98-99
Табела 29: Состојба на странски директни инвестиции во Република Македонија по дејности 100
Табела 30: Меѓународна инвестициона позиција на Република Македонија - состојба на крај на период 101
Табела 31: Меѓународна инвестициона позиција на Република Македонија - состојба на крај на период 102
Табела 32: Бруто надворешен долг на Република Македонија - состојба 103
Табела 33: Бруто надворешни побарувања на Република Македонија - состојба 104
Табела 34: Нето надворешен долг на Република Македонија - состојба 105
Табела 35: Девизни резерви 106
Табела 36: Девизен курс на денарот (просек за периодот) 107
Табела 37: Среден девизен курс на денарот (на крај на периодот) 108
Табела 38: Индекси на ефективен девизен курс на денарот 109

**Методолошки објаснувања 110**

Табела 1

**Бруто домашен производ**

Во милиони денари (1997=100) и годишни стапки на реален раст (во %)

| | БДП вкупно | % | Земјоделство, лов, шумарство и рибарство | % | Вадење руди и камен, преработувачка индустрија и снабдување со елек.енргија, гас и вода | % | Градежништво | % | Трговија на големо и трговија на мало | % | Хотели и ресторани | % | Сообраќај, складирање и врски | % | Финансиско посредување | % | Јавна управа и одбрана | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *НКД*[/1] | | | А+Б | | В+Г+Д | | Ѓ | | Е | | Ж | | З | | Ѕ+И+Љ | | Ј+К+Л+Х | |
| 1997 | 186018 | 1,4 | 20411 | | 45317 | | 9867 | | 21297 | | 2819 | | 11372 | | 26002 | | 27067 | |
| 1998 | 192308 | 3,4 | 21083 | 3,3 | 45969 | 1,4 | 10626 | 7,7 | 21377 | 0,4 | 3025 | 7,3 | 14385 | 26,5 | 26002 | 0,0 | 27395 | 1,2 |
| 1999 | 200669 | 4,3 | 21273 | 0,9 | 46750 | 1,7 | 11732 | 10,4 | 22025 | 3,0 | 3771 | 24,7 | 16854 | 17,2 | 26499 | 1,9 | 28519 | 4,1 |
| 2000 | 209777 | 4,5 | 21489 | 1,0 | 51122 | 9,4 | 12037 | 2,6 | 22695 | 3,0 | 3345 | -11,3 | 18282 | 8,5 | 27215 | 2,7 | 28546 | 0,1 |
| 2001 | 200284 | -4,5 | 19169 | -10,8 | 48786 | -4,6 | 10300 | -14,4 | 22505 | -0,8 | 3195 | -4,5 | 16761 | -8,3 | 27783 | 2,1 | 27876 | -2,3 |
| 2002 | 201993 | 0,9 | 18779 | -2,0 | 48390 | -0,8 | 10364 | 0,6 | 23725 | 5,4 | 3726 | 16,6 | 16467 | -1,8 | 26758 | -3,7 | 28843 | 3,5 |
| 2003 | 207690 | 2,8 | 19686 | 4,8 | 50845 | 5,1 | 11741 | 13,3 | 24146 | 1,8 | 4085 | 9,6 | 16539 | 0,4 | 25787 | -3,6 | 30262 | 4,9 |
| 2004 | 216164 | 4,1 | 20908 | 6,2 | 50439 | -0,8 | 12610 | 7,4 | 27933 | 15,7 | 3623 | -11,3 | 15745 | -4,8 | 28817 | 11,8 | 30068 | -0,6 |
| 2005 | 225035 | 4,1 | 20941 | 0,2 | 51803 | 2,7 | 12725 | 0,9 | 29243 | 4,7 | 3675 | 1,4 | 17387 | 10,4 | 28283 | -1,9 | 31476 | 4,7 |
| 2006[/3] | 231849 | 3,0 | 21069 | 0,6 | 53657 | 3,6 | 12674 | -0,4 | 30854 | 5,5 | 3674 | 0,0 | 18633 | 7,2 | 28719 | 1,5 | 32115 | 2,0 |
| 2005 Кв.1 | 51487 | 3,0 | 5064 | 1,2 | 11358 | 0,6 | 2003 | -4,1 | 6500 | 2,7 | 783 | -1,3 | 3988 | 10,7 | 7010 | -2,9 | 7847 | 3,7 |
| Кв.2 | 56655 | 5,1 | 5251 | 0,7 | 13210 | 8,7 | 3337 | -3,3 | 7328 | 5,0 | 905 | 3,2 | 4343 | 11,8 | 7042 | -2,4 | 7834 | 3,4 |
| Кв.3 | 57353 | 4,2 | 5341 | -0,1 | 13112 | 1,8 | 3684 | 3,0 | 7225 | 5,4 | 1056 | 3,2 | 4517 | 12,4 | 7058 | -1,9 | 7847 | 5,1 |
| Кв.4 | 59540 | 4,0 | 5285 | -1,0 | 14123 | 0,0 | 3701 | 6,0 | 8190 | 5,4 | 931 | 0,1 | 4539 | 7,1 | 7173 | -0,3 | 7948 | 6,5 |
| 2006 Кв.1 | 52973 | 2,9 | 5319 | 5,0 | 11148 | -1,8 | 2185 | -2,4 | 7029 | 8,1 | 854 | 9,1 | 4428 | 11,0 | 7656 | 9,2 | 7956 | 1,4 |
| Кв.2 | 59104 | 4,3 | 5502 | 4,8 | 13726 | 3,9 | 3783 | 13,4 | 7759 | 5,9 | 963 | 6,4 | 4754 | 9,5 | 7713 | 9,5 | 8044 | 2,7 |
| Кв.3 | 60176 | 4,9 | 5579 | 4,5 | 14064 | 7,3 | 4191 | 13,8 | 7664 | 6,1 | 1132 | 7,2 | 4846 | 7,3 | 7755 | 9,9 | 8044 | 2,5 |
| Кв.4 | 61679 | 3,6 | 5512 | 4,3 | 14192 | 0,5 | 4005 | 8,2 | 8778 | 7,2 | 1003 | 7,7 | 5066 | 11,6 | 7807 | 8,8 | 8151 | 2,6 |
| 2007 Кв.1[/2] | 56584 | 6,8 | 5490 | 3,2 | 12443 | 11,6 | 2314 | 5,9 | 7987 | 13,6 | 856 | 0,2 | 4917 | 11,0 | 7894 | 3,1 | 8006 | 0,6 |
| Кв.2 | 61628 | 4,3 | 5601 | 1,8 | 13337 | -2,8 | 3934 | 4,0 | 8913 | 14,9 | 1071 | 11,2 | 5381 | 13,2 | 8124 | 5,3 | 8154 | 1,4 |
| Кв.3 | 62727 | 4,2 | 5278 | -5,4 | 14222 | 1,1 | 4423 | 5,5 | 8567 | 11,8 | 1253 | 10,7 | 5546 | 14,4 | 8274 | 6,7 | 8131 | 1,1 |
| Кв.4 | 64917 | 5,2 | 4900 | -11,1 | 15074 | 6,2 | 4318 | 7,8 | 10151 | 15,6 | 1041 | 3,8 | 5637 | 11,3 | 8290 | 6,2 | 8157 | 0,1 |

Извор: Државен завод за статистин

[/1] Национална класификација на дејности.

[/2] Проценети податоци,

Табела 2
**Цени**
Годишни стапки на раст (%)

| | Индекс на трошоци на живот [1] (стапки на раст) | | | | | | | | | | | | | | | Индекс на цени на производители на индустриски производи (стапки на раст) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | По категории | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | Домување | | | | | | | | | |
| | Вкупно | Стоки | Услуги | Исхрана | Тутун и пијалаци | Облека и обувки | Вкупно | Стан (станарина, вода, услуги) | Огрев и осветление | Покуќнина | Хигиена и здравје | Култура и разонода | Сообраќајни средства и услуги | Ресторани и хотели [2] | Останати услуги [2] | |
| 1997 | 2,6 | 2,2 | 3,8 | 4,2 | -3,9 | -1,6 | 1,7 | 0,3 | 3,8 | 1,6 | -0,5 | -8,6 | 19,4 | | | 4,2 |
| 1998 | -0,1 | 0,0 | -0,4 | -0,2 | 3,6 | 2,4 | 0,4 | 0,0 | 0,4 | 2,0 | 0,1 | -10,3 | 2,4 | | | 4,0 |
| 1999 | -0,7 | -1,1 | 0,5 | -1,6 | 0,2 | 1,2 | 0,3 | 0,1 | 1,1 | -1,9 | -1,4 | -2,2 | -0,8 | | | -0,1 |
| 2000 | 5,8 | 5,2 | 8,9 | -0,4 | 13,9 | -2,3 | 19,3 | 8,8 | 27,4 | 1,7 | -1,7 | -1,6 | 22,4 | | | 8,9 |
| 2001 | 5,5 | 4,5 | 10,9 | 6,9 | 2,3 | 1,3 | 5,5 | 11,3 | 3,9 | 0,1 | -0,7 | 1,9 | 9,5 | | | 2,0 |
| 2002 | 1,8 | 1,2 | 5,0 | 1,8 | 1,0 | 6,8 | 1,7 | 4,1 | 1,0 | -0,6 | -3,8 | 3,6 | 2,1 | | | -0,9 |
| 2003 | 1,2 | 0,3 | 5,9 | -1,4 | 3,4 | 2,2 | 3,9 | 3,9 | 4,4 | 1,1 | 3,9 | 2,2 | 4,2 | | | -0,3 |
| 2004 | -0,4 | -1,1 | 3,3 | -3,1 | 1,1 | 0,9 | 2,2 | -0,3 | 3,0 | 4,2 | 0,4 | 1,3 | 4,0 | | | 0,9 |
| 2005 | 0,5 | 0,3 | 1,3 | -1,2 | 5,5 | 2,2 | 0,4 | 0,3 | 1,0 | -1,2 | -3,5 | 0,9 | 3,7 | | | 3,2 |
| 2006 | 3,2 | 3,7 | 1,3 | 2,2 | 17,8 | 0,2 | 2,0 | -0,7 | 3,7 | -0,8 | 2,0 | 6,4 | 1,8 | | | 4,5 |
| 2006 Кв.1[3] | 2,7 | 3,2 | 0,9 | 1,6 | 17,7 | -0,5 | 0,9 | -0,2 | 1,6 | -0,5 | 0,3 | 6,0 | 2,6 | | | 5,6 |
| Кв.2 | 3,4 | 3,8 | 2,0 | 2,3 | 17,5 | 0,3 | 1,1 | 0,2 | 1,9 | -0,5 | 1,9 | 6,8 | 3,8 | | | 5,7 |
| Кв.3 | 3,6 | 4,0 | 1,9 | 2,9 | 17,9 | 0,5 | 1,7 | -0,6 | 3,2 | -0,9 | 2,7 | 6,9 | 2,3 | | | 4,1 |
| Кв.4 | 3,1 | 3,7 | 0,4 | 2,1 | 17,9 | 0,6 | 4,2 | -2,2 | 7,9 | -1,1 | 2,9 | 5,7 | -1,5 | | | 2,4 |
| 2007 Кв.1 | 0,7 | 1,3 | -1,1 | 0,7 | 0,1 | 1,8 | 5,1 | 1,6 | 8,8 | -1,8 | 0,0 | 3,5 | -5,0 | 3,0 | -2,8 | 1,0 |
| Кв.2 | 1,1 | 1,6 | -0,5 | 0,7 | 2,2 | 1,0 | 5,9 | 6,6 | 7,8 | -0,9 | 0,5 | 3,1 | -4,3 | 3,6 | 11,6 | 1,2 |
| Кв.3 | 2,4 | 3,0 | 0,2 | 3,8 | 2,3 | 1,1 | 5,2 | 7,5 | 6,0 | -0,1 | 0,9 | 3,6 | -3,1 | 3,9 | 12,5 | 1,6 |
| Кв.4 | 4,9 | 6,2 | 0,4 | 10,4 | 2,4 | 3,5 | 2,8 | 9,6 | 1,1 | 0,0 | 0,0 | -0,5 | -0,6 | 8,0 | 13,0 | 2,1 |
| Јануари | 0,8 | 1,4 | -1,2 | 1,1 | 0,1 | 1,2 | 4,8 | -0,7 | 9,3 | -1,9 | -0,1 | 3,5 | -4,8 | 3,3 | 0,3 | 1,3 |
| Февруари | 0,5 | 1,1 | -1,3 | 0,8 | 0,0 | 1,8 | 4,5 | -0,6 | 8,7 | -1,9 | 0,1 | 3,5 | -5,8 | 3,3 | -1,1 | 0,3 |
| Март | 0,8 | 1,3 | -0,9 | 0,3 | 0,1 | 2,2 | 6,0 | 6,2 | 8,3 | -1,4 | 0,1 | 3,6 | -4,4 | 2,5 | -1,1 | 1,4 |
| Април | 1,0 | 1,4 | -0,2 | 0,3 | 2,3 | 1,2 | 6,0 | 7,0 | 8,0 | -1,5 | 0,2 | 3,5 | -4,0 | 4,2 | 11,7 | 1,0 |
| Мај | 0,9 | 1,4 | -0,8 | 0,7 | 2,2 | 0,9 | 5,8 | 6,4 | 7,7 | -1,1 | 0,1 | 3,4 | -5,1 | 3,5 | 11,7 | -1,0 |
| Јуни | 1,3 | 1,9 | -0,6 | 1,1 | 2,1 | 0,8 | 6,0 | 6,3 | 7,9 | -0,2 | 1,0 | 2,4 | -3,7 | 3,1 | 11,7 | 1,0 |
| Јули | 1,3 | 1,9 | -0,8 | 0,7 | 2,3 | 0,8 | 6,1 | 6,4 | 7,9 | -0,2 | 0,8 | 4,2 | -3,8 | 3,0 | 11,7 | 0,0 |
| Август | 2,2 | 3,3 | -1,3 | 3,9 | 2,4 | 0,6 | 6,2 | 6,5 | 8,1 | -0,2 | 1,1 | 4,3 | -4,9 | 3,1 | 12,9 | 1,2 |
| Септември | 3,6 | 3,9 | 2,6 | 6,7 | 2,4 | 1,7 | 3,5 | 9,7 | 2,1 | 0,2 | 0,9 | 2,3 | -0,6 | 5,7 | 13,0 | 2,0 |
| Октомври | 3,9 | 4,8 | 0,9 | 8,2 | 2,5 | 2,1 | 1,9 | 9,6 | -0,4 | 0,0 | -0,5 | 0,6 | 0,5 | 6,3 | 13,5 | 3,3 |
| Ноември | 4,6 | 6,1 | -0,5 | 10,2 | 2,4 | 2,8 | 2,5 | 9,7 | 0,5 | -0,1 | -0,2 | -0,8 | -0,8 | 7,6 | 13,5 | 4,8 |
| Декември | 6,1 | 7,6 | 0,7 | 12,8 | 2,4 | 5,6 | 4,1 | 9,5 | 3,3 | 0,0 | 0,6 | -1,2 | -1,6 | 10,0 | 12,2 | 4,2 |
| 2008 Кв.1 | 9,5 | 11,0 | 3,9 | 19,0 | 4,2 | 1,6 | 3,6 | 8,5 | 2,7 | 0,4 | 1,5 | -0,3 | 4,4 | 11,8 | 16,7 | |
| Јануари | 8,7 | 10,3 | 2,6 | 17,8 | 2,5 | 2,2 | 3,0 | 9,5 | 1,4 | 0,3 | 1,9 | -0,7 | 3,4 | 10,6 | 14,8 | 9,5 |
| Февруари | 9,6 | 11,0 | 4,4 | 18,7 | 4,7 | 1,2 | 4,5 | 11,7 | 2,9 | 0,6 | 1,8 | -0,4 | 4,7 | 12,3 | 17,5 | 10,2 |
| Март | 10,2 | 11,7 | 4,7 | 20,6 | 5,3 | 1,4 | 3,3 | 4,4 | 3,7 | 0,3 | 0,9 | 0,3 | 5,2 | 12,6 | 17,7 | |

Извор: Државен завод за статистика.

[1] Индексот на трошоци на живот се однесува на индексот на цени на потрошувачите (CPI-consumer price index).

[2] Почнувајќи од 2007 година, структурата на индексот на трошоците на животот (CPI) е
проширена за категориите: ресторани и хотели и за категоријата останати услуги

[3] Кварталните пресметки се изработени во Дирекција за истражување на НБРМ.

Табела 3

**Индекс на индустриското производство и индекс на продуктивноста во индустријата**

Годишни стапки на раст (%)

| | По сектори | | | | По група на производи | | | | | Продуктивност [1] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Вадење руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | Енергија | Интермедијарни производи, освен енергија | Капитални производи | Трајни производи за широка потрошувачка | Нетрајни производи за широка потрошувачка | |
| 2002 | -5,3 | -24,5 | -4,7 | -3,8 | -16,8 | -8,0 | 53,3 | -22,6 | -2,4 | - |
| 2003 | 4,7 | -39,1 | 5,9 | 9,8 | 28,7 | -12,1 | -9,0 | 36,9 | 19,0 | - |
| 2004 | -2,2 | -5,0 | -2,1 | -2,6 | -1,8 | 0,9 | -20,1 | 9,1 | -3,4 | - |
| 2005 | 7,0 | 40,4 | 7,3 | 2,5 | 4,6 | 14,2 | -3,2 | -14,9 | 3,8 | 10,6 |
| 2006 | 2,5 | 28,0 | 2,4 | -0,6 | 1,5 | 7,3 | 8,2 | -5,0 | -2,2 | 9,2 |
| 2005 Кв.1[2] | 5,2 | -18,9 | 6,4 | 3,8 | 2,3 | 14,8 | -0,9 | -18,2 | 1,8 | 1,9 |
| Кв.2 | 13,5 | 17,0 | 16,3 | -0,5 | 6,5 | 24,6 | -1,2 | 4,8 | 8,9 | 17,9 |
| Кв.3 | 6,0 | 62,9 | 5,5 | 2,0 | 4,0 | 9,8 | -2,5 | -11,1 | 5,4 | 16,3 |
| Кв.4 | 4,2 | 97,1 | 2,5 | 4,3 | 7,4 | 9,5 | -5,3 | -24,8 | -0,1 | 6,4 |
| 2006 Кв.1 | 0,5 | 111,6 | -0,9 | -0,9 | 3,0 | 5,6 | -2,5 | 10,5 | -6,1 | 8,3 |
| Кв.2 | 1,7 | 53,2 | 1,3 | -2,0 | -3,0 | 5,1 | 17,0 | -6,5 | -0,3 | 7,6 |
| Кв.3 | 4,3 | 13,1 | 4,9 | 0,1 | 0,7 | 12,0 | 0,1 | 2,1 | -0,7 | 5,5 |
| Кв.4 | 3,5 | 4,8 | 4,0 | 1,9 | 5,7 | 6,3 | 26,3 | -12,5 | -1,1 | 15,6 |
| 2007 Кв.1 | 11,6 | 13,9 | 16,0 | -9,1 | -2,1 | 25,0 | 39,0 | 10,3 | 6,2 | 18,7 |
| Кв.2 | -2,8 | 16,2 | -1,5 | -20,8 | -16,6 | 7,9 | -4,4 | 25,3 | -7,8 | 3,6 |
| Кв.3 | 1,1 | 15,4 | 1,5 | -8,7 | -4,5 | 7,5 | 27,3 | -3,0 | -5,8 | 11,5 |
| Кв.4 | 6,2 | -3,3 | 7,8 | -1,1 | -6,2 | 15,3 | 24,7 | 6,5 | 1,8 | 6,4 |
| Јануари | 10,6 | 11,7 | 16,4 | -9,8 | -11,6 | 31,8 | 102,3 | 53,3 | 3,5 | - |
| Февруари | 14,9 | 29,9 | 17,8 | -4,2 | 13,4 | 23,7 | 33,3 | -8,8 | 7,6 | - |
| Март | 9,6 | 0,8 | 14,2 | -12,7 | -5,5 | 21,6 | 14,9 | 6,1 | 7,0 | - |
| Април | 5,3 | 10,1 | 6,8 | -6,8 | 18,1 | 18,9 | -11,9 | 39,5 | -9,7 | - |
| Мај | -5,8 | 25,0 | -4,6 | -25,6 | -37,2 | 3,6 | 16,2 | 15,1 | -5,5 | - |
| Јуни | -7,1 | 14,6 | -5,4 | -32,1 | -29,6 | 2,9 | -13,0 | 23,1 | -8,3 | - |
| Јули | -2,2 | 56,1 | -2,1 | -18,9 | -11,1 | 6,9 | 4,0 | 8,4 | -7,0 | - |
| Август | 1 | 3,3 | 2,2 | -11,6 | -8,9 | 14,3 | 2,5 | 4,0 | -7,8 | - |
| Септември | 4,5 | 0,6 | 4,3 | 9,5 | 9 | 1,9 | 77,6 | -15,4 | -2,4 | - |
| Октомври | 10,5 | -4,0 | 14,6 | -13,5 | -8,3 | 22,5 | 70,0 | 10,7 | 0,0 | - |
| Ноември | 5,5 | -11,3 | 7,3 | -1,0 | -8,2 | 21,1 | 9,1 | 17,4 | -1,8 | - |
| Декември | 2,6 | 4,8 | 1,4 | 9,8 | -2,8 | 1,3 | 3,6 | -6,2 | 7,0 | - |
| 2008 Јануари | 13,6 | 15,3 | 16,1 | 1,6 | 9,6 | 21,4 | 19,7 | 84,3 | 4,3 | - |
| Февруари | 6,9 | 6,2 | 8,4 | -1,6 | -2,8 | 11,0 | 56,0 | 70,9 | -1,6 | - |

Извор: Државен завод за статистика.

[1] Пресметките се изработени во Дирекција за истражување на НБРМ.

[2] Квартални пресметки се изработени во Дирекција за истражување на НБРМ.

Табела 4

**Вработеност и продуктивност во целата економија**

| | Вкупно работоспособно население | Активно население: | | | Број на вработени лица по економски дејности: | | | Продуктивност [1] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Вработени | Невработени | Земјоделство | Индустрија | Услуги | |
| 1996 | 1.436.602 | 789.081 | 537.591 | 251.489 | 100.067 | 193.975 | 243.548 | - |
| 1997 | 1.489.625 | 800.513 | 512.301 | 288.213 | 84.256 | 163.988 | 264.056 | - |
| 1998 | 1.503.365 | 823.826 | 539.762 | 284.064 | 107.249 | 190.674 | 241.839 | - |
| 1999 | 1.518.250 | 806.674 | 545.222 | 261.452 | 115.361 | 185.283 | 244.580 | - |
| 2000 | 1.534.256 | 811.557 | 549.846 | 261.711 | 119.971 | 187.066 | 242.809 | - |
| 2001 | 1.554.420 | 862.504 | 599.308 | 263.196 | 131.094 | 190.458 | 277.755 | - |
| 2002 | 1.566.953 | 824.824 | 561.341 | 263.483 | 134.293 | 186.917 | 238.868 | - |
| 2003 | 1.579.450 | 860.976 | 545.108 | 315.868 | 120.132 | 184.855 | 238.583 | - |
| 2004 | 1.594.557 | 832.281 | 522.995 | 309.286 | 88.050 | 171.390 | 261.810 | - |
| 2005 | 1.607.997 | 869.187 | 545.253 | 323.934 | 106.533 | 175.868 | 261.523 | 0,8 |
| 2006 | 1.618.482 | 891.679 | 570.404 | 321.274 | 114.777 | 186.085 | 268.117 | 0,3 |
| 2005 Кв.1 | 1.603.675 | 827.428 | 507.397 | 320.030 | 76.546 | 181.450 | 251.307 | 6,8 |
| Кв.2 | 1.606.833 | 883.522 | 552.797 | 330.724 | 126.194 | 174.588 | 251.112 | 3,8 |
| Кв.3 | 1.609.071 | 889.725 | 564.880 | 324.845 | 135.712 | 170.157 | 257.804 | -1,1 |
| Кв.4 | 1.612.410 | 876.074 | 555.938 | 320.136 | 87.921 | 180.089 | 286.837 | -5,6 |
| 2006 Кв.1 | 1.615.584 | 877.798 | 559.702 | 318.096 | 103.319 | 190.355 | 264.550 | -5,7 |
| Кв.2 | 1.617.423 | 885.609 | 566.293 | 319.316 | 128.519 | 189.630 | 246.842 | 2,7 |
| Кв.3 | 1.619.447 | 899.732 | 576.813 | 322.919 | 125.322 | 187.760 | 262.480 | 3,7 |
| Кв.4 | 1.621.475 | 903.576 | 578.810 | 324.766 | 101.948 | 176.592 | 298.599 | 0,7 |
| 2007 Кв.1 | 1.624.611 | 902.588 | 579.301 | 323.287 | 95.384 | 186.975 | 293.629 | 4,3 |
| Кв.2 | 1.627.216 | 906.199 | 589.254 | 316.944 | 112.982 | 184.622 | 288.104 | 0,8 |
| Кв.3 | 1.630.010 | 909.466 | 598.327 | 311.139 | 117.531 | 181.993 | 294.863 | 1,2 |
| Кв.4 | 1.632.702 | 910.301 | 594.054 | 316.247 | 104.975 | 186.122 | 300.622 | 3,4 |

Извор: Државен завод за статистика. Анкета за работна сила.

[1] Годишни стапки на раст во (%). Пресметките се изработени во Дирекција за истражување на НБРМ.

Табела 5
**Плати**
Износ во денари, промена во (%)

| | Бруто плати: | | | | | | Нето плати: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечна, вкупно | Номинална промена | Реална промена | По економски дејности: | | | Просечна, вкупно | Номинална промена | Реална промена | По економски дејности: | | |
| | | | | Земјоделство | Индустрија | Услуги | | | | Земјоделство | Индустрија | Услуги |
| 1999 | 16.941 | 3,6 | - | 12.944 | 16.306 | 19.684 | 10.029 | 2,9 | 3,6 | 8.667 | 8.380 | 10.720 |
| 2000 | 17.958 | 6,0 | - | 15.733 | 17.785 | 20.968 | 10.526 | 5,5 | -0,3 | 9.294 | 8.883 | 11.354 |
| 2001 | 17.893 | -0,4 | -5,6 | 14.739 | 18.304 | 20.467 | 10.592 | 3,5 | -1,9 | 8.754 | 10.348 | 11.852 |
| 2002 | 19.030 | 6,4 | 4,5 | 14.437 | 19.243 | 21.648 | 11.550 | 6,9 | 5,0 | 8.833 | 11.415 | 12.791 |
| 2003 | 19.957 | 4,9 | 3,7 | 14.100 | 19.854 | 22.955 | 11.955 | 4,8 | 3,6 | 8.522 | 11.782 | 13.549 |
| 2004 | 20.779 | 4,1 | 4,5 | 17.287 | 20.692 | 23.748 | 12.534 | 4,0 | 4,4 | 10.337 | 12.290 | 13.999 |
| 2005 | 21.335 | 2,7 | 2,2 | 19.128 | 21.450 | 24.737 | 13.125 | 2,5 | 2,0 | 11.419 | 12.738 | 14.548 |
| 2006 | 23.037 | 8,0 | 4,6 | 19.485 | 23.570 | 25.624 | 13.854 | 7,3 | 4,0 | 11.660 | 13.983 | 15.036 |
| 2006 Кв.1 | 22.559 | 7,6 | 4,9 | 19.179 | 22.969 | 25.184 | 13.207 | 6,9 | 3,7 | 11.466 | 13.606 | 14.757 |
| Кв.2 | 22.923 | 8,5 | 5,1 | 19.600 | 23.340 | 25.444 | 13.428 | 7,7 | 4,2 | 11.681 | 13.820 | 14.910 |
| Кв.3 | 23.214 | 8,7 | 5,1 | 19.719 | 23.967 | 25.835 | 13.584 | 7,7 | 3,9 | 11.779 | 14.184 | 15.125 |
| Кв.4 | 23.451 | 7,1 | 4,0 | 19.440 | 24.003 | 26.035 | 13.854 | 7,2 | 4,0 | 11.712 | 14.321 | 15.351 |
| 2007 Кв.1 | 23.139 | 2,6 | 1,9 | 17.809 | 23.414 | 25.635 | 13.962 | 5,7 | 5,0 | 10.802 | 14.230 | 15.516 |
| Кв.2 | 23.651 | 3,2 | 2,1 | 18.396 | 23.569 | 26.020 | 14.287 | 6,4 | 5,3 | 11.161 | 14.335 | 15.746 |
| Кв.3 | 24.193 | 4,2 | 1,8 | 17.524 | 24.043 | 26.510 | 14.604 | 7,5 | 5,1 | 10.652 | 14.608 | 16.086 |
| Кв.4 | 25.574 | 9,1 | 4,2 | 17.291 | 24.836 | 27.917 | 15.490 | 11,8 | 6,9 | 10.451 | 15.167 | 16.971 |
| Јануари | 23.003 | 1,1 | 0,3 | 18.113 | 23.811 | 25.604 | 13.884 | 4,2 | 3,4 | 10.980 | 14.475 | 15.509 |
| Февруари | 23.088 | 3,6 | 3,1 | 17.559 | 22.803 | 25.515 | 13.934 | 6,9 | 6,4 | 10.610 | 13.860 | 15.442 |
| Март | 23.327 | 3,0 | 2,2 | 17.755 | 23.628 | 25.786 | 14.067 | 6,1 | 5,3 | 10.816 | 14.356 | 15.595 |
| Април | 23.632 | 5,1 | 4,0 | 17.789 | 22.945 | 25.922 | 14.291 | 8,4 | 7,3 | 10.836 | 13.968 | 15.698 |
| Мај | 23.733 | 2,7 | 1,8 | 19.379 | 23.949 | 26.165 | 14.328 | 5,8 | 4,9 | 11.586 | 14.564 | 15.819 |
| Јуни | 23.589 | 1,9 | 0,5 | 18.019 | 23.813 | 25.972 | 14.242 | 5,1 | 3,8 | 11.063 | 14.473 | 15.722 |
| Јули | 23.701 | 3,2 | 1,9 | 16.284 | 24.053 | 26.219 | 14.300 | 6,5 | 5,1 | 9.963 | 14.600 | 15.900 |
| Август | 23.907 | 2,0 | -0,2 | 19.480 | 24.486 | 26.227 | 14.447 | 5,3 | 3,0 | 11.760 | 14.885 | 15.906 |
| Септември | 24.971 | 7,4 | 3,7 | 16.807 | 23.589 | 27.086 | 15.066 | 10,8 | 6,9 | 10.233 | 14.340 | 16.453 |
| Октомври | 25.889 | 9,8 | 5,6 | 17.089 | 25.671 | 28.060 | 15.608 | 13,0 | 8,8 | 10.369 | 15.599 | 16.996 |
| Ноември | 25.397 | 7,1 | 2,4 | 18.319 | 24.622 | 27.658 | 15.320 | 10,3 | 5,4 | 11.037 | 14.983 | 16.748 |
| Декември | 25.435 | 10,3 | 4,0 | 16.465 | 24.200 | 28.034 | 15.543 | 12,2 | 5,7 | 9.947 | 14.920 | 17.170 |
| 2008 Јануари | 25.349 | 10,2 | 1,4 | 17.355 | 25.456 | 27.398 | 15.555 | 12,0 | 3,1 | 10.453 | 15.757 | 16.918 |

Извор: Државен завод за статистика.

Табела 6

## Буџет на Република Македонија (Централен буџет и буџети на фондови)

во милиони денари

| | 2005 | | | | Јан.-дек. 2005 | 2006 | | | | Јан.- дек. 2006 | 2007 | | | | Јан.- дек. 2007 | 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Јан. | Фев. |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **21.721** | **24.618** | **27.920** | **26.617** | **100.877** | **23.070** | **26.288** | **26.216** | **28.470** | **104.044** | **26.445** | **27.882** | **32.599** | **32.683** | **119.609** | **9.998** | **9.536** |
| 2.2.2.Заеми | 45,97 | 52,66 | 42,39 | 38,09 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2.2.2. Валути и депозити | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2.2.4. Останати обврски | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **3. БАНКАРСКИ СЕКТОР** | **-496,34** | **-443,85** | **-398,38** | **-400,90** | **-345,63** | **-303,94** | **-260,13** |
| **3.1 Краткорочен** | **-551,43** | **-553,14** | **-551,72** | **-539,38** | **-496,86** | **-462,37** | -455,39 |
| 3.1.1. Инструменти на пазарот на пари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3.1.2. Заеми | 7,04 | -0,87 | -0,39 | 23,83 | 30,75 | 41,67 | 16,50 |
| 3.1.3. Валути и депозити | -544,82 | -539,00 | -536,75 | -546,82 | -510,71 | -486,84 | -451,93 |
| 3.1.4. Останати обврски | -13,64 | -13,27 | -14,59 | -16,38 | -16,90 | -17,19 | -19,97 |
| Достасани неплатени обврски | -13,64 | -13,27 | -14,59 | -16,38 | -16,90 | -17,19 | -19,97 |
| Останато | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **3.2 Долгорочен** | **55,09** | **109,29** | **153,34** | **138,47** | **151,23** | **158,42** | 195,27 |
| 3.2.1. Обврзници | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3.2.2.Заеми | 54,95 | 105,09 | 145,21 | 146,28 | 159,06 | 165,91 | 201,33 |
| 3.2.3. Валути и депозити | 0,14 | 4,20 | 8,13 | -7,80 | -7,83 | -7,48 | -6,06 |
| 3.2.4. Оснати обврски | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **4. ОСТАНАТИ СЕКТОРИ** | **402,63** | **467,07** | **450,15** | **450,16** | **402,46** | **418,53** | **512,72** |
| **4.1 Краткорочен** | **173,47** | **222,38** | **99,79** | **76,12** | **30,77** | **52,91** | 161,19 |
| 4.1.1. Инструменти на пазарот на пари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4.1.2. Заеми | 4,78 | 52,83 | 11,65 | 26,15 | 19,83 | 33,95 | 31,39 |
| 4.1.3. Валути и депозити | 0,00 | 0,00 | -0,21 | -0,22 | -0,38 | -0,12 | -0,39 |
| 4.1.4. Комерцијални кредити | 126,47 | 110,07 | 14,77 | -12,04 | -76,73 | -76,37 | -13,86 |
| 4.1.5. Останати обврски | 42,23 | 59,48 | 73,57 | 62,23 | 88,05 | 95,44 | 144,05 |
| Достасани неплатени обврски | 42,23 | 57,94 | 73,57 | 62,23 | 88,05 | 95,44 | 144,05 |
| Останато | 0,00 | 1,54 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **4.2 Долгорочен** | **229,16** | **244,69** | **350,36** | **374,04** | **371,69** | **365,62** | 351,53 |
| 4.2.1. Обврзници | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4.2.2. Заеми | 206,40 | 234,04 | 331,43 | 356,81 | 357,65 | 353,38 | 340,10 |
| 4.2.3. Валути и депозити | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4.2.4. Комерцијални кредити | 22,76 | 10,65 | 18,93 | 17,23 | 14,04 | 12,23 | 11,43 |
| 4.2.5. Останати обврски | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **5. ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ: Заеми меѓу поврзани субјекти** | **236,54** | **173,71** | **233,70** | **226,05** | **256,83** | **264,83** | **312,93** |
| 5.1. Обврски кон директно инвестирани субјекти | -7,57 | -15,65 | -1,53 | -1,53 | -1,53 | -1,53 | -1,53 |
| 5.2. Обврски кон директните инвеститори | 244,11 | 189,36 | 235,23 | 227,58 | 258,35 | 266,36 | 314,46 |
| **НЕТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | **540,60** | **491,90** | **67,80** | **1,39** | **-122,22** | **-158,13** | **30,48** |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

1/ Претходни податоци.

Табела 35
**Девизни резерви**
во милиони евра

| | 1.Девизни резерви | | | | | 2.Други девизни средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Монетарно злато | Специјални права на влечење-SDR | Резервна позиција кај ММФ | Девизи | ВКУПНО | |
| 2003 | 29,7 | 0,3 | 0,0 | 685,0 | 715,0 | 33,2 |
| 2004 | 63,6 | 0,6 | 0,0 | 652,8 | 716,9 | 11,9 |
| 2005 | 94,9 | 0,7 | 0,0 | 1.027,3 | 1.122,9 | 13,2 |
| 2006 | 105,4 | 2,3 | 0,0 | 1.309,0 | 1.416,7 | 17,9 |
| I | 102,9 | 0,7 | 0,0 | 865,8 | 969,4 | 13,0 |
| II | 102,5 | 0,2 | 0,0 | 873,3 | 976,0 | 13,1 |
| III | 105,4 | 0,2 | 0,0 | 1.052,2 | 1.157,8 | 69,7 |
| IV | 111,1 | 2,6 | 0,0 | 1.079,3 | 1.193,1 | 69,4 |
| V | 111,2 | 0,9 | 0,0 | 1.100,3 | 1.212,5 | 69,2 |
| VI | 104,6 | 0,9 | 0,0 | 1.135,9 | 1.241,3 | 69,4 |
| VII | 109,8 | 0,8 | 0,0 | 1.165,5 | 1.276,1 | 69,3 |
| VIII | 105,9 | 0,3 | 0,0 | 1.239,4 | 1.345,6 | 18,1 |
| IX | 103,8 | 0,2 | 0,0 | 1.266,1 | 1.370,1 | 18,2 |
| X | 103,1 | 2,8 | 0,0 | 1.295,8 | 1.401,7 | 18,2 |
| XI | 105,9 | 0,5 | 0,0 | 1.307,3 | 1.413,8 | 17,9 |
| XII | 105,4 | 2,3 | 0,0 | 1.309,0 | 1.416,7 | 17,9 |
| Кв.1 | 105,4 | 0,2 | 0,0 | 1.052,2 | 1.157,8 | 69,7 |
| Кв.2 | 104,6 | 0,9 | 0,0 | 1.135,9 | 1.241,3 | 69,4 |
| Кв.3 | 103,8 | 0,2 | 0,0 | 1.266,1 | 1.370,1 | 18,2 |
| Кв.4 | 105,4 | 2,3 | 0,0 | 1.309,0 | 1.416,7 | 17,9 |
| 2007 | 117,7 | 1,0 | 0,0 | 1.428,3 | 1.547,0 | 17,1 |
| I | 108,7 | 1,7 | 0,0 | 1.284,7 | 1.395,1 | 18,1 |
| II | 111,7 | 0,2 | 0,0 | 1.276,4 | 1.388,3 | 12,1 |
| III | 108,7 | 7,0 | 0,0 | 1.297,3 | 1.413,1 | 17,9 |
| Кв.1 | 108,7 | 7,0 | 0,0 | 1.297,3 | 1.413,1 | 17,9 |
| IV | 108,5 | 4,2 | 0,0 | 1.343,0 | 1.455,7 | 17,7 |
| V | 106,8 | 1,4 | 0,0 | 1.357,8 | 1.466,0 | 17,8 |
| VI | 104,8 | 1,4 | 0,0 | 1.312,2 | 1.418,4 | 17,8 |
| Кв.2 | 104,8 | 1,4 | 0,0 | 1.312,2 | 1.418,4 | 17,8 |
| VII | 106,6 | 1,4 | 0,0 | 1.341,1 | 1.449,1 | 17,7 |
| VIII | 107,1 | 1,2 | 0,0 | 1.377,1 | 1.485,4 | 17,8 |
| IX | 113,6 | 1,1 | 0,0 | 1.407,4 | 1.522,1 | 17,4 |
| Кв.3 | 113,6 | 1,1 | 0,0 | 1.407,4 | 1.522,1 | 17,4 |
| X | 118,6 | 1,1 | 0,0 | 1.431,4 | 1.551,1 | 17,6 |
| XI | 117,7 | 1,0 | 0,0 | 1.428,3 | 1.547,0 | 17,1 |
| XII | 124,3 | 1,0 | 0,0 | 1.399,1 | 1.524,4 | 17,2 |
| Кв.4 | 117,7 | 1,0 | 0,0 | 1.428,3 | 1.547,0 | 17,1 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Табела 36

**Девизен курс на денарот (просек за периодот)**

| | | 100 ATS | 100 FRF | 100 ITL | 100 DEM | 100 CHF | 1 GBP | 1 USD | 1 EUR | 100 JPY |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1993 | /1 | 2,0127 | 4,1226 | 1,4832 | 14,1617 | 15,9867 | 35,3541 | 23,5722 | - | |
| 1994 | | 3,7833 | 7,7828 | 2,6792 | 26,6162 | 31,5905 | 66,0911 | 43,2351 | - | |
| 1995 | | 3,7722 | 7,6206 | 2,3369 | 26,5390 | 32,1770 | 60,0303 | 38,0354 | - | |
| 1996 | | 3,7787 | 7,8183 | 2,5929 | 26,5848 | 32,3948 | 62,4691 | 39,9935 | - | |
| 1997 | | 4,0780 | 8,5259 | 2,9225 | 28,6980 | 34,3423 | 81,6392 | 49,8299 | - | |
| 1998 | | 4,3993 | 9,2329 | 3,1357 | 30,9525 | 37,5788 | 90,2462 | 54,4506 | - | |
| 1999 | | 4,4052 | 9,2409 | 3,1306 | 30,9927 | 37,8747 | 92,0413 | 56,8964 | - | |
| 2000 | | 4,4131 | 9,2575 | 3,1362 | 31,0482 | 38,9892 | 99,6905 | 65,8856 | 60,7250 | 61,1533 |
| 2001 | | 4,4267 | 9,2862 | 3,1459 | 31,1445 | 40,3381 | 97,9875 | 68,0421 | 60,9133 | 56,0157 |
| 2002 | | - | - | - | - | 41,5689 | 97,0365 | 64,7341 | 60,9783 | 51,6839 |
| 2003 | | - | - | - | - | 40,3117 | 88,6405 | 54,3031 | 61,2639 | 46,8292 |
| 2004 | | - | - | - | - | 39,7337 | 90,4298 | 49,4105 | 61,3377 | 45,6661 |
| 2005 | | - | - | - | - | 39,5872 | 89,6186 | 49,2919 | 61,2958 | 44,7895 |
| 2006 | | - | - | - | - | 38,8981 | 89,7611 | 48,7854 | 61,1885 | 41,9345 |
| 2007 | | - | - | - | - | 37,2534 | 89,4324 | 44,7184 | 61,1838 | 37,9705 |
| 2005 | Кв.1 | - | - | - | - | 39,6393 | 88,4807 | 46,8029 | 61,4032 | 44,7904 |
| | Кв.2 | - | - | - | - | 39,7513 | 90,4176 | 48,6819 | 61,3730 | 45,2948 |
| | Кв.3 | - | - | - | - | 39,4147 | 89,5738 | 50,1566 | 61,2196 | 45,1496 |
| | Кв.4 | - | - | - | - | 39,5461 | 89,9864 | 51,4655 | 61,1906 | 43,9286 |
| 2006 | Кв.1 | - | - | - | - | 39,2848 | 89,2867 | 50,9665 | 61,2334 | 43,5954 |
| | Кв.2 | - | - | - | - | 39,1077 | 88,8832 | 48,7465 | 61,1661 | 42,5425 |
| | Кв.3 | - | - | - | - | 38,7979 | 89,9489 | 48,0042 | 61,1697 | 41,3318 |
| | Кв.4 | - | - | - | - | 38,4127 | 90,9055 | 47,4714 | 61,1856 | 40,3109 |
| 2007 | Кв.1 | - | - | - | - | 37,8609 | 91,2615 | 46,6974 | 61,1809 | 39,1234 |
| | Кв.2 | - | - | - | - | 37,1487 | 90,0730 | 45,3961 | 61,1741 | 37,6175 |
| | Кв.3 | - | - | - | - | 37,1335 | 90,0013 | 44,5585 | 61,1750 | 37,8021 |
| | Кв.4 | - | - | - | - | 36,8825 | 86,4403 | 42,2718 | 61,2053 | 37,3601 |
| 2005 | I | - | - | - | - | 39,7112 | 87,8420 | 46,6876 | 61,4287 | 45,1666 |
| | II | - | - | - | - | 39,5700 | 88,9779 | 47,1916 | 61,359 | 44,9537 |
| | III | - | - | - | - | 39,6300 | 88,6702 | 46,5671 | 61,4176 | 44,2666 |
| | IV | - | - | - | - | 39,6527 | 89,8171 | 47,4544 | 61,3886 | 44,1968 |
| | V | - | - | - | - | 39,7529 | 89,8212 | 48,2674 | 61,4171 | 45,2970 |
| | VI | - | - | - | - | 39,8482 | 91,6345 | 50,3377 | 61,3120 | 46,3906 |
| | VII | - | - | - | - | 39,2967 | 89,0983 | 50,8157 | 61,2015 | 45,4303 |
| | VIII | - | - | - | - | 39,4266 | 89,3141 | 49,7871 | 61,2329 | 45,0299 |
| | IX | - | - | - | - | 39,5245 | 90,3334 | 49,8574 | 61,2245 | 44,9833 |
| | X | - | - | - | - | 39,4880 | 89,7278 | 50,8468 | 61,1880 | 44,3459 |
| | XI | - | - | - | - | 39,6099 | 90,1112 | 51,8977 | 61,1789 | 43,8416 |
| | XII | - | - | - | - | 39,5424 | 90,1243 | 51,6661 | 61,2046 | 43,5954 |
| 2006 | I | - | - | - | - | 39,5447 | 89,3827 | 50,7503 | 61,2839 | 43,8820 |
| | II | - | - | - | - | 39,3020 | 89,6578 | 51,2317 | 61,2179 | 43,4344 |
| | III | - | - | - | - | 39,0093 | 88,8557 | 50,9433 | 61,1970 | 43,4544 |
| | IV | - | - | - | - | 38,8317 | 88,0838 | 49,9694 | 61,1625 | 42,5913 |
| | V | - | - | - | - | 39,2724 | 89,4229 | 47,9649 | 61,1686 | 42,8457 |
| | VI | - | - | - | - | 39,2134 | 89,1251 | 48,3312 | 61,1670 | 42,1803 |
| | VII | - | - | - | - | 39,0015 | 88,9010 | 48,2135 | 61,1671 | 41,7135 |
| | VIII | - | - | - | - | 38,7629 | 90,3501 | 47,7888 | 61,1688 | 41,2355 |
| | IX | - | - | - | - | 38,6238 | 90,6172 | 48,0105 | 61,1732 | 41,0371 |
| | X | - | - | - | - | 38,4876 | 90,9394 | 48,4970 | 61,1815 | 40,8833 |
| | XI | - | - | - | - | 38,4257 | 90,8063 | 47,5741 | 61,1799 | 40,5425 |
| | XII | - | - | - | - | 38,3251 | 90,9675 | 46,3465 | 61,1954 | 39,5143 |
| 2007 | I | - | - | - | - | 37,8973 | 92,1831 | 47,0635 | 61,1802 | 39,1269 |
| | II | - | - | - | - | 37,7300 | 91,6664 | 46,8414 | 61,1905 | 38,8048 |
| | III | - | - | - | - | 37,9428 | 89,9742 | 46,2014 | 61,1729 | 39,4077 |
| | IV | - | - | - | - | 37,3937 | 90,0173 | 45,3304 | 61,1754 | 38,1562 |
| | V | - | - | - | - | 37,0661 | 89,7285 | 45,2464 | 61,1729 | 37,5017 |
| | VI | - | - | - | - | 36,9892 | 90,4847 | 45,6166 | 61,1739 | 37,1983 |
| | VII | - | - | - | - | 36,9193 | 90,7086 | 44,6560 | 61,1771 | 36,6735 |
| | VIII | - | - | - | - | 37,3499 | 90,3063 | 44,9242 | 61,1713 | 38,4779 |
| | IX | - | - | - | - | 37,1313 | 88,9552 | 44,0798 | 61,1767 | 38,2698 |
| | X | - | - | - | - | 36,6500 | 87,9323 | 43,0387 | 61,1820 | 37,1373 |
| | XI | - | - | - | - | 37,1130 | 86,4482 | 41,7364 | 61,2049 | 37,5533 |
| | XII | - | - | - | - | 36,8919 | 84,9406 | 42,0230 | 61,2290 | 37,3960 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

1/ Извршена деноминација на денарот за 100 во мај 1993 година.

Табела 37
**Среден девизен курс на денарот (на крај на периодот)**

| | EUR | DEM | ITL | USD | ATS | FRF | GBP | CHF |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 100 | 100 | 1 | 100 | 100 | 1 | 100 |
| 31.12.1993 | | 2.575,2100 | 2,6000 | 44,4600 | 366,3000 | 757,7600 | 65,8200 | 3.029,4800 |
| 31.12.1994 | | 2.621,1400 | 2,5000 | 40,6000 | 372,4900 | 759,5300 | 63,4500 | 3.098,1900 |
| 31.12.1995 | | 2.649,4300 | 2,4000 | 37,9800 | 376,5900 | 775,0400 | 58,6500 | 3.299,6000 |
| 31.12.1996 | | 2.663,4000 | 2,7100 | 41,4100 | 378,4961 | 789,1662 | 69,9596 | 3.062,9100 |
| 31.12.1997 | | 3.092,4800 | 3,1500 | 55,4200 | 439,5300 | 924,1300 | 92,2200 | 3.811,4800 |
| 31.12.1998 | | 3.098,3900 | 3,1294 | 51,8400 | 440,4100 | 923,8800 | 86,6900 | 3.786,2300 |
| 31.12.1999 | 60,6173 | 3.099,3136 | 3,1306 | 60,3400 | 440,5231 | 924,1000 | 97,5000 | 3.776,5400 |
| 31.12.2000 | 60,7878 | 3.108,0300 | 3,1400 | 65,3300 | 441,7600 | 926,7000 | 97,4000 | 3.990,8000 |
| 31.12.2001 | 60,9610 | 3.116,8844 | 3,1484 | 69,1716 | 443,0206 | 929,3438 | 100,1824 | 4.110,9286 |
| 31.12.2002 | 61,0707 | | | 58,5979 | | | 93,9549 | 4.197,8760 |
| 31.12.2003 | 61,2931 | | | 49,0502 | | | 87,1136 | 3.930,5566 |
| 31.12.2004 | 61,3100 | | | 45,0676 | | | 86,4983 | 3.970,8549 |
| 31.12.2005 | 61,1779 | | | 51,8589 | | | 89,2717 | 3.934,0171 |
| 31.12.2006 | 61,1741 | | | 46,4496 | | | 91,1007 | 3.806,9637 |
| 31.01.2007 | 61,2139 | | | 47,1893 | | | 92,7062 | 3.770,2575 |
| 28.02.2007 | 61,1773 | | | 46,2413 | | | 90,8079 | 3.780,3436 |
| 31.03.2007 | 61,1675 | | | 45,9284 | | | 89,9787 | 3.764,8489 |
| 30.04.2007 | 61,1621 | | | 44,8304 | | | 89,6476 | 3.722,3602 |
| 31.05.2007 | 61,1920 | | | 45,5976 | | | 90,0545 | 3.716,0381 |
| 30.06.2007 | 61,1692 | | | 45,2973 | | | 90,7555 | 3.695,3543 |
| 31.07.2007 | 61,1658 | | | 44,7806 | | | 90,5757 | 3.721,2265 |
| 31.08.2007 | 61,1716 | | | 44,9461 | | | 90,2236 | 3.729,5208 |
| 30.09.2007 | 61,1940 | | | 43,1582 | | | 87,8215 | 3.686,1635 |
| 31.10.2007 | 61,1821 | | | 42,4669 | | | 87,7540 | 3.652,4446 |
| 30.11.2007 | 61,2935 | | | 41,5888 | | | 85,7552 | 3.713,6322 |
| 31.12.2007 | 61,2016 | | | 41,6564 | | | 83,2901 | 3.685,9552 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Табела 38

**Индекси на ефективен девизен курс на денарот***

базен период 2003=100, пондери НТР 2006 година

| година | Квартал | Номинален ефективен девизен курс на денарот | Реален ефективен девизен курс на денарот | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Индекс на трошоци на живот | Индекс на цени на производители на индустриски производи | Индекс на трошоци на работна сила по единица производ |
| 1995 | Квартал 4 | 41,2 | 132,1 | 117,6 | |
| 1996 | Квартал 4 | 48,5 | 118,4 | 105,9 | |
| 1997 | Квартал 4 | 49,9 | 97,0 | 93,2 | |
| 1998 | Квартал 4 | 66,6 | 105,7 | 112,5 | |
| 1999 | Квартал 4 | 82,7 | 113,0 | 118,8 | |
| 2000 | Квартал 4 | 90,0 | 107,1 | 109,8 | |
| 2001 | Квартал 4 | 94,1 | 101,7 | 101,6 | |
| 2002 | Квартал 4 | 97,6 | 99,9 | 100,7 | |
| 2003 | Квартал 4 | 101,2 | 100,1 | 99,1 | 86,7 |
| 2004 | Квартал 4 | 104,4 | 96,1 | 95,8 | 92,2 |
| 2005 | Квартал 4 | 104,8 | 90,8 | 91,7 | 86,9 |
| 2006 | Квартал 4 | 104,2 | 89,2 | 88,3 | 78,1 |
| 2007 | Квартал 4 | 104,4 | 88,0 | 85,1 | 69,0 |
| 2005 | Квартал 1 | 104,8 | 94,6 | 94,6 | 93,5 |
| | Квартал 2 | 104,5 | 92,9 | 93,6 | 78,0 |
| | Квартал 3 | 104,7 | 91,7 | 93,9 | 78,7 |
| | Квартал 4 | 104,8 | 90,8 | 91,7 | 86,9 |
| 2006 | Квартал 1 | 104,8 | 91,3 | 91,3 | 91,7 |
| | Квартал 2 | 105,6 | 91,3 | 90,9 | 79,7 |
| | Квартал 3 | 105,1 | 90,3 | 89,8 | 81,4 |
| | Квартал 4 | 104,2 | 89,2 | 88,3 | 78,1 |
| 2007 | Квартал 1 | 104,4 | 89,0 | 88,1 | 75,6 |
| | Квартал 2 | 104,8 | 88,8 | 86,6 | 71,9 |
| | Квартал 3 | 104,5 | 88,0 | 86,1 | 68,3 |
| | Квартал 4 | 104,4 | 88,0 | 85,1 | 69,0 |

* Индекс под 100 означува зголемена извозна конкурентност.

# МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

## РЕАЛЕН СЕКТОР

### Табела бр.1 Бруто домашен производ

Извор на податоците за бруто домашниот производ (БДП) е Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗСРМ). Пресметката на БДП базира на податоци од годишните сметки од Централниот регистар, од статистичките истражувања на ДЗС, од Министерството за финансии, УЈП и од други извори.

Бруто домашниот производ (БДП) по тековни цени (според производствен метод) е финален производ на производната активност на резидентните производни единици и претставува збир на бруто додадената вредност од одделни институционални сектори или одделни дејности, по основни цени, зголемен за данокот на промет (односно ДДВ) и царините, а намален за субвенциите на производи (што не се распределени по дејности).

Податоци за БДП на квартална основа се расположливи од 1997 година. Производствената страна на БДП на квартална основа се пресметува по постојани цени. Податоците за БДП по производен метод прикажани по сектори се според Националната класификација на дејности - НКД.

### Табела бр.2 Цени

Извор на податоците за цените е ДЗСРМ.

Просечните месечни цени на мало, нивната динамика и структурата на личната потрошувачка се основа за пресметка на *индексот на трошоците на животот (Consumer price index - CPI)*.

При изборот на производите за следење на цените на мало се земаат предвид само оние производи кои имаат значајно учество во прометот на мало. Под цени на мало се подразбираат цените по кои трговијата на мало, индивидуалните производители и вршителите на услугите ги продаваат производите и услугите на крајните потрошувачи. Во цените е вклучен и ДДВ.

Индексот на трошоци на животот се пресметува врз база на посебно групирана листа на производи и услуги од личната потрошувачка на неземјоделските домаќинства и просечните месечни цени на мало на тие производи и услуги, односно нивните индивидуални индекси на цени, пондерирани со структурата од индивидуалната потрошувачка. Од јануари 2007 година структурата на индексот на трошоците на животот е проширена за две нови категории: "Ресторани и хотели" и "Останати услуги неспомнати на друго место".

*Цените на производителите на индустриски производи - ЦПИП (Producer price index-PPI)* се следат во Месечниот извештај за цени на производители на индустриски производи, Ц.41 кај 200 претпријатија од областа на индустријата во Р. Македонија. Изборот на претпријатијата се врши според нивното значење во вкупното производство.

Продажна цена на производителите на индустриски производи е цената според која производителот ги продава своите производи на редовните купувачи на домашниот пазар, во најголеми количества франко натоварено во вагон (камион) во местото на производителот, или цената по која производителот врши пресметка со други производители во прометната сфера. Во оваа цена влегува регресот, ако продавачот го остварува според прописите, а од цената се одбива трговскиот рабат и попустот (каса сконто и др.) што продавачот му го одобрува на купувачот. Во цената не влегува ДДВ.

Од јануари 2001 година индексот на ЦПИП се обработува според Националната класификација на дејностите.

**Табела бр.3 Индустриско производство и продуктивност во индустријата**

Извор на податоците за *индустриското производство* е ДЗСРМ. Податоците за индустријата се прибираат преку месечни извештаи што ги доставуваат претпријатијата евидентирани во областа на индустријата, како и деловните единици кои се занимаваат со индустриска дејност, а се наоѓаат во состав на индустриските претпријатија.

Врз основа на податоците од месечните извештаи се пресметуваат индексите на производство.

Со годишниот извештај за индустријата до 1998 година и месечниот извештај за индустријата до 1999 година, податоците се прибираа според Единствената класификација на дејности - ЕКД, а од 1999 година, односно 2000 година, соодветно, прибирањето на податоците врз база на споменатите извештаи се врши според Националната класификација на дејности - НКД.

Индексот на физички обем на индустриско производство се пресметува врз основа на производството, т.е. по чиста дејност, со распоредување на производите во соодветната гранка. За пресметување на индексот се користат:
- просечното месечно готово производство и структурата на производството во базната година;
- вкупно месечно производство во тековната година;
- номенклатурата на производи за месечниот извештај за индустриското производство;
- пондерациони коефициенти за секој производ;
- пондерациони фактори што ја изразуваат структурата на производството, т. е. учеството на секоја гранка во вкупното индустриско производство на Република Македонија.

*Продуктивноста во индустријата* се пресметува во НБРМ, врз база на податоци од ДЗСРМ за физичкиот обем на индустриското производство и бројот на вработените во индустријата (според Анкета за работна сила), на квартална основа.

**Табела бр.4 Вработеност и продуктивност во економијата**

Извор на презентираните податоци за *вработеноста* е Анкетата за работна сила (АРС) на ДЗСРМ.

АРС е најсеопфатно истражување на економската активност на населението и нивните демографски, образовни и други карактеристики во меѓупописниот период. Анкетата се спроведува на целата територија на Р. Македонија, врз база на примерок од 10.000 домаќинства (7.200 домаќинства до 2003 година) или 1,8% од вкупниот број домаќинства во земјата. До 2003 година АРС се спроведуваше годишно, а од 2004 година се спроведува континуирано неделно во тек на цела година, а обработката се врши квартално и годишно. Единици на набљудување се лица на возраст од 15 до 79 години и домаќинствата. АРС се изработува врз база на меѓународни препораки (ILO и Eurostat). Применети класификации: Национална класификација на дејности и Национална класификација на занимања.

*Работоспособното население* го сочинуваат сите лица на возраст од 15 години и повеќе. Работоспособното население се дели на активно население и неактивно население.

*Активното население* (работна сила) ги опфаќа вработените и невработените лица.

*Неактивно население* ги опфаќа следните лица:
- ученици и студенти
- пензионери
- домаќинки
- издржувани лица (од друго лице, од државата или од друг приход како рента, камата).

Вработените во *земјоделството* ги опфаќаат секторите А и Б; вработените во *индустријата* ги опфаќаат секторите В, Г, Д и Ѓ; вработените во *услужната дејност* ги опфаќаат секторите од Е до Љ според НКД.

*Продуктивноста во економијата* се пресметува во НБРМ, врз база на податоци од ДЗСРМ за вкупниот БДП и вкупниот број на вработени во економијата (според Анкета за работна сила), на квартална основа.

**Табела бр.5 Плати**

Податоците за исплатените нето и бруто плати по вработен базираат на месечни извештаи од деловните субјекти во приватна и друга (општествена, државна, задружна и мешовита) сопственост со различни дејности во Република Македонија. Податоците ги изготвува ДЗСРМ.

*Нето платите* се однесуваат на просечните примања во месецот по работник, остварени за работа со полно, покусо и подолго работно време (прекувремена работа). Вкупно исплатените нето плати опфаќаат и надоместок на нето платата од средствата на претпријатието (или друго правно лице) за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до 7 дена, платено отсуство за стручно усовршување, за боледување до 21 ден, надоместок за време поминато на вежби по покана од надлежен државен орган, цивилна заштита, и сл.

*Бруто платите* ги опфаќаат исплатените нето плати за извештајниот месец, платениот персонален данок и платените придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, за вработување, професионално заболување и за водостопанство.

Почнувајќи од мај 2001 година податоците за платите се објавуваат според Националната класификација на дејности-НКД.

Платите во *земјоделството* ги опфаќаат секторите А и Б; платите во *индустријата* ги опфаќаат секторите В, Г, Д и Ѓ; платите во *услужната дејност* ги опфаќаат секторите од Е до Љ според НКД.

**Табела бр.6 Буџет на Република Македонија (Централен буџет и буџети на фондови)**

Податоците за буџетот ги изготвува Министерството за финансии на Република Македонија.

Буџетот на Република Македонија ги инкорпорира централниот буџет и буџетите на вонбуџетските фондови.

Централниот буџет, кој се однесува на централната власт, ги опфаќа основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности и буџетите на заеми и донации.
Во вонбуџетски фондови спаѓаат: Фонд за ПИОМ, Фонд за здравствено осигурување, Агенција за вработување и Фонд за патишта.

**МОНЕТАРЕН СЕКТОР**

Податоците во агрегираниот биланс на депозитните банки и билансот на Народна банка на Република Македонија (НБРМ) се дезагрегирани согласно секторскиот и валутниот критериум, како и согласно финансискиот инструмент врз основа на кој настануваат определени побарувања и обврски. Податоците во презентираните биланси се однесуваат на крајните салда на крајот на референтниот период. Износите кои се деноминирани во странска валута се конвертираат според средниот девизен курс на денарот на крајот на референтниот период, согласно индикативната курсна листа на НБРМ.

Во секторската класификација комитентите се распоредуваат во две основни групи: резиденти и нерезиденти. Во рамките на групата резиденти постојат пет сектори: нефинансиски правни лица, држава, банки и останати финансиски институции, други комитенти и население.

- Секторот нефинансиски правни лица опфаќа три подсектори: јавни нефинансиски претпријатија, претпријатија кои не се организирани како јавни, а се во сопственост на државата во обем поголем од 50% и приватни претпријатија.
- Секторот држава е дезагрегиран на: централна државна власт (Буџет и органи на централна државна власт); институции на централна државна власт (Судови, Обвинителства); фондови (фондови на социјално осигурување и други фондови и агенции); локална власт; установи на јавен сектор (училишта, болници и сл.). Последните два подсектори се носители на монетарните агрегати.
- Секторот банки и други финансиски институции го сочинуваат пет подсектори:

- Народна банка на Република Македонија (монетарна власт);
- Депозитни банки;
- Штедилници ;
- Осигурителни компании во кои се вклучуваат друштва и заводи кои вршат работи на осигурување и реосигурување, фонд за осигурување на депозити, инвестициони фондови, финансиски институции кои вршат финансиски лизинг и други финансиски услуги;
- Останати финансиски институции во кои се вклучуваат институциите кои се занимаваат со посредување на пазарот на капитал, брокерски куќи, клириншки куќи, берза.

- Секторот други комитенти вклучува непрофитни и нефинансиски организации (организации со социјално хуманитарен карактер, стопански комори, политички партии, здруженија на граѓани, верски заедници, синдикати, црвен крст).
- Секторот население опфаќа: население и физички лица кои вршат регистрирана дејност.

Народна Банка на Република Македонија, депозитните банки и штедилниците го сочинуваат банкарскиот сектор на Република Македонија.

Средствата и обврските на банкарскиот сектор се класифицирани во следните агрегирани категории: монетарно злато и специјални права на влечење (СПВ), валути и депозити, хартии од вредност освен акции, кредити, акции и други сопственички хартии од вредност, технички резерви за осигурување, финансиски деривативи, останати сметки на приливи/одливи и нефинансиски средства. Кај дел од овие агрегирани категории постои понатамошна дезагрегација по најразлични критериуми.

**Табела бр.7 Биланс на Народна банка на Република Македонија**

Билансот на НБРМ се изготвува врз основа на сметководствената евиденција на сите средства и обврски на НБРМ кон останатите сектори во економијата, вклучувајќи го и секторот нерезиденти. Билансот на НБРМ се објавува на крајот на месецот и содржи податоци за претходниот месец.

**А. Средствата на билансот на НБРМ** ги вклучуваат следниве категории: девизни средства, побарувања од државата и останати средства.

**Девизните средства на НБРМ** се состојат од: монетарно злато, резервната позиција во ММФ, холдинг на Специјални Права на Влечење (СПВ), девизи во форма на ефективни странски пари, чекови, депозити на НБРМ во странски банки, пласмани во хартии од вредност емитирани од нерезиденти (во странска валута), пласмани во девизи кај меѓународни финансиски институции и останати девизни средства (девизни ностро покриени акредитиви и девизни ностро покриени гаранции).

**Побарувањата на НБРМ од државата** се однесуваат на односите со ММФ (алокација на СПВ и побарувања врз основа на репласирани кредити на ММФ), како и побарувања врз основа на пласмани во хартии од вредност. Пласманите во хартии од вредност претставуваат специфична

категорија. Имено, емисијата на овие хартии од вредност претставува еден од механизмите во процесот на санирање на банките, преку која се изврши преземање на лошите пласмани во портфолиото на една банка. Овие хартии од вредност се во сопственост на Агенцијата за санација на банки. Нивното амортизирање се одвива во склад со склучениот договор помеѓу државата и Централната банка.

**Останатите средства на НБРМ** вклучувааат: основни средства, средства за посебни намени и според посебни прописи, залихи, приливи врз основа на камати, сомнителни и спорни побарувања врз основа на камата и надомести.

**Б. Обврските на билансот на НБРМ** опфаќаат: примарни пари, продадени благајнички записи на аукција, депозити на државата, депозити на останати финансиски институции, девизни обврски кон странство и останати обврски на НБРМ.

**Примарните пари** вклучуваат: готови пари во оптек, готовина во благајна и сметки на банките кај НБРМ. Готовите пари во оптек претставуваат обврска на НБРМ и се однесуваат на готовите пари во оптек кои ги држат небанкарските субјекти. Готовината во благајна се однесува на готовите пари во благајна на депозитните банки. Сметките на банките кај НБРМ се однесуваат на сметките на депозитните банки кај НБРМ (вклучително и на штедилниците), во чии рамки влегува и депонираната задолжителна резерва (во денари и во странска валута) на банките кај НБРМ (вклучително и на штедилниците). Задолжителната резерва се пресметува по утврдени стапки на задолжителна резерва кои се применуваат на просечната месечна состојба на соодветните депозити. Притоа, во примена е просечен систем на одржување на задолжителна резерва, според кој банките имаат можност да ги користат средствата на задолжителната резерва за одржување на дневната ликвидност најмногу до 80% од обврската. Податоците за готовите пари во оптек се преземаат од Дирекцијата за трезорско работење при НБРМ, додека податоците за дневната ликвидност на банките и штедилниците базираат на нивните дневни извештаи доставени до НБРМ.

**Аукциите на благајнички записи** претставуваат основен инструмент на монетарната политика на НБРМ, кој се користи за регулирање на глобалното ниво на ликвидност и каматните стапки во банкарскиот систем, како и за сигнализирање на насоките на монетарната политика. За првпат се воведени во февруари 1994 година и по дефиниција се наменети за повлекување на ликвидност од банкарскиот систем. Интервенциите со овој инструмент, чија рочност изнесува 28 дена, се вршат преку спроведување на аукции кои можат да бидат организирани како "тендер со износи" или "тендер со каматни стапки" (американски тип). Аукциите на благајнички записи се поставени на пазарна и флексибилна основа, што овозможува нивно постојано менување, со цел зголемување на нивната ефикасност и успешна реализација на поставените цели.

**Депозитите на државата** ги опфаќаат депозитните пари на државата во денари (трезорска сметка на државата и други буџетски фондови) и во странска валута (депозити за посебни намени на централно и локално ниво на државата и други депозити). Во рамки на денарските депозити на државата почнувајќи од март 2006 година се вклучени и паричните фондови мобилизирани преку емисија на **државни записи за монетарни цели**, кои се депонираат на посебна сметка. Имено, на 07.03.2006 година, НБРМ во соработка со Министерството за финансии започна со емисија на државни записи за монетарни цели со рок на достасување од три месеци. Државните записи за монетарни цели се издаваат на редовните аукции на државни хартии од вредност и ги имаат истите карактеристики како редовните државни хартии од вредност. Според Законот за јавен долг, државните записи за монетарни цели не се дел од јавниот долг, бидејќи се издаваат за потребите на монетарната политика. Воедно, државата нема право на располагање со повлечените средства преку издавање на државни записи за монетарни цели. Каматната стапка на државните записи за монетарни цели ја плаќа НБРМ, според просечната каматна стапка постигната на аукциите на тримесечни државни записи. За регулирање на меѓусебните односи, Министерството за финансии и НБРМ склучија Договор за државни записи за монетари цели.

**Девизните обврски** кон странство ги опфаќаат обврските на НБРМ кон нерезиденти врз основа на чекови и кредитни писма во девизи, како и обврските по искористени кредити од Меѓународниот Монетарен Фонд.

**Останатите обврски на НБРМ** ги опфаќаат: капитални сметки, одливи врз основа на камати - со секторска дистрибуција на одливите врз основа на достасана камата, неизвршени исплати врз основа на наплати во странство, привремени уплати, обврски кон Буџетот на државата, обврски кон добавувачи, обврски врз основа на девизни резерви, обврски по други основи и за останати намени, како и обврски за посебни намени и според посебни прописи и комисионите сметки.

**Табела бр.8 и 9 Биланс на депозитните банки и штедилници**

Билансот на депозитните банки и Билансот на штедилниците се изготвуваат врз основа на доставената сметководствена евиденција од страна на депозитните банки и штедилниците (КНБИФО) и претставуваат агрегирани биланси на средствата и обврските на сите депозитни банки и штедилници. Месечниот преглед на депозитните банки и штедилници се објавува на крајот на месецот и содржи податоци за претходниот месец. Билансот содржи податоци за побарувањата и обврските (носители на монетарните агрегати, согласно националната дефиниција) на банкарскиот сектор (со исклучок на НБРМ) кон останатите сектори во економијата, вклучувајќи го и секторот нерезиденти. Податоците се класифицирани во стандардизирани компоненти според сектори, финансиски инструменти и сметководствени принципи.

**А. Средствата во билансот на депозитните банки и штедилници** вклучуваат: ликвидни средства, депозити кајНБРМ, девизни средства, побарувања од државата и побарувања од нефинансискиот и небанкарски сектор и останати средства.

**Ликвидните средства** ги опфаќаат сметките на банките и штедилниците кај НБРМ (кои ја вклучуваат и нивната задолжителна резерва во денари депонирана кај НБРМ) и готовината во благајна.

**Депозитите на банките и штедилниците кај НБРМ** се однесуваат на ефектите од инструментите на монетарната политика (благајнички записи купени од НБРМ).

**Девизните средства** се однесуваат само на депозитните банки бидејќи штедилниците не се овластени за вршење на девизни работи и платен промет со странство и претставуваат побарувања од нерезиденти и вклучуваат: злато (злато во трезор на банка и злато депонирано во странство), девизи и чекови, девизни сметки во странство (редовни девизни сметки во странство и орочени девизни средства во странство), останати побарувања (побарувања врз основа на девизни ностро покриени акредитиви и гаранции и врз основа на одобрени кредити и достасани ненаплатени побарувања).

**Побарувањата на банките и штедилниците** се класифицирани според секторот на кој се однесуваат (побарувања од државата и побарувања од нефинансиски и небанкарски сектор). **Побарувањата од државата** се класифицирани според видот на: побарувања врз основа на одобрени кредити и побарувања врз основа на хартии од вредност. **Побарувања од нефинансискиот и небанкарскиот сектор** се класифицирани според валутата на денарски и девизни.

**Останатите средства на депозитните банки и штедилниците** опфаќаат меѓубанкарски побарувања, основни средства, пресметани недостасани и достасани камати, сомнителни и спорни побарувања врз основа на камата, надомести и провизии и останато. Меѓубанкарските побарувања ги опфаќаат интеракциите помеѓу банкарските институции, односно: кредити одобрени на други банки, депозити депонирани кај други банки, побарување од делови на банки, побарувања врз основа на емитирани хартии од вредност од страна на други банки или други финансиски институции, останати побарувања и достасани ненаплатени побарувања.

**Б. Обврските на депозитните банки и штедилниците** ги вклучуваат обврските што настануваат врз основа на: примени депозити, добиени кредити, емитирани хартии од вредност, капитални сметки и останати обврски.

**Депозитите** се диференцирани на: депозитни пари (жиро и тековни сметки само кај депозитните банки), депозити по видување, орочени депозити до една година, ограничени депозити и орочени депозити над една година.

**Кредитите** се однесуваат на средства кои само депозитните банки ги добиваат од небанкарски институции.

**Хартиите од вредност** се однесуваат на комерцијални хартии од вредност емитирани од страна на финансиските институции во функција на зајакнување на вкупниот финансиски потенцијал. Во банкарскиот систем на Република Македонија досега се емитирани само депозитни сертификати.

**Обврските кон државата** (се однесуваат само на депозитните банки бидејќи штедилниците не примаат депозити од сектор држава) кои ги опфаќаат депозитните пари, депозити по видување, орочени и ограничени депозити на државата.

**Обврските кон нерезиденти** (се однесуваат само на депозитните банки бидејќи штедилниците не се овластени за вршење на девизни работи и платен промет со странство) кои ги опфаќаат обврските врз основа на депозити, кредити или инструменти на надворешен платен промет.

**Позајмувањата од НБРМ** се однесуваат на кредити, купени депозити на аукција, останати обврски врз основа на примени аванси за откуп на ефективни странски валути, достасани неизмирени обврски.

**Капиталните сметки** го вклучуваат основачкиот капитал на банката (во паричен и непаричен облик), резервниот фонд на банката, посебни фондови (средства за заедничка потрошувачка), како и вкупните приходи и расходи на финансиската институција.

**Останатите обврски** вклучуваат: меѓубанкарски обврски (кредити земени од други банки, депозити депонирани од други банки, обврски кон делови на банки, обврски врз основа на емитирани хартии од вредност), одливи на средства врз основа на пресметана недостасана камата, достасана камата и останати одливи. Останатите обврски ги вклучуваат и комисионите сметки (активности на банката во име и за сметка на други). Воедно, категориите приходи, расходи, добивка за распределба и исправката на различни видови на билансни позиции имаат третман на останати обврски. Посебна категорија на обврски претставуваат обврските кон банки од поранешна СФРЈ, настанати пред монетарното осамостојување (26.04.1992 година), деноминирани во странска валута, врз основа на девизни жиро сметки на банки од поранешна СФРЈ.

**Табела бр.10 и 11 Монетарен преглед без и со опфатени штедилници**

Монетарниот преглед претставува консолидиран преглед на сметките на депозитните банки, штедилниците и НБРМ, при што ги покажува комбинираните средства и обврски на монетарниот систем во однос на небанкарските резидентни и нерезидентни субјекти. Монетарниот преглед се добива со соодветна рекласификација на ставките од прегледите на депозитните банки и НБРМ, во формат што ја олеснува анализата на монетарните движења. Основни извори за изработка на монетарниот преглед се прегледот на НБРМ и прегледите на депозитните банки и штедилниците.

Како консолидиран биланс на монетарниот систем претставува основа за негово континуирано следење. Истовремено, монетарниот преглед овозможува и анализа на интеракциите на основните макроекономски сектори: реалниот, фискалниот, екстерниот и монетарниот сектор.

Месечниот монетарен преглед се објавува на крајот на месецот и содржи податоци за претходниот месец.

Главни ставки во Монетарниот преглед се: Нето девизна актива, Нето домашна актива и Парична маса (монетарни агрегати), чии составни компоненти се претходно објаснети во рамки на Билансот на Народна банка на Република Македонија и Билансот на депозитните банки и штедилници (Табела бр.1 и Табела бр.2 и 3).

**Нето девизната актива** претставува разлика од девизните средства на НБРМ и депозитните банки и девизните обврски на НБРМ и депозитните банки. Сите девизни средства и обврски на НБРМ и депозитните банки се агрегирани и презентирани како нето девизна актива на монетарниот систем.

**Нето домашната актива** ги опфаќа домашните кредити и останатите ставки, нето, при што домашните кредити ги опфаќаат побарувањата на депозитните банки и штедилниците од државата и недржавниот сектор (домашни кредити од прегледот на депозитните банки) и побарувањата на НБРМ од државата на нето основа (нето позиција на државата кај НБРМ од прегледот на НБРМ). Останати ставки, нето ги опфаќаат сите ставки (на нето основа) од прегледот на НБРМ и прегледот на депозитните банки кои не се опфатени во другите компоненти од монетарниот преглед.

**Паричната маса** ги опфаќа различните дефиниции на парична маса, т.е. монетарните агрегати М1, М2 и М4. Притоа, при дефинирањето на монетарните агрегати земени се во предвид карактеристиките на финансиските инструменти (рочност, степен на ликвидност, мотиви за држење). Истовремено, со цел да се обезбеди меѓународна споредливост и компатибилност, методологијата што ја користи НБРМ е усогласена со меѓународните стандарди и критериуми за дефинирање на финансиските инструменти и сектори (емитенти и носители на парична маса).

**Монетарниот агрегат М1** претставува најтесна дефиниција на парична маса и ги опфаќа готовите пари во оптек и депозитните пари (тековни сметки, трансакциски депозити).

**Монетарниот агрегат М2** покрај готовите пари во оптек и депозитните пари (М1) ги вклучува и краткорочните депозитите на државниот и недржавниот сектор (дефинирани претходно).

**Монетарниот агрегат М4** претставува најширока дефиниција на парична маса и ги вклучува монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити на државниот и недржавниот сектор (дефинирани претходно).

**Табела бр.12 Кредити на недржавен сектор**

Кредитите кои депозитните банки ги одобруваат на недржавниот сектор се класифицирани од аспект на валутата: кредити во денари и во странска валута, од аспект на рочноста: краткорочни и долгорочни кредити и од аспект на подсекторот: кредити одобрени на население, претпријатија и останати подсектори.

**Кредитите на недржавен сектор во денари** опфаќаат кредити и пласмани во хартии од вредност (на претпријатијата, на населението и на други комитенти - единици на локална самоуправа, установи на јавен сектор), достасани ненаплатени побарувања врз основа на кредити и пласмани во хартии од вредност. Кредитите во денари ги вклучуваат и денарските кредити со девизна клаузула.

**Кредитите на недржавен сектор во странска валута** опфаќаат побарувања по кредити и хартии од вредност од претпријатија (врз основа на користени странски кредити, кредитни линии, депозити и др.), население, други комитенти, достасани ненаплатени побарувања по кредити и пласмани во странска валута од претпријатија, население и други комитенти.

**Табела бр.13 Монетарни агрегати и нивните компоненти**

Монетарните агрегати, како збир на финансиски инструменти класифицирани согласно степенот на нивната ликвидност, се дефинирани на начин компатибилен со меѓународно прифатените дефиниции и критериуми (согласно методологијата за монетарна и финансиска статистика на ММФ, базирана на Системот на национални сметки, 1993). Депозитите вклучени во монетарните агрегати се однесуват на следните сектори: нефинансиски правни лица, население, други финансиски институции, локалната власт и установите на јавниот сектор и други комитенти- непрофитни нефинансиски институции.

**Паричната маса М1** ги опфаќа готовите пари во оптек и депозитните пари. Притоа, депозитните пари се однесуваат на тековни сметки.

Готовите пари во оптек претставуваат разлика помеѓу вкупниот износ на печатени и ковани пари и износот на готови пари што се наоѓа во благајната на депозитните банки, во трезорот на НБРМ и во дисперзираните трезори.

**Паричната маса М2 (ликвидни средства)** ги вклучува монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити. Краткорочните депозитите се дефинирани како депозити во кои се опфатени: депозитите по видување, орочените депозити до една година, краткорочни обврски по издадени хартии од вредност и краткорочни кредити од небанкарски институции.

**Парична маса М4 (вкупен депозитен потенцијал на монетарниот систем),** ги вклучува монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити т.е. депозити орочени над 1 година, долгорочни хартии од вредност, долгорочни кредити добиени од небанкарски институции и ограничените депозити (депозити чија употреба е ограничена за одредена намена утврдена со пропис - наменети за покривање на отворени акредитиви во надворешниот платен промет, гаранции, банкарски дознаки и др.).

**Табела бр.14 Вкупни побарувања на депозитните банки**

Вкупните побарувања на банките се однесуваат на кредитите, пласманите во хартии од вредност, останати пласмани и достасаните ненаплатени побарувања врз основа на пласмани. Пласманите на депозитните банки се секторски, рочно и валутно декомпонирани. Согласно прифатените стандарди од областа на монетарната и финансиската статистика за консолидација т.е. исклучување на меѓусебните побарувања и обврски во рамките на еден сектор, пласманите ги исклучуваат меѓубанкарските побарувања.

**Побарувањата на депозитните банки од претпријатијата** се однесуваат на побарувања врз основа на кредити, хартии од вредност, останати пласмани и достасани ненаплатени побарувања. Депозитните банки одобруваат кредити од различни извори на средства: депозити, сопствени извори, странски кредити, добиени кредитни линии и останати извори. Побарувањата врз основа на хартии од вредност претставуваат побарувања по краткорочни хартии од вредност (чекови и меници) и побарувања по долгорочни хартии од вредност, односно учества или вложувања на банките во хартии од вредност на нефинансиски правни лица со право на управување и во приоритетни акции, како и специфични вложувања согласно Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуба. Побарувањата што ја сочинуваат категоријата останати пласмани се однесуваат на дадени аванси во девизи, побарувања врз основа на авали и гаранции, како и аванси во врска со редовното работење на банките. Достасаните, ненаплатени побарувања се диференцирани на достасани, ненаплатени побарувања врз основа на краткорочни и долгорочни кредити, како и сомнителни и спорни побарувања.

**Побарувањата на депозитните банки од населението** се однесуваат на побарувања врз основа на кредити, хартии од вредност и достасани ненаплатени побарувања, диференцирани по валута, рок и намена. Според намената, краткорочните кредити се дезагрегирани на: потрошувачки кредити, кредити за вршење на самостојна дејност (им се одобруваат на физичките лица кои вршат регистрирана дејност), контнокорентни кредити (рамковни кредити или негативно салдо на тековните сметки) и кредити за други намени. Долгорочните кредити, од

аспект на намената можат да бидат: кредити за станбена изградба, за деловен простор, за вршење на самостојна дејност и кредити за други намени.

**Побарувањата на депозитните банки од други комитенти - непрофитни и нефинансиски организации, локална власт и установи на јавен сектор** се однесуваат на побарувања по краткорочни и долгорочни кредити (кредити до и над една година) и побарувања по хартии од вредност. Побарувањата се категоризирани од аспект на нивната рочна и валутна структура, од аспект на видот (кредити, хартии од вредност, останати побарувања и достасани ненаплатени побарувања), како и од аспект на изворот на средства врз основа на кој се одобрени кредитите. Краткорочните кредити во странска валута се одобруваат со користење на средствата од примени странските кредити, врз основа на депозитниот потенцијал на банката врз основа на користени странски кредитни линии.Останатите побарувања на депозитните банки од други комитенти претставуваат побарување на банката по дадени авали на хартии од вредност и гаранции.

**Вкупните побарувања на депозитните банки од државата** се однесуваат на побарувања врз основа на кредити, хартии од вредност и достасани ненаплатени побарувања. Како извори на краткорочни кредити одобрени на државата се користат: странски кредити, кредитни линии, депозитниот потенцијал и останати извори.

Побарувањата од државата врз основа на хартии од вредност претставуваат побарувања врз основа на специфични хартии од вредност. Така, постојат следниве категории на побарувања врз основа на хартии од вредност:

1. Долгорочни пласмани во хартии од вредност во девизи на јавен сектор - согласно Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на Република Македонија, државата ги презеде побарувањата на Стопанска банка а.д. - Скопје од групација на фирми -загубари од билансот на банката, со состојба 31 декември 1999 година, за што на банката издаде долгорочни обврзници;
2. Побарувања од јавниот сектор врз основа на обврзници - инструменти за плаќање со рок за наплата над една година. Основа за емитирање на овие обврзници се побарувањата по замрзнатите девизни штедни влогови на населението. По распадот на СФРЈ, банките во Република Македонија завршија со побарувања кон НБЈ врз основа на редепонирани девизи и врз основа на негативни курсни разлики по кои банките добиваа гаранција од НБЈ. Согласно законската уредба, државата од билансите на банките го презеде побарувањата врз оваа основа и им издаде обврзници;
3. Побарувања по обврзници издадени од Агенцијата за санација на банка - станува збор за обврзници издадени од страна на Република Македонија врз основа на преземени побарувања од билансот на Стопанска банка во процесот на нејзината поединечна санација. Во функција на санација на најголемата банка и враќање на довербата во банкарскиот систем, државата ги презеде побарувањата по лоши пласмани на оваа банка.

**Табела бр.15 Вкупни обврски на депозитните банки**

Согласно доминантната класична депозитно-кредитна активност на банките во Република Македонија, **обврските на депозитните банки кон претпријатијата** вклучуваат депозити на нефинансиските правни лица и кредитите добиени од нефинансиските правни лица. Депозитите се дезагрегирани од аспект на нивната рочна, валутна и наменска структура. Кредитите се диференцирани согласно нивната валутна и рочна структура.

**Обврски на депозитните банки кон населението** вклучуваат тековни сметки, депозити по видување, орочени депозити (до три месеци, над три месеци, до една година и над една година) и ограничени депозити наменети за покривање на акредитиви во домашниот платен промет.

**Обврските на депозитните банки кон други комитенти-** непрофитни и нефинансиски организации, кон државата, кон други финансиски организации, како и обврските кон локална власт и установи на јавен сектор, соодветно. Станува збор за обврски врз основа на различни видови на депозити диференцирани согласно нивната рочна и валутна структура, како и обврски кон непрофитните и нефинансиските организации и кон останатите финансиски институции врз основа на хартии од вредност и краткорочни и долгорочни кредити.

**Табела бр.16 Преглед на каматните стапки на депозитните банки**

Врз основа на Извештај за пондерирани каматни стапки на примени депозити и дадени кредити, кои на редовна месечна основа депозитните банки ги доставуваат до НБРМ, се изготвува агрегиран преглед на Пондерирани каматни стапки на примени депозити и дадени кредити во денари и во девизи.

**Каматни стапки на денарски кредити** ги опфаќа: каматни стапки на денарски кредити без валутна клаузула и каматни стап ки на денарски кредити со валутна клаузула.

**Каматни стапки на денарски депозити** ги опфаќа: каматни стапки на денарски депозити без валутна клаузула и каматни стапки на денарски депозити со валутна клаузула.

Кај денарските кредити/депозити понатаму е извршена поделба според два критериума: секторска класификација и рочност. Според секторската класификација, извршена е поделба на: кредити/депозити кои се однесуваат на претпријатија, кредити/депозити кои се однесуваат на население. Според рочноста, поделба е извршена кај кредитите на: краткорочни и долгорочни; и кај депозитите на: депозити по видување, краткорочно и долгорочно орочени депозити.

**Девизните кредити/депозити** се класифицирани според три критериума: по сектор, по валута и по рочност. Според секторската класификација, извршена е поделба на: кредити/депозити кои се однесуваат на претпријатија, кредити/депозити кои се однесуваат на население. Според рочноста, поделба е извршена кај кредитите на: краткорочни и долгорочни; а кај депозитите на: депозити по видување, краткорочно орочени депозити и долгорочно орочени депозити. Според валутната класификација, извршена е поделба на: кредити/депозити одобрени во евра и одобрени во САД долари.

Каматните стапки на кредитите и депозитите искажани се во проценти на годишно ниво.

**Табела бр.17 Каматни стапки на Народна банка на Република Македонија**

1. Есконтна стапка е важечката каматна стапка во тековниот месец.

2. Каматната стапка на расположливиот кредит преку ноќ - ломбарден кредит е важечката каматна стапка во тековниот месец.

3. Каматната стапка на репо трансакции за обезбедување на ликвидност во банкарскиот систем се прикажува како просечна пондерирана каматна стапка остварена на аукциите во тој месец.

4. Каматната стапка на благајнички записи се прикажува како просечна пондериранаta каматна стапка остварена на аукциите со рок на достасување од 28 дена во тој месец. Каматната стапка е разграничена од аспект на типот на тендер кој може да биде: тендер со износи или тендер со каматни стапки.

5. Каматната стапка на репо трансакции за повлекување на ликвидност од банкарскиот систем се прикажува како просечна пондерирана каматна стапка остварена на аукциите во тој месец.

**Табела бр.18 Задолжителна резерва на банки и штедилници**

Банките и штедилниците издвојуваат задолжителната резерва врз основа на просечната состојба на депозитите во претходниот месец. Периодот на одржување на задолжителната резерва е од 11-ти во тековниот месец до 10-ти во наредниот месец. Исполнувањето на задолжителната резерва на банките во денари е на просечна основа, додека на задолжителната

резерва на штедилниците во денари и задолжителната резерва на банките во девизи е на фиксна основа.

**Табела бр.19 Каматни стапки на државни хартии од вредност**

Каматните стапки на државните хартии од вредност се прикажуваат како просечни пондерирани каматни стапки остварени на аукциите во соодветниот месец со определен рок на достасување.

## НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ И ДЕВИЗЕН СЕКТОР

### Табели бр.20-25 ПЛАТЕН БИЛАНС

Платниот биланс претставува статистички извештај за определен временски период, кој систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со остатокот од светот.

Согласно Законот за Народна банка на Република Македонија и прописите од доменот на девизното работење, Народна банка на Република Македонија (НБРМ) е одговорна за составување и следење на извршувањето на платниот биланс.

Платно-билансната статистика на Република Македонија во основа се подготвува во согласност со методологијата на Меѓународниот Монетарен Фонд (Прирачник за платен биланс, петто издание - ППБ). Податоците се објавуваат на месечна основа, во милиони евра и САД долари. Трансакциите деноминирани во други валути се конвертираат во евра и САД долари еквивалентно на девизниот курс на денот на трансакцијата.

Основни извори на податоци за извршувањето на платниот биланс се:

-единствениот царински документ (ЕЦД) за надворешно-трговската размена на Република Македонија;

-системот за известување за платниот промет на банките со странство (ППС);

-систем за известување за надворешниот долг (КЗ);

-банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО);

-месечни извештаи за промените и состојбите на сметките во странство на резидентите кои не се овластени банки и состојбата и прометот на евидентните сметки (месечни извештаи-МИ);

-дополнителни извештаи на НБРМ за менувачкото работење и за состојбата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;

-податоци од годишниот прашалник за странски директни инвестиции-ДИ 22.

### ПЛАТЕН БИЛАНС: ОДДЕЛНИ СТАВКИ

### ТЕКОВНА СМЕТКА

**Стоки**

Извор на податоци за надворешно-трговската размена на Република Македонија е царинската документација (ЕЦД), која се прибира од страна на Царинската Управа на Република Македонија, а се обработува и објавува од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗСРМ) и НБРМ.

ДЗСРМ согласно методологијата за евидентирање на надворешно-трговската размена во трговската статистика, ги објавува податоците за извозот на **ф.о.б.** основа, а за увозот на **ц.и.ф.** основа.

НБРМ согласно препораките на ППБ при евидентирање на стоките во платниот биланс врши прилагодување за опфат и класификација и тоа за:

-опфат: за вратените стоки и за фактурната вредност на извршената услуга за поправка на стоките;

-класификација: за **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот и доработките. Во платниот биланс извозот и увозот се прикажуваат на **ф.о.б.** основа, поради што е неопходно прилагодување на увозот **ц.и.ф.** за **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот. Во периодот од 1993 до 1997 година **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот е утврден врз основа на просечните меѓународно определени стапки за пресметка на овие трошоци. Од 1998 година наваму **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот се пресметува по утврдена методологија која се базира на податоците од ЕЦД за транспорт и осигурување на паритетите со дестинација во Република Македонија прилагодени на целокупниот увоз.

За пресметување на ставката увоз во пристанишни места, се користат податоци од месечните извештаи -МИ.

**Услуги**

***Транспорт:*** Податоците кои се однесуваат на транспортот се од платниот промет на банките со странство и месечните извештаи -МИ. Постои можност за дезагрегација по вид на транспорт ( воздушен, поморски, железнички и патен) и по категорија на услуги (превоз на стоки, патници и останато). Прилагодување се врши кај одливот на транспортни услуги (превоз на стоки) за делот од **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот кој се однесува на трошоците за превозни услуги извршени од нерезиденти.

***Туризам:*** Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и месечните извештаи -МИ.

***Останати услуги:*** Основен извор се податоците од платниот промет на банките со странство за извршените наплати од и плаќања кон нерезиденти по видови на услуги: телекомуникациони услуги, инвестициони работи, осигурување, деловни, владини и останати услуги. Прилагодување се врши кај одливот за осигурување за делот од **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот кој се однесува на трошоците за осигурување при превозот на стоки. Како дополнителен извор на податоци за одделните видови услуги се користат податоци од месечните извештаи -МИ.

**Доход**

Доходот како компонента на платниот биланс произлегува од: надомест за вработени (резиденти вработени кај нерезиденти и обратно) и доход од инвестиции. Доходот од инвестиции претставува капитална добивка од директните инвестиции, портфолио инвестициите и останатите инвестиции (дивиденди, камати на заеми и кредити и сл.).

***Доход од директни инвестиции:*** Во податоците се опфатени платените дивиденди и распределената добивка, како и реинвестираната и нераспределена добивка. Извор на податоци за платените/наплатени дивиденди е платниот промет на банките со странство. Извор на податоци за реинвестираната добивка за претходните години претставува годишниот прашалник за директни инвестиции, додека за тековната година се вршат проценки врз основа на податоците од претходните години.

***Доход од останати инвестиции:*** Во податоците се опфатени наплатените и платените камати на депозити, краткорочни, среднорочни и долгорочни заеми и кредити. Наплатените камати ги сочинуваат приливите на камати од девизните депозити на сметки во странство (каматата на официјалните девизни резерви и на девизните средства на банките). Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и извештаите на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви. Платените камати сеоднесуваат на доспеаните тековни обврски по камати за користени среднорочни и долгорочни странски заеми и кредити. Извор се податоците од КЗ кои задолжително се регистрираат во НБРМ.

**Тековни трансфери**

***Официјалните трансфери*** во најголем дел се однесуваат на парична и стокова помош добиена од влади на странски држави и меѓународни организации. Извор на податоци за паричните трансфери е платниот промет на банките со странство, а за стоковите трансфери царинската евиденција.

***Приватните трансфери*** ги сочинуваат: дознаките во и од странство на домашните физички лица, откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар и останатите трасфери

од кој најголем дел се рентите, пензиите, инвалиднините и др. Основен извор на податоци е платниот промет на банките со странство. Откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар согласно ППБ треба да се класифицира во капитално - финансиската сметка на платниот биланс. Меѓутоа, со оглед дека голем дел од овие средства потекнуваат од наплатите на резиденти од нерезиденти по дадени стоки и услуги (сива економија) и примени трансфери во ефективни странски пари, овие трансакции се евидентираат како дел од тековната сметка на платниот биланс (приватни трансфери).

**КАПИТАЛНА И ФИНАНСИСКА СМЕТКА**

**КАПИТАЛНА СМЕТКА**

Опфатени се капиталните трансфери за кои извор на податоци е платниот промет на банките со странство.

**ФИНАНСИСКА СМЕТКА**

**Директни инвестиции:** Директните инвестиции ги опфаќаат акционерскиот капитал, реинвестираната добивка и другиот капитал. Трговските кредити, долгорочните и краткорочните заеми помеѓу поврзаните субјекти се евидентираат во ставката друг капитал. Основен извор на податоци за претходните години е годишниот прашалник ДИ 22. Извор на податоци за паричните влогови е платниот промет на банките со странство, а за стоковите влогови царинските документи. За тековната година за реинвестираната добивка и за другиот капитал се вршат проценки врз основа на податоците за претходните години.

**Портфолио инвестиции:** Извор на податоци за портфолио инвестициите е платниот промет на банките со странство.

**Други инвестиции:**

***Трговски кредити:*** Трговските кредити (одобрени во странство и примени од странство) претставуваат разлика помеѓу физичката размена на стоките и наплатите односно плаќањата за истите. Податоците за трговските кредити како проценка се изведени од податоците за стоковната размена од царинските документи и извршените наплати и плаќања од платниот промет по основ на извоз и увоз на стоки. Доколку вредноста на физичкиот извоз е поголема од вредноста на наплатениот извоз, разликата се евидентира како одобрен трговски кредит (со негативен предзнак). Ако вредноста на увезената стока е поголема од плаќањето по основ на увоз на стоки, разликата се евидентира како примен трговски кредит (со позитивен предзнак). Како дополнителен извор на податоци се користат податоци од месечните извештаи -МИ.

***Заеми:*** Во категоријата заеми се прикажуваат користењата и обврските за отплата на главнина, по среднорочни и долгорочни заеми и кредити. Довтасаните, а неплатени обврски за главнина и камата се евидентираат во категоријата други инвестиции - друго. Податоците се базираат на извештаите за среднорочниот и долгорочниот јавен и приватен надворешен долг изготвени во НБРМ врз основа на КЗ кои задолжително се регистрираат во НБРМ.

***Валути и депозити:*** Податоците се однесуваат првенствено на промените на девизните средства и девизните обврски на банките. Извор на податоци се месечните банкарски извештаи - КНБИФО и платниот промет на банките со странство. Промените на девизните средства и обврски на банките се искажани со делумно исклучување на меѓувалутарните промени. Промените на девизните средства на населението ја опфаќаат нето положената ефектива на девизни сметки на граѓаните во банкарскиот систем намалена за увозот на стоки од физички лица. Извор на податоци за нето положената ефектива на девизни сметки е платниот промет на банките со странство, а за увозот на стоки од физички лица царинските декларации. Како дополнителен извор на податоци за валутите и депозитите на останатите сектори се користат податоци од месечните извештаи -МИ.

**Бруто официјални резерви:** Податоците се однесуваат на промените на состојбата на официјалните девизни резерви. Извор на податоци се извештаите на НБРМ за состојбата на девизните резерви пресметани по курс на денот на извештајниот период.

**Табели бр.26 и 27 Надворешно-трговска размена**

Извор на податоци за надворешно-трговската размена е ДЗСРМ. Податоците за стоковната размена на

Република Македонија со странство се подготвуваат согласно основните статистички стандарди, дефиниции и препораки на ООН за концептите и дефинициите на статистиката на надворешната трговија. Податоците за извозот се објавуваат на **ф.о.б.** а за увозот на **ц.и.ф.** основа.

**Табели бр.28 и 29 Состојба на странски директни инвестиции**

Начинот на пресметување и прикажување на странските директни инвестиции (СДИ) во меѓународни рамки се базира на методолошките препораки на Прирачникот на ММФ (Balance of Payments Manual-fifth edition, IMF 1993) и Прирачникот на OECD (OECD Benchmark Definition of Foreign Direct Investment-third edition, OECD 1996). Согласно овие препораки СДИ вклучуваат:

- сопственички капитал и реинвестирана добивка;
- побарувања од поврзаните претпријатија во странство;
- обврски кон поврзаните претпријатија во странство.

Реинвестираната добивка методолошки вклучува:

- дел од добивка распоредена во капитал;
- дел од добивка распоредена во резерви;
- дел од добивка распоредена за покривање на загуби од изминат период;
- нераспоредена добивка;
- непокриена загуба;
- загуба од претходен период, претворена во побарување од инвеститорот и
- добивка од претходен период, претворена во обврска кон инвеститорот.

Согласно Петтото издание на прирачникот од ММФ се препорачува како критериум да се користи минимално учество од 10% во капиталот или правото на глас. Според тоа дистинкција на директен и портфолио инвеститор се прави од аспект на процентот на поседувани акции и удели во претпријатието.

Методолошките постапки кои се применуваат во Република Македонија за пресметување на странските директни и портфолио инвестиции во потполност кореспондираат со методолошките постапки применувани од страна на земјите членки на ММФ и OECD.

Податоците за СДИ во Република Македонија се прикажани од аспект од земајта од каде потекнуваат и дејноста во која е инвестирано.

**Табели бр.30 и 31 Меѓународна инвестициона позиција**

Меѓународната инвестициона позиција претставува статистички извештај кој ја прикажува состојбата и структурата на финансиските побарувања (средства) на резидентите од нерезидентите и финансиските обврски на резидентите кон нерезидентите кои произлегуваат од нивното меѓусебно работење, на определен датум, вообичаено на последниот ден од годината.

Меѓународните финансиски средства на земјата ги сочинуваат директните и портфолио инвестициите на резидентите правни и физички лица во други земји вклучително и инвестициите во финансиски деривативи, останатите инвестиции на резидентите во странство во вид на одобрени заеми и кредити, девизните средства на резидентните банки кај странските комерцијални банки, како и официјалните девизни резерви. Меѓународните финансиски обврски

на земјата ги сочинуваат обврските по директните и портфолио инвестициите на нерезидентите правни и физички лица во земјата вклучително и инвестициите во финансиски деривативи, обврските по останатите инвестиции на нерезидентите во земјата во вид на користени заеми и кредити и обврските по депозитите на странските правни и физички лица кај резидентните банки.

Разликата помеѓу вкупните меѓународни финансиски средства и обврски ја дава нето меѓународната инвестициона позиција на една земја. Односно, нето меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија е разлика помеѓу инвестициите на резидентите кај нерезиденти (нејзините меѓународни средства) и инвестициите на нерезидентите кај резиденти (нејзините меѓународни обврски).

*Директните инвестиции* се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со правното лице во кое инвестира. Притоа, како критериум за дефинирање на директните инвестиции, согласно меѓународните препораки и стандарди, се користи минимално учество од 10% во капиталот или одлучувачко право на глас во правното лице во кое се инвестира. Директните инвестиции го вклучуваат акционерскиот капитал, реинвестираната добивка и долгот на меѓусебно поврзаните субјекти. Извор на податоци за директните инвестиции за составување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, се прашалниците - извештаите за состојбата и прометот на поврзаните субјекти кои до НБРМ на годишна основа ги доставуваат сите правни лица-резиденти за вложувањата во и од странство.

*Портфолио инвестициите* ги опфаќаат вложувањата во должнички хартии од вредност и во сопственички хартии од вредност, каде инвеститорот поседува помалку од 10% од акционерскиот капитал или нема одлучувачко право на глас. За составување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, извор на податоци за вложувањата во сопственички хартии од вредност се годишните прашалници - извештаи за состојбата и прометот на поврзаните субјекти, а за вложувањето во должнички хартии од вредност се користат податоците од платниот промет на деловните банки со странство (согласно Извештајниот систем за меѓународните трансакции), извештаите за работи со хартии од вредност од овластените учесници на Македонската берза, како и базата на податоци на Централниот депозитар на хартии од вредност. За пресметка на пазарната вредност на хартиите, се користат податоците за пазарните цени од Македонската берза на хартии од вредност.

*Останатите инвестиции* ги опфаќаат средствата и обврските врз основа на краткорочни и долгорочни финансиски и трговски кредити и заеми, валути и депозити и останати средства и обврски. Согласно Прирачникот за платен биланс на ММФ, под трговски кредити се подразбираат побарувањата и обврските кои произлегуваат од комерцијално работење на резидентите со странство (по основ на извоз/увоз на стоки и услуги, авансно плаќање и сл.). За составување на меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија, извор на податоци за трговските кредити се кварталните извештаи за побарувања и обврски по комерцијално работење на резидентите со странство (образец КИПО), а за финансиските кредити и заеми се користи кредитната евиденција со странство (образец КЗ и КО). Валутите и депозити ги опфаќаат депозитите кои резидентните банки ги држат во странство, односно обврските на резидентните банки кон нерезидентите. Извори на податоци за оваа ставка се месечните извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки и платниот промет на банките со странство.

**Табели бр.32-34 Бруто надворешен долг, Бруто надворешни побарувања и Нето надворешен долг**

**Општи методолошки објаснувања**

Евидентирањето и следењето на надворешниот долг го врши Народна банка на Република Македонија (во продолжение: Народна банка) како надлежна институција согласно Законот за Народна банка на Република Македонија и Законот за девизно работење.

Статистиката за надворешен долг во основа се изготвува согласно Прирачникот за статистика на надворешниот долг[45] (Прирачник).

***Бруто надворешен долг***

Бруто надворешен долг во даден момент е еднаков на износот на тековни и безусловни обврски кои бараат плаќања на главнина и/или камата од страна на должникот во некое идно време и кои се должат кон нерезиденти од страна на резидентите на една економија. Согласно ваквата дефиниција, бруто надворешниот долг претставува состојба на одреден ден на сите идни обврски на резидентите кон нерезидентите, што вклучува обврски по главнина, достасани неплатени обврски по главнина и камата, како и пресметана задоцнета камата, независно од видот на инструментот и рочноста.

***Бруто надворешни побарувања***

Бруто надворешните побарувања се состојба на сите тековни и безусловни побарувања по основ на должнички иструменти кои ги имаат резидентите од нерезиденти. Во основа, дефиницијата за бруто надворешните побарувања е идентична со дефиницијата за бруто надворешниот долг, со оглед на фактот дека дека побарувањата на една економија претставуваат долг на друга економија.

***Нето надворешен долг***

Нето надворешниот долг е дефиниран како разлика помеѓу состојбата на бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања. Нето надворешниот долг, во својата структура е идентичен со бруто надворешниот долг, при што стандардната презентација се состои од поделба по институционални сектори, рочност и инструменти на долг.

Согласно Прирачникот, поделбата на долгот се врши помеѓу четири основни институционални сектори во економијата, и тоа:

-државен сектор (вклучува јавна власт и нејзини агенции- владини единици на сите нивоа-централна, локална власт и социјални фондови);

-монетарна власт (централна банка или друга институција носител на монетарната власт);

-банкарски сектор (финансиски посредници кои вршат активности на прибирање на депозити и давање на кредити);

-останати сектори (небанкарски финансиски посредници, нефинансиски трговски друштва, домаќинства и непрофитни институции).

Понатаму, во рамките на секој сектор, извршено е разграничување по рочност, при што долгот се дели на краткорочен (со рок на доспевање до една година) и долгорочен (со рок на доспевање над една година).

На третото ниво, долгот се распределува по стандардни видови на инструменти, и тоа:

- трговски кредити (побарувања или обврски кои произлегуваат од директно одобрување на кредит од добавувач (испорачател) врз основа на промет на стоки и услуги, авансни плаќања од купувачот на стоки и услуги и изведување на работи);

- заеми (побарувања или обврски кои настануваат со директно позајмување на финансиски средства (пари) од страна на кредиторот на должникот врз основа на договор за кредит);

- должнички хартии од вредност (креирање на долг или побарувања преку емисија/купување на хартии од вредност како дел од портфолио инвестициите во земјата, со кои се тргува на организирани финансиски пазари, како и преку шалтер);

- валути и депозити (валутите се побарувања од централната банка која ги издала банкнотите и монетите, од страна на нерезиденти кои располагаат со истите. Обврските по основ на депозити се обврски на финансиските институции кои примаат депозити од нерезиденти, додека побарувањата по депозити настануваат врз основа на депонирани средства кај нерезидентни финансиски институции); и

- останато (останатите побарувања и обврски настануваат врз основа на должнички инструменти кои не се вклучени во претходните групи. Важна категорија во ставката останато се достасаните неплатени обврски/побарувања кои се третираат како краткорочни, бидејќи

[45] External Debt Statistics: Guide for compilers and Users, IMF, 2003

допеваат веднаш и се кумулатив на достасаните неплатени обврски/побарувања по сите претходно наведени инструменти).

Во рамките на нето надворешниот долг, посебно се прикажуваат нето обврските на меѓусебно поврзаните субјекти. Издвојувањето на побарувањата/обврските на меѓусебно поврзаните субјекти во рамки на нето надворешниот долг е значајно заради обезбедување на компатибилност и конзистентност со извештајот за меѓународната инвестициона позиција, каде овие обврски/побарувања на меѓусебно поврзаните субјекти се дел од категоријата директни инвестиции (останат капитал).

Од аспект на вреднувањето, согласно Прирачникот за сите инструменти се користи номиналната вредност, освен за должничките хартии од вредност, каде долгот се прикажува по пазарна вредност. Ова во целост е конзистентно со начинот на нивно прикажување во рамките на меѓународната инвестициона позиција на земјата.

Податоците за состојбата на долг, плановите на отплата, достасаните неплатени обврски и склучените кредитни работи се пресметуваат во извештајните валути по средниот курс на Народна Банка на датумот на пресек. Тековите по надворешниот долг, повлечените средства и отплатите се курсираат по средниот курс на Народна Банка на датумот на настанување на трансакциите.

Состојбата на надворешниот долг е резултат на повлекувањата на средства, намалени за вкупните отплати на главнина, зголемени за износите на капитализирана достасана неплатена камата и оценета задоцнета камата до датумот на пресек. Со оглед на фактот дека состојбите се курсираат по курс на крај на периодот, а тековите (повлекувања и отплати) со курс на денот на трансакцијата, разликата во состојбата на почетокот и крајот на периодот не одговара на нето промените од трансакции, туку истата ги вклучува и остварените курсни разлики.

**Извори на податоци и методологија за изготвување на нето надворешниот долг на Република Македонија**

***Извори на податоци за нето надворешен долг на државниот сектор:***

- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - во делот на должничките хартии од вредност издадени во странство и купени од нерезиденти се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (КЗ);

- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - во делот на должничките хартии од вредност издадени во земјата и купени од нерезиденти се користат податоци од: извештаите за работи со хартии од вредност (ИХВ), кои ги доставуваат овластените учесници на Македонската берза; од Централниот депозитар на хартии од вредност и од Македонската берза на хартии од вредност за утврдување на пазарната цена на хартиите од вредност. Во делот на бруто надворешниот долг, за тековната година, при пресметката на оваа ставка се користи состојбата на долг на крајот на претходната година и на неа се додадени нето движењата од платниот биланс во делот на портфолио инвестиции-должнички хартии од вредност.

- за категоријата заеми се користат податоци од: системот за известување за надворешниот долг (извештаи за кредитно задолжување КЗ) - кредитна евиденција која се води во НБРМ и која произлегува од поединечно евидентирање на обврските по одделни кредитни работи со сите основни елементи. Оваа евиденција овозможува добивање на податоци за состојбата на надворешниот долг, користењата, отплатите, износот на достасани неплатени обврски за одредена кредитна работа и сл.; и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО) - кредитната евиденција која се води во НБРМ и која произлегува од поединечно евидентирање на побарувањата по одделни кредитни работи со сите основни елементи. Оваа евиденција обезбедува податоци за состојбата на побарувањата, одобрувањата, наплатите, износот на достасани ненаплатени побарувања за одредена кредитна работа и сл.

***Извори на податоци за нето надворешен долг на секторот монетарна власт:***

- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;
- за категоријата валути и депозити - се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;
- за категоријата заеми - се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ).

***Извори на податоци за нето надворешен долг на секторот банки:***

- за категоријата заеми се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ) и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО);
- за категоријата валути и депозити се користат податоци од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО) - месечни извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки;
- за категоријата останати обврски се користат податоци за достасани неплатени обврски по категоријата заеми од системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ) и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО).

***Извори на податоци за нето надворешен долг на останатите сектори:***

- за категоријата заеми се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ) и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО);
- за категоријата валути и депозити се користат податоци од месечните извештаи за состојбата на редовните сметки на резидентите во странство (извештаи МИ);
- за категоријата краткорочни трговски кредити се користат податоци од кварталните извештаи за побарувања и обврски по комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО). Исклучок е направен за 2007 година, каде поради воведување на нов прашалник кој сеуште е во фаза на тестирање, податоците за состојбата на долгот и побарувањата од комерцијално работење се добиени со додавање на состојбата од крајот од 2006 година со податоците за трговските кредити од платниот биланс;
- за категоријата долгорочни трговски кредити се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ) и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО);
- за категоријата останати обврски се користат податоци за достасани неплатени обврски по категоријата заеми од системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ) и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО).

***Извори на податоци за нето надворешен долг на меѓусебно поврзани субјекти - директни инвестиции:***

- како основен извор на податоци за побарувањата и обврските на меѓусебно поврзаните субјекти се користат податоци од годишните прашалници - за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ДИ-22 и ДИ-11), кои ги доставуваат сите резиденти-правни лица за вложувањата во и од странство. За тековната година, во отсуство на податоци од основниот извор, како извори на податоци се користат: за заемите на меѓусебно поврзаните субјекти се користи системот за известување за надворешниот долг (кредитно задолжување КЗ) и системот за известување за надворешните побарувања (кредитно одобрување КО), каде постои можност за утврдување на меѓусебната поврзаност на кредиторите и должниците; и за трговските кредити на меѓусебно поврзаните субјекти податоците од кварталните извештаи за побарувања и обврски по комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО),од каде се проценува учеството на долгот/побарувањата на меѓусебно поврзани лица врз основа на застапеноста од претходните години.

Податоците за периодот 2004-2005 година се на годишна основа, додека почнувајќи од 2006 година истите се објавуваат на квартална основа во евра и САД долари.

**Табела бр.35 Девизни резерви**

Податоците се однесуваат на состојбата на девизните резерви и другите девизни средства на определен датум.

Девизните резерви како средства со кои располагаат и се контролирани од страна на монетарните власти, се состојат од: монетарно злато, специјални права на влечење (SDR-Special Drawing Rights), резервна позиција кај ММФ и девизи.

Одделните компоненти на девизните резерви се дефинирани целосно во согласност со методологијата на Меѓународниот монетарен фонд (Прирачник за платен биланс, петто издание).

Состојбата на девизните резерви се пресметува по средниот курс на НБРМ на денот за кој се објавуваат податоци.

**Монетарно злато**

***Злато*:** Категоријата монетарно злато го опфаќа златото со кое ракува НБРМ, а кое се состои од монетарно злато кое се наоѓа во трезорот на НБРМ, златни гранулати, монетарно злато депонирано во странски банки и монетарно злато на пат.

***Депозити во злато*:** Депозитите во злато го опфаќаат ороченото злато во странски банки на подолг временски период.

**Девизи**

***Депозити кај странски банки*:** Оваа категорија ги опфаќа девизните средства на ностро сметки кај странски банки, средства во странски банки кои служат како покритие за отворени акредитиви и гаранции, пласмани во субординирани депозити во странски валути кај нерезиденти, како и орочени девизни средства во странство.

***Ефектива во трезор*:** Ефективата во трезор ја сочинуваат ефективните средства за плаќање кои се наоѓаат во трезорот на НБРМ, чекови во девизи примени во благајна, чекови испратени за наплата во странство, како и чекови испратени за наплата кај домашни банки.

***Хартии од вредност*:** Во оваа категорија влегуваат девизните средства пласирани во должнички купонски и дисконтни хартии од вредност издадени или гарантирани од странски држави, централни банки, мултилатерални развојни банки и меѓународни финансиски институции, како и девизните средства пласирани во колатерализирани и агенциски обврзници.

**Други девизни средства**

Во оваа категорија се опфатени пласманите во субординирани депозити во странски валути кај нерезиденти, девизни средства во странски банки кои служат како колатерал за дадени гаранции, примени девизни средства на тековните сметки на државата, како и пласмани во сопственички хартии од вредност издадени од нерезиденти (БИС-акции) во странска валута расположиви за продажба.

**Табели бр.36 и 37 Девизен курс на денарот- просек за периодот и на крајот од месецот**

Просечните годишни девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од просечните месечни девизни курсеви.

Просечните квартални девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од просечните месечни девизни курсеви од дадениот квартал.

Просечните месечни девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од средните дневни девизни курсеви.

Девизен курс на крајот на месецот е средниот дневен девизен курс од курсната листа на НБРМ за последниот ден од месецот.

**Табела бр.38 Индекси на ефективен девизен курс на денарот**

Реалниот ефективен девизен курс претставува индексен број кој се добива како количник од индексот на номиналниот ефективен девизен курс на денарот и индексот на релативните цени.

Индексот на номиналниот ефективен девизен курс (НЕДК) на денарот се пресметува како пондерирана геометриска средина од билатералните просечни месечни девизни курсеви на 12 поголеми надворешнотрговски партнери на Република Македонија (Австрија, Бугарија, Хрватска, Германија, Грција, Италија, Холандија, Русија, Словенија, Турција, САД и Србија) со базен период 2003=100 и пондери базирани на надворешнотрговската размена во 2006 година.

Индексот на релативни цени е однос помеѓу просечниот пондериран индекс од индексите на странски цени на земји што кореспондираат со изборот на земји чии валути се користат при пресметката на НЕДК на денарот и индексот на домашни цени, со базен период 2003=100 и пондери базирани на надворешнотрговската размена во 2006 година. Притоа, како дефлатори се користат индексот на потрошувачки цени (CPI), индексот на производители на индустриски производи (PPI) и индексот на трошоци на работна сила по единица производ (ULC).